Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

---

# ШЕСТИ ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА
# РЕВИДИРАНАТА ЕВРОПСКА СОЦИЈАЛНА
# ПОВЕЛБА

**поднесен од страна на**

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**( за членовите 7, 8, 16, 17, 19 и 27 )**

---

Скопје, октомври 2018 година

# С О Д Р Ж И Н А

*ПРЕДГОВОР* ........ *3*

**ЧЛЕН 7 - Право на заштита на децата и младинците** ........ **4**
*Член 7§1* ........ *4*
*Член 7§2* ........ *7*
*Член 7§3* ........ *8*
*Член 7§4* ........ *11*
*Член 7§6* ........ *14*
*Член 7§7* ........ *16*
*Член 7§8* ........ *17*
*Член 7§9* ........ *18*
*Член 7§10* ........ *20*

**ЧЛЕН 8 - Право на работничките на заштита на мајчинството** ........ **31**
*Член 8§1* ........ *31*
*Член 8§2* ........ *35*
*Член 8§3* ........ *38*
*Член 8§4* ........ *39*
*Член 8§5* ........ *41*

**ЧЛЕН 16 – Право на семејство на социјална, правна и економска заштита** ........ **43**

**ЧЛЕН 17 – Право на децата и младинците на социјална, правна и економска заштита** ........ **57**
*Член 17§1* ........ *57*
*Член 17§2* ........ *72*

**ЧЛЕН 19 – Право на работниците мигранти и на нивните семејства на заштита и помош** ........ **88**
*Член 19§1* ........ *88*
*Член 19§5* ........ *98*
*Член 19§6* ........ *100*
*Член 19§8* ........ *102*

**ЧЛЕН 27 – Право на работниците со семејни обврски на еднакви можности и еднаков третман** ........ **105**
*Член 27§3* ........ *105*

**ПРЕДГОВОР**

**Република Македонија на 6 јануари 2012 година ја ратификуваше Ревидираната Европска социјална повелба.**

**Во согласност со Членот Ц и Членот 21 од Делот IV од Повелбата, Република Македонија го поднесува својот шести Извештај за имплементацијата на ратификуваните одредби од Ревидираната Европска социјална повелба (1996).**

**Извештајот е подготвен согласно новиот систем на известување, усвоен од страна на *Комитетот на министри* на Советот на Европа, кој се применува од 31 октомври 2007 година.**

**Овој Извештај содржи релевантни информации и податоци за имплементацијата на превземените обврски на Република Македонија по членовите од тематската група *„Деца, семејства и мигранти“* и тоа:**

- Член 7 (ставови 1, 2, 3, 4, 6, 7, 8, 9 и 10);
- Член 8 (ставови 1 - 5);
- Член 16;
- Член 17 (ставови 1 - 2);
- Член 19 (ставови 1, 5, 6 и 8);
- Член 27 (став 3).

**Референтниот период на овој Извештај е од 1.1.2014 до 31.12.2017 година.**

Во согласност со членот 23 од Делот 4 од Ревидираната Европска социјална повелба, копии од подготвениот Извештај се доставени до релевантните национални организации на работодавачи и синдикати и тоа до:

- ***Сојузот на Синдикатите на Македонија;***
- ***Конфедерација на слободни синдикати на Македонија;***
- ***Организација на работодавачи на Македонија.***

Покрај тоа, целосниот подготвен предлог-текст на **Извештајот за имплементацијата на ревидираната Европска социјална повелба, пред неговото доставување до Владата на Република Македонија, беше разгледан, дискутиран и едногласно усвоен на седница на Економско социјалниот совет (ЕСС) која се одржа на 19 ноември 2018 година**.

**Извештајот е разгледан и усвоен од страна на Владата на Република Македонија на 107$^{та}$ седница, одржана на 11 декември 2018 година.**

## ЧЛЕН 7 - Право на заштита на децата и младинците

**Член 7§1**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на заштита на децата и младинците, страните-договорнички се обврзуваат да утврдат дека минималната возраст за вработување изнесува 15 години, со тоа што исклучоци, сепак, се дозволени за деца вработени на определени лесни работи без ризик по нивното здравје, нивниот морал или нивното школување.

Иако измените кои сакаме да ги потенцираме во овој Извештај се усвоени надвор од референтниот период на Извештајот, сепак сметаме дека по својата природа и содржина тие се особено значајни и Европскиот Комитет за социјални права (ECSR) треба да ги има во предвид при оваа последна оценка на состојбата во Република Македонија по однос на оваа конкретна одредба од Повелбата (т.е. Член 7 - став 1). Ова е исто така значајно и од причина што моменталниот наод на Европскиот Комитет за социјални права е дека состојбата во Република Македонија **не е во согласност со по членот 7/став 1** од Повелбата[1] затоа што смета дека дозволеното дневно и неделно „работно време" за деца на возраст под 15 години е премногу долго и според тоа не може да се квалификува како „лесна работа".

Имено, известуваме дека имајќи ги во предвид забелешките и наодот на неусогласеност на Комитетот, во 2018 година се направија измени и дополнувања на Законот за работните односи, објавени во „Службен весник на Република Македонија" бр. 120/2018 со кои се интервенира токму во делот на одредбите кои ја уредуваат „способноста за склучување на договор за вработување со младо лице под 18 години возраст" и времетраењето на работните часови и часовите на одмор на деца под 18 годишна возраст.

Со овие измени, се менува ставот 2 од член 18 кој сега гласи: *„(2) Се забранува работа за дете под 15 години возраст или дете кое не завршило задолжително образование, освен за учество во активности кои со закон е утврдено дека може да ги извршува,* ***но не подолго од два часа дневно, односно не подолго од 12 часа неделно, а за време на училишен распуст не подолго од шест часа дневно, односно не подолго од 30 часа неделно, при што задолжително треба да му се обезбедат две непрекинати работни недели на одмор.***"

Со овие последни и најнови законски измени, сметаме дека соодветно се адресирани забелешките и наодите на Комитетот и со нив состојбата во Република Македонија во овој дел е подобрена и унапредена и е во духот на Европската социјална повелба, што очекуваме да биде потврдено и при следната оценка од страна на Европскиот комитет за социјални права.

Покрај горенаведените измени, со Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 129/2015 (во рамки на референтниот период на овој Извештај), се менува износот на глобите. Имено, согласно член 265, глоба во износ од 3,000 евра во

[1] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 6 - **Заклучок**

денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на работодавач-правно лице доколку склучи договор за вработување со лице кое не наполнило 15 години возраст и кое нема општа здравствена способност и доколку склучи договор за вработување и овозможи работа на младо лице спротивно на член 18 на овој закон. За истите прекршоци, на одговорното лице во правното лице, ќе му се изрече глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, додека пак глоба во износ од 300 до 450 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач-физичко лице.

Што се однесува до прашањата на Комитетот за тоа како службите за трудова инспекција ја следат работата што ја вршат младинците во неформалната економија, надвор од договорот за вработување[2], барањето за обезбедување на информации за активностите и наодите на Државниот инспекторат за труд во однос на следењето на забраната за вработување деца на возраст под 15 години и дали се исполнети условите за вклучување деца во лесна работа, како и информации во однос на откриените прекршувања и санкции применети во практика од страна на трудовата инспекција во врска со нелегалното вработување на деца[3], како и прашањето на Комитетот околу набљудувањето на извршената работа дома од страна на децата (помагањето дома)[4], информираме дека утврдувањето на постоење на прекршок согласно Законот за работните односи, во смисла на работа на лица под законски утврдениот возрасен минимум е надлежност на Државниот инспекторат за труд (ДИТ). Државниот инспекторат за труд врши редовни инспекциски надзори кај работодавачите од сите дејности, согласно програма за работа при што ги контролира договорите за вработување. Притоа, битно е да се напомене и дека не постојат инспектори коишто се специјализирани за заштита на детскиот труд, туку сите инспектори, на почетокот на вработувањето, добиваат соодветна обука за вршење на својата работа, а одат и на обуки за обновување на знаењата и свое усовршување. Во своето работење, при вршењето на инспекциските надзори, од кои некои од надзорите се по добиени претставки, а некои се ненајавени, **нема утврдено** постоење и злоупотреба на детски труд, т.е. нема затекнато работници помлади од 15 години. Во своето работење, Државниот инспекторат за труд внимава надзорот да биде и според ризични сектори и географски критични точки, а не само по добиени претставки.

Инспекторите на трудот, при контролите кај одредени работодавачи кои водат семејни бизниси, затекнуваат и деца кои како членови на семејството им помагаат во работата на повозрасните, меѓутоа истите не се регистрирани како да работат. Оваа појава е најчеста во занаетчиството и трговијата. Државниот инспекторат за труд има сознанија дека има појави и на деца кои како членови на семејствата, повремено работат (помагаат) и во индивидуалните земјоделски домаќинства.

---

[2] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 5.

[3] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 6.

[4] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 6.

Друго прашање, кое веруваме дека е битно да се спомене во овој контекст, е фактот што во своите коментари и наоди Европскиот комитет за социјални права, исто така изразува загриженост и за „појавата на детскиот труд во неформалната економија, вклучувајќи улично продавање на раскрсници, на улици и/или во ресторани". Се разбира, мора да се потенцира дека овие прашања се сосема поинакви од претходно дискутираните прашања (законски дозволено работно ангажирање на деца на возраст под 15 години, „лесна работа" и сл.). Овие прашања на заштита против детскиот труд во случаите на улично продавање, но исто така и појавата на просење/питачење и сл., главно потпаѓаат под Законот за заштита на децата, Законот за семејство, како и Законот за социјална заштита.

Во Република Македонија заштитата на децата односно заштитата од злоупотребата на детскиот труд (улично продавање, питачење и сл.) се регулира со прописите од областа на социјалната и детската заштита. Питачењето и друга злоупотреба на детскиот труд се смета за злоупотреба и грубо занемарување на вршењето на родителските должности и во Законот за семејство се прецизира постапувањето на Центарот за социјална работа во ваквите случаеви. Имено, во случаите, кога Центарот за социјална работа ќе утврди дека родителот го наведува детето на питачење или го користи детето за питачење, постојат повеќе активности и мерки кои ги превзема Центарот, т.е. социјалниот работник, но и други субјекти и институции.

Најпрвин му се укажува на родителот за недостатоците и пропустите во вршењето на родителското право, Центарот за социјална работа ќе донесе решение за постојан надзор над вршењето на родителското право и ќе спроведе стручно советодавна работа со родителите и со детето. Доколку родителот на детето не постапи по укажувањата на Центарот за социјална работа и повторно го наведува детето на питачење или го користи детето за питачење, тогаш Центарот за социјална работа, веднаш, времено го одзема детето од родителот, покренува постапка за одземање на родителското право пред надлежен суд и задолжително поднесува кривична пријава против родителот кој го злоупотребува и занемарува родителското право, обезбедува соодветно згрижување на детето и презема мерки за заштита на правата и интересите на малолетното дете, до донесувањето на конечната одлука на судот за одземање на родителското право.

*(Види и во Член 7/Став 10, во делот деца на улица)*

Во Министерството за труд и социјална политика постои и call-центар на којшто може да се пријави злоупотребата на детскиот труд и најголемиот број на јавувања и пријави на овој број се однесуваат токму на појавата на деца на улица, по кои случаеви понатаму постапува надлежниот Центар за социјална работа.

**Член 7§2**
Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на заштита на децата и младинците, страните-договорнички се обврзуваат да утврдат дека минимална возраст за вработување на одделни утврдени работни места кои се сметаат како опасни или штетни по здравјето изнесува 18 години.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, објавен во “Службен весник на Република Македонија” бр. 129/15 се менува износот на глобите. Имено, согласно член 265, глоба во износ од 3,000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач-правно лице ако на работниците коишто сеуште не наполниле 18 години возраст не им обезбеди посебна заштита согласно Законот (забрана за вршење на тешки физички работи, работа под вода, работа со извори на јонизирачки зрачења и др. работи кои можат штетно да влијаат на здравјето, право на одмор и пауза, забрана за ноќна работа, зголемен годишен одмор и работно време од 8 часа дневно). За истите прекршоци, на одговорното лице во правното лице, ќе му се изрече глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, додека пак глоба во износ од 300 до 450 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач-физичко лице.

Во однос на потсетувањето на Комитетот дека ситуацијата во пракса треба редовно да се надгледува и барањето во овој извештај да се обезбедат информации за активностите на трудовата инспекција, нејзините наоди и санкции кои се применуваат во врска со забраната за вработување на млади работници под 18 години во опасни и штетни работни места[5], информираме дека при редовните надзори на инспекторатот кај работодавачите не се затекнати на работа работници помлади од 15 години, и ниту инспекторатот има добиено претставка за работа на лица помлади од 15 години поради што и не се преземани мерки.

[5] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 7.

**Член 7§3**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на заштита на децата и младинците, страните-договорнички се обврзуваат да забранат лицата, кои се уште подлежат на задолжително образование, да бидат вработувани на работи коишто би ги лишиле од сите придобивки од нивното образование.

Како што е наведено погоре во Извештајот, во делот кој се однесува на Членот 7/став 1, имајќи ги предвид забелешките на Комитетот, во текот на 2018 година се направија и се усвоија измени и дополнувања на Законот за работните односи, објавени во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 120/2018 со кои се интервенира во делот на одредбите кои се однесуваат токму на склучувањето на договор за работа и времетраењето на работните часови и часовите на одмор на деца на возраст под 18 години.
Имено, се менува ставот 2 од членот 18 кој гласи: „(2) Се забранува работа за дете под 15 години возраст или дете кое не завршило задолжително образование, освен за учество во активности кои со закон е утврдено дека може да ги извршува, но не подолго од два часа дневно, односно не подолго од 12 часа неделно, а за време на училишен распуст не подолго од шест часа дневно, односно не подолго од 30 часа неделно, при што задолжително треба да му се обезбедат две непрекинати работни недели на одмор.”

Покрај овие измени, со Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, од 2015 година, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.129/15 се менува и износот на глобите, при што согласно член 265, глоба во износ од 3,000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач-правно лице доколку на склучи договор за вработување со лице кое не наполнило 15 години возраст и кое нема општа здравствена способност и доколку склучи договор за вработување и овозможи работа на младо лице спротивно на член 18 на овој закон. За истите прекршоци, на одговорното лице во правното лице, ќе му се изрече глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, додека пак глоба во износ од 300 до 450 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач-физичко лице.

Согласно Законот за средното образование и Законот за стручно образование и обука, средното образование се остварува преку планови и програми за:

- гимназиско образование;
- стручно образование;
- средно уметничко образование и
- средно образование за ученици со посебни образовни потреби.

Во стручно образование се запишуваат редовни и вонредни ученици кои завршиле основно образование. Јавното стручно образование може да биде од тригодишно и четиригодишно траење и специјалистичко образование. Во стручно оспособување до двегодишно траење се вклучуваат и лица без завршено основно образование, но непосредно со стручното оспособување се завршува и пропишаната програма за основно образование.

Средното стручно образование се организира во установи за стручно образование и обука кои меѓу другото имаат и обврска:

- да обезбедат безбедни работни услови во рамките на процесот на образованието и обуката;
- да вршат увид во реализацијата на договорите за обука и
- да им обезбедат на работодавачите навремени информации за тековните измени во наставните планови и програми.

Работодавачите вклучени во практичната обука имаат обврска:

- да ги постигнуваат целите за практична обука од наставните програми согласно со предвидениот фонд на часови;
- да склучуваат договор со установата за стручно образование и обука и со ученикот за реализација на практичната обука;
- да обезбедат надоместок за ученичката работа во согласност со условите пропишани со договорот и
- да обезбедат заштита при работа согласно со закон.

За периодот поминат на обука се склучува договор за обука меѓу установата за стручно образование и обука, работодавачот и ученикот, а за малолетен ученик договорот го потпишува родителот, односно старателот на ученикот.

Со договорот се уредуваат условите за обука, работата и надоместокот за работа. Пред започнувањето на практичната обука договорот треба да биде потпишан и запишан во регистарот на ученици што склучиле договори за практична обука со установата за стручно образование и обука и работодавачот

Коморите водат регистар на ученици што склучиле договори за практична обука со установата за стручно образование и обука и работодавачот.

Права на учениците во стручното образование и обука:

- да се префрлат од еден вид во друг вид на стручно образование и обука, односно од едно во друго ниво на стручни квалификации;
- за време на обуката да добиваат надоместок за работата кај работодавачот утврден во договорот;
- да користат летен и зимски одмор и
- да го раскинат договорот според условите утврдени во договорот.

Обврски на учениците во стручното образование и обука:

- редовно да ја посетуваат практичната обука и да ги исполнуваат работните обврски утврдени во договорот,
- за време на обуката да ги следат упатствата за работа на работодавачот и училиштето за време на практичната обука,
- да ја чуваат службената тајна на работодавачот,
- да ги почитуваат правилата за заштита при работа и
- да ги исполнуваат и другите обврски наведени во договорот.

Што се однесува до прашањето на Комитетот за тоа како надлежните органи ќе бидат сигурни дека децата кои сеуште посетуваат задолжително образование, за време на летните одмори користат две последователни недели ослободени од

секаква работа[6], информираме дека со спроведените инспекциски надзори од страна на Државниот инспекторат за труд, кај работодавачи кај кои работни активности вршат деца помлади од 18 годишна возраст, согласно Законот, се утврдува дали истите за време на летниот одмор, користат две последователни недели одмор.

Во врска со барањето на Комитетот за обезбедување на информации за активностите и наодите на трудовата инспекција или другите органи, вклучително и откриените прекршоци и применетите санкции во однос на работата/лесната работа што ја вршат деца кои сеуште се предмет на задолжително образование[7], информираме дека Државниот инспекторат за труд при редовните инспекциски надзори кај работодавачите во формалниот сектор нема констатирано прекршоци во однос на работа на деца кои се во задолжително образование.

---

[6] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 8.

[7] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 8.

**Член 7§4**
Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на заштита на децата и младинците, страните-договорнички се обврзуваат да го ограничат работното време на лицата помлади од 18 години во согласност со потребите за нивниот развој и особено со потребите за нивната стручна подготовка.

Во текот на извештајниот период не се направени други измени, освен погоре споменатите, во рамки на одговорот по однос на членот 7§1.

Во врска со барањето на Комитетот на ажурирани информации околу правилата кои се применуваат за периодите на одмор за младите лица на возраст под 18 години[8], информираме дека согласно член 174, став (2) од Законот за работните односи, работникот кој сè уште не наполнил 18 години возраст и работи најмалку четири и пол часа дневно, има право на пауза за време на работното време во траење од најмалку 30 минути. Работникот на возраст под 18 години има право на одмор од 16 последователни часови во текот на периодот од 24 часа. Согласно член 176 од истиот закон, работникот кој сè уште не наполнил 18 години возраст има право на годишен одмор зголемен за седум работни дена.

Што се однесува до прашањето на Комитетот околу тоа кои периоди на одмор се обезбедени за млади лица на возраст под 16 години, кои не се предмет на задолжително образование[9], информираме дека со членот 18 став (7), уредено е дека максималниот број на часови на работно време на младо лице на возраст под 16 години е 30 часа неделно, вклучително и во случај кога младото лице работи кај повеќе работодавачи истовремено. Според ставот 9 од истиот член, работното време на младо лице не смее да надминува осум часа во период од 24 часа.

Во врска со барањето на Комитетот за обезбедување информации за активностите на трудовата инспекција, нејзините наоди и санкции кои се применуваат во случај на прекршување на применливите правила за намалување на работното време на младите работници кои повеќе не се предмет на задолжително образование[10], информираме дека при редовните инспекциски надзори не се констатирани прекршувања на овие одредби, ниту инспекторатот има добиено претставка за прекршување на истите.

[8] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 10.
[9] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 10.
[10] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 10.

Во насока на стручната подготовка на лицата помлади од 18 години, кои се предмет на задолжително образование, информираме дека Законот за стручно образование и обука предвидува изведување на практична обука, која се реализира согласно наставните планови и наставните програми за секој образовен профил преку:

- Практична настава,
- Професионална практика и
- Феријална практика.

Бројот на часови за практична настава во текот на една недела е различен во секоја струка и образовен профил и се движи од 3 до 11 наставни часа.

Професионалната практика се реализира во неколку струки и вообичаено трае 10 дена.
По завршување на наставната година (по 10 јуни) за одредени струки е предвидено и реализација на феријална практика која се движи од 10 до 20 дена (на пр. во здравствена струка).
Наставните планови може да се преземат и од следниот линк.
http://www.csoo.edu.mk/images/stories/NastavniPlanovi/nastavniplanovi.pdf

Стручното образование и обука се остварува преку наставни планови и програми за:

1. Стручно оспособување наменето за работа со пониски барања кое дава практични знаења и вештини за различни подрачја на трудот. Во програмите за стручно оспособување можат да се вклучат ученици кои завршиле основно образование и оние кои немаат довршено основно образование, но со обврска напоредно со стручното оспособување да се стекнат и со основно образование. Стручното оспособување во зависност од сложеноста на занимањето трае до две години. Со завршувањето на стручното оспособување учениците се стекнуваат со I ниво на стручни квалификации. Учениците со завршено стручно оспособување од најмалку едногодишно траење своето образование можат да го продолжат во втора година во соодветно стручно образование за занимање.

2. Стручното образование за занимање е наменето за задоволување на потребите на стопанството. Во стручното образование за занимање во прва година можат да се запишат ученици со завршено основно образование. Стручното образование за занимање трае три години. Стручното образование за занимање се изведува во училиште за стручно образование и обука, а практичната обука се изведува во училиштето и кај работодавачот. Со завршувањето на средното стручно образование за занимање учениците се стекнуваат со II ниво на стручни квалификации. Учениците со завршено стручно образование за занимање своето образование можат да го продолжат во четврта година во техничкото образование или по најмалку три години работна пракса да се вклучат во програми за пост-средно стручно образование и обука (во натамошниот текст: пост-средно образование).

3. Техничкото образование е образование кое првенствено подготвува кадри за вработување во сите сфери на трудот, но и за продолжување на образованието. Во техничкото образование во прва година можат да се запишат ученици со завршено основно образование или со завршено стручно оспособување. Техничкото образование трае четири години. Со завршувањето на техничкото образование учениците се стекнуваат со III ниво на стручни квалификации. Учениците со завршено техничко образование своето образование можат да го продолжат и на постсредно образование врз основа на континуирани програми или по две години работно искуство. Учениците со завршено техничко образование своето образование можат да го продолжат на високо стручно образование. Учениците со завршено техничко образование, своето образование можат да го продолжат и на високообразовните установи, доколку се стекнат со државна матура.

4. Пост-средно образование и обука е образование кое финално подготвува кадри за определени професионални должности за одделни сегменти од процесот на трудот. Учениците по завршувањето на постсредното образование се стекнуваат со IV ниво на стручни квалификации. Учениците со завршено постсредно образование своето образование можат да го продолжат на високо стручно образование. Начинот и постапката за преминување од еден во друг вид на стручно образование ги пропишува министерот.

5. Образование на возрасните се остварува во установите за стручно образование и обука како интегрален дел на доживотното учење, кое ги поврзува одделните сегменти и облици на образованието во единствен систем. Начинот на остварувањето, планирањето, програмирањето, организирањето, управувањето и финансирањето на образованието на возрасните се уредува со посебен закон.

**Член 7§6**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на заштита на децата и младинците, страните-договорнички се обврзуваат да обезбедат часовите што младинците ги користат за стручна подготовка во текот на редовното работно време со согласност од работодавачот, да бидат сметани како составен дел на работниот ден.

Во извештајниот период не се направени законски измени во поглед на овој став.

Во однос на барањето на Комитетот за обезбедување на информации за бројот и природата на откриените прекршоци, како и санкциите наметнати од страна на Инспекторатот за труд во однос на вклучувањето на времето поминато во стручна обука во текот на нормалното работно време[11], информираме дека Инспекторатот нема констатирано прекршување на одредбите од законот кои се однесуваат на работното време за време на стручната обука за помладите работници.

Образованието за возрасни е регулирано со Закон за образование на возрасни и опфаќа формално, неформално и информално учење:

1. Формално образование на возрасните означува дејност која се изведува согласно законите кои ја регулираат дејноста основно, средно и високо образование, доколку со овој закон поинаку не е уредено. Формалното образование на возрасните е институционализирано образование кое се спроведува во државни и приватни установи и институции како редовно и вонредно образование, според соодветни наставни планови и програми.

Формалното образование на возрасните опфаќа:
- основно образование на возрасни,
- средно образование за возрасни, стручно оспособување, стручно образование за занимање, техничко образование и постсредно образование за возрасни, како и преквалификација и доквалификација и
- високо образование на возрасни.

Формално образование на возрасните се спроведува во согласност со законите кои ја уредуваат оваа дејност.

2. Неформално образование на возрасните означува организирани процеси на учење насочени за оспособување на возрасните за работа, за различни социјални активности или личен развој.

[11] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 11.

3. Информално учење на возрасните означува активности во кои возрасните ги прифаќаат ставовите и позитивните вредности, вештините и знаењата од секојдневните искуства и други влијанија од својата околина.

Образованието за возрасните, согласно со закон, можат да го вршат јавните и приватните установи за образование на возрасните, институциите за образование на возрасните, центрите за усовршување, работодавачите и социјалните партнери, здруженијата или индивидуалните обучувачи кои ги исполнуваат условите пропишани со закон.

Установа и институција за образование на возрасните може да реализира верификувани посебни програми за образование на возрасните, доколку има простор, опрема и кадар соодветен за реализација на тие програми, за што поднесува барање за верификација на установата или институцијата преку Центарот за образование на возрасните до Министерството за образование и наука.

**Член 7§7**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на заштита на децата и младинците, страните-договорнички се обврзуваат да утврдат минимум од четири недели платен годишен одмор на работниците помлади од 18 години.

Како што е веќе претходно наведено, со Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр. 129/15 се менува износот на глобите, при што согласно член 265, глоба во износ од 3,000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач-правно лице ако на работниците коишто сеуште не наполниле 18 години возраст не им обезбеди подолг одмор согласно Законот. За истиот прекршок, на одговорното лице во правното лице, ќе му се изрече глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, додека пак глоба во износ од 300 до 450 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач-физичко лице.

Во однос на барањето на Комитетот за обезбедување информации за активностите на трудовата инспекција во врска со платените годишни одмори на младите работници на возраст под 18 години[12], информираме дека според член 176 од Законот за работните односи работникот кој се уште не наполнил 18 години возраст има право на годишен одмор зголемен за седум работни дена.

Во извештајниот период Државниот инспекторат за труд нема добиено претставки од помлади работници да се жалат на необезбедување на овие права предвидени во законот.

---

[12] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 12.

**Член 7§8**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на заштита на децата и младинците, страните-договорнички се обврзуваат да забранат вработување на лица помлади од 18 години на ноќна работа, со исклучок на некои работни места утврдени со националните закони или други прописи.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 129/15 се менува износот на глобите. Имено, согласно член 265, глоба во износ од 3,000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач-правно лице ако на ноќна работа вработува работници коишто сеуште не наполниле 18 години возраст. За истиот прекршок, на одговорното лице во правното лице, ќе му се изрече глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, додека пак глоба во износ од 300 до 450 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач-физичко лице.

Во однос на барањето на Комитетот за обезбедување на информации за активностите на трудовата инспекција, нејзините наоди и применливи санкции во врска со можното незаконско вклучување во ноќна работа на млади работници на возраст под 18 години[13], информираме дека според член 175 од Законот за работните односи, работникот кој се уште не наполнил 18 години возраст не смее да работи ноќе меѓу 22:00 часот и 6:00 часот наредниот ден, освен во случај на виша сила.

При инспекциските надзори на работа ноќе не се затекнати работници кои се уште не наполниле 18 години возраст.

[13] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 13.

**Член 7§9**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на заштита на децата и младинците, страните-договорнички се обврзуваат да обезбедат, лицата помлади од 18 години, вработени на некои работни места, определени со националните закони или други прописи, да бидат задолжени на редовна лекарска контрола.

Во извештајниот период не се направени законски измени во поглед на овој став.

Според податоците од Државниот завод за статистика во периодот од 2011 до 2016 година во Република Македонија на пазарот на трудот само 0.2% од вкупно вработените лица во Република Македонија биле на возраст под 19 години (помалку од 1,500 лица), а останатите се опфатени со системот на средно образование.

Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените („Сл. Весник на РМ" 60/2013) ги пропишува видовите на здравствени прегледи (претходни, периодични, систематски и насочени прегледи) за сите вработени во Република Македонија. Овие прегледи ги вршат овластените установи за медицина на труд. Содржината на прегледите и периодите на нивното изведување се исти за сите вработени, независно од нивната возраст. Видот на прегледот и периодот на изведување зависи само од степенот на утврден професионален ризик на работното место и видот на професионалните штетности и опасности на кои се изложени работниците во текот на нивната работа.

Согласно Законот за евиденции во областа на здравството („Службен весник на РМ" бр. 20/2009) Институтот за јавно здравје на Република Македонија води евиденција на податоците за извршени прегледи само според видот на извршените прегледи, но не и според возраста. Според нивните податоци, во 2017 година се извршени вкупно 167,300 превентивни здравствени прегледи, од кои 111,464 се систематски прегледи, 45,689 периодични прегледи, 9,553 претходни и 594 насочени здравствени прегледи.

Според доставените извештаи во 2017 година, работните места, а соодветно на тоа и периодичните прегледи, се категоризирани во неколку групи и тоа:

• Работни места со зголемениот ризик поради постоење на специфични барања и оптеретувања;

• Работни места каде постои зголемен ризик поради присуство на физички штетности:

- Бучава;
- Неповолни микроклиматски услови;
- Општи вибрации;
- Локални вибрации;
- Јонизирачко зрачење;

• Работни места каде постои зголемен ризик поради изложеност на хемиски штетности:

- Метали и неметали;
- Органски соединенија;
    - Циклични и ациклични јаглеводородни соединенија
    - Пестициди
    - Винил хлорид

Останати материи

- Фиброгена прашина;
- Азбест;
- Канцерогени материи ;

• Работни места со зголемен ризик поради изложеност на биолошки штетности:

- изложеност на туберкулозен бацил;
- вируси на хепатит Б и/или Ц;
- изложеност на ХИВ/СИДА ;
- изложеност на други биолошки штетности;

• Посебни штетности и опасности

- работа на височина на 3+ метри
- работа под земја
- работа ноќе
- внатрешен транспорт
- управување со одговорни системи

Во следната табела се дадени податоци за извршените систематски прегледи на ученици и студенти во Република Македонија за периодот 2014-2017 година:

| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основни** | 67,304 | 72,432 | 62,794 | 60,701 | 263,231 |
| **Средни** | 33,242 | 37,631 | 25,470 | 22,729 | 119,072 |
| **Студенти** | 9,192 | 9,086 | 11,752 | 16,303 | 46,333 |
| **Вкупно** | **109,738** | **119,149** | **100,016** | **99,733** | **428,636** |

**Извор**: Министерство за здравство на Република Македонија

**Член 7§10**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на заштита на децата и младинците, страните-договорнички се обврзуваат да обезбедат посебна заштита од физички и морални опасности на кои се изложени децата и младинците, а особено од оние кои се непосредна или посредна последица од нивната работа.

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата донесен од Собранието на Република Македонија на седница одржана на 17 јануари 2014 година, (објавен во „Службен весник на Република Македонија“ број 12/2014 година од 22 јануари 2014 година) постојната одредба на ставот (3) од членот 12 „Државата и институциите на системот се должни да ги преземат сите потребни мерки за да ги обезбедат правата на детето и за спречување на сите облици на дискриминација и злоупотреба без оглед на местото каде што се извршени овие дејствија, тежината, интензитетот и нивното времетраење.“, се замени со нова одредба „Се забранува набавување или нудење на дроги, психотропни супстанции и прекурзори на дете под 18 години и се забрануваат секакви незаконски активности и злоупотреба на детскиот труд за производство и трговија со дроги, психотропни супстанции и прекурзори.“

Со оглед дека заштитата на децата од злоупотреба и занемарување бара мултисекторски пристап, со одлука на Владата на РМ, формирано е **Национално координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и занемарување** кое има за цел да го следи и координира спроведувањето на активностите за заштита на децата од злоупотреба и занемарување. Со Националното координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и занемарување претседава министерот за труд и социјална политика, а телото е составено од претставници на сите релевантни министерства, граѓански и меѓународни организации.

Во 2013 година беше донесен Национален акционен план за превенција и справување со злоупотреба и занемарување на деца 2013-2015 година, со оперативен план за негово спроведување за 2013 и 2014 година.

Донесен е заеднички протокол за постапување на институциите во случаи на откривање и третман на случаи на злоупотреба и занемарување на децата со цел да се обезбеди координирано постапување на институциите и да се заштитат интересите на децата.

Министерството за труд и социјална политика со поддршка на УНИЦЕФ и Европската комисија, а преку вклучување на граѓански организации спроведе повеќе активностите за заштита на децата од насилство и злоупотреба и тоа:

- Изработена е сеопфатна студија за насилството врз децата, која како глава цел има идентификување и проценка на државните механизми за одговор во превенција, идентификација, известување, упатување и заштита за случаи на насилство врз деца во системот за заштита на децата и давање препораки за зајакнување на системот за заштита на децата и подобрување на заштитата на децата-жртви на сите форми на насилство во Република Македонија. Препораките од оваа студија се земаат во предвид во процесот на креирање на политиките и идните активности кои се планираат во оваа област;
- Изработена е Компаративна анализа на законодавството посветена на заштита на децата од насилство;

- Развиен е систем за прибирање податоци за насилство врз деца, преку зголемување на капацитетот на институциите да ја следат состојбата на насилство врз деца. Во врска со оваа активност, во текот на 2017 година, се изработија „Индикатори за следење на состојбата со деца жртви“ за потребите на Националното координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и занемарување, кои ќе обезбедат унифициран модел и постапка за собирање и анализа на статистичките постапки со цел да се следи состојбата со деца жртви. Во креирање на индикаторите беа вклучени претставници од Центрите за социјална работа, Министерството за образование и наука, релевантни невладини организации, Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи. По наведените индикатори се собрани податоците од сите релевантни институции, изготвени се извештаи, а во тек е подготовка на завршениот извештај за констатираната состојба врз основа на добиените податоци;
- Пилотирање и надградување на моделот за меѓусекторски услуги;
- Во период ноември/декември 2017 година беа одржани четири дводневни обуки на тема „Тренинг на меѓусекторски тим (МСТ) за постапување при заштита на деца од злоупотреба и занемарување“. На овие четири обуки во четири градови (Скопје, Гостивар, Штип и Битола), учество земаа стручни лица од центрите за социјални работи и од други институции и граѓански организации кои нудат помош и поддршка на децата жртви. Во тек е организирање на вакви обуки уште во четири градови - Куманово, Велес Гевгелија и Охрид;
- Промовирана е кампања за позитивно родителство со цел зајакнување на родителските капацитети за воспитување на децата.

<u>Заштита од сексуална злоупотреба на деца</u>

Во Република Македонија видлива е повеќекратната општествена реакција за проблемот со сексуална злоупотреба на деца и педофилија и тоа на повеќе нивоа, опфаќајќи ги и жртвите и сторителите. Состојбите во оваа проблематика се следат, се идентификуваат недостатоците и се подобруваат, а за тоа говорат и законските измени во насока на воведување на регистарот, зголемување на затворските казни, како и воведување на психијатриски, медицински и фармаколошки третман за сторителите.

Со воведување на Посебниот регистар за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија се воспостави единствена евиденција и се создаде база на релевантни податоци кои може да се користат за следење на проблематиката, компарирање, основа за подобрување на законските решенија, како и за работа на полето на превенција од сексуална злоупотреба на децата. Тоа е мерка на безбедност пред се, за сите деца, имајќи го во вид правото на детето за безбедно и сигурно детство, како и сензибилизирање на целокупната јавност за оваа појава, подигнување на културно, социјалното и образовно ниво на граѓаните за препознавање на истата. На овој начин се врши примарна превенција во контекст на јакнење на јавната свест за можните последици, санкции и спречување на активностите на потенцијалните сторители. Од воведување на Регистарот (јуни 2012 година) до 2018, објавени се вкупно 236 лица.

Министерството за труд и социјална политика во рамките на своите обврски посветува посебно внимание на прашањата поврзани за помош и поддршка при реинтеграција на децата-жртви. Во процесот на реинтеграција се преземаат посебни мерки базирани на возраста и потребите на детето имајќи ги во предвид посебните физички, психички и социјални последици кои ги доживеало детето-жртва, како резултат на различни видови на злоупотреба. Процесот на реинтеграција вклучува услуги, во областите на социјална заштита и детска заштита, здравствена заштита, правна помош, образование, вработување и домување.
Услугите ги обезбедува Центарот за социјална работа, со поддршка на партнерски организации кои работат со децата-жртви. Периодот на реинтеграција е долготраен и мултиаспектен процес кој не е завршен додека детето-жртва не стане повторно активен член на општествениот живот.

Децата-жртви и сведоци имаат пристап до услуги за помош и поддршка, како што се финансиски, правни, советодавни, здравствени, социјални и образовни услуги, услуги за физичко и физиолошко закрепнување и сите други услуги потребни за реинтеграција на децата преку владини, доброволни или други организации. При помагањето на децата-жртви и сведоци, професионалците треба да го направат секој обид да ја координираат поддршката, со цел детето да не биде изложено на прекумерни интервенции.

Во однос на барањата на Комитетот (ECSR) за потврдување дека законодавствтото на РМ ги криминализира сите дефинирани активности на сексуална експлоатација на деца, за сите деца под 18 години, без оглед на пониската национална возраст за доброволно стапување во сексуални односи, а кои се однесуваат на делот на *Заштита од сексуална експлоатација (види „Заклучоци XX-4 (2015)“, стр.15.),* **информираме дека бараните информации во врска со овој дел веќе ги доставивме во рамки на Анексот кон Четвртиот Извештај за имплементација на Ревидираната Европска Социјална Повелба, доставен во јануари 2017 година, при што од страна на Комитетот веќе имаме добиено и позитивно оценување т.е., оценка и наод дека ситуацијата во нашата земја е во согласност со Член 7/став 10 од Повелбата.**

## Деца на улица

Заради зајакнување на родителската одговорност, во однос на децата на улица, во 2014 година направени се измени на Законот за семејство со кои се утврди дека наведувањето на детето на питачење или користење на детето за питачење ќе се смета за **злоупотреба и грубо занемарување на вршење на родителските должности** и се прецизира постапувањето на центарот за социјална работа. Злоупотребата и грубо занемарување на вршење на родителските должности пак е основ за одземање на родителското право на родителите.

Центрите за социјална работа во рамките на своите надлежности и компетенции, ја третираат проблематиката на деца на улица и нивните родители реализирајќи при тоа теренска, стручна, советодавна интердисциплинарна тимска работа, обезбедувајќи право на социјална заштита, вршат сместување на децата во згрижувачко семејство или во установа од социјална заштита и обезбедуваат други права и услуги во согласност со законот.

По однос на прашањето за мапирање на териториите каде што има идентификувано деца на улица, Министерството за труд и социјална политика во соработка со граѓански организации, а по пат на Јавен конкурс во 2017 и 2018 година имплементира проекти за социјална заштита на деца, за обезбедување на зајакната теренска работа за детектирање и работа со децата на самото место, како и зголемување на тимовите во воспоставените Дневни центри за деца на улица.

Согласно Законот за социјалана заштита, Дневните центри за деца на улица, обезбедуваат воспитно едукативни услуги, советувалишна работа со децата и членовите на нивните семејства, културно-забавни и рекреативни услуги и др.

Дневниот центар за деца на улица е место каде што децата поминуваат еден дел од денот, каде што се чувствуваат сигурни и згрижени. Со помош на стручните лица од дневниот центар тие добиваат можност за задоволување на нивните потреби, во зависност од индивидуалните карактеристики на секој поединец.
Основна улога на дневниот центар за деца на улица е отстранување на децата од улица и нивна инклузија односно вклучување во општеството преку усвојување на различни социјални вештини, како и работа со нивните родители и другите членови од семејството заради подигање на родителските вештини и свесноста од негативно влијание на улицата врз здравјето и животот на децата преку реализација на соодветни програмски активности.

На територијата на Град Скопје, Министерството за труд и социјална политика има отворено 2 дневни центри за деца на улица и тоа: Кисела Вода и Гази Баба. Овие дневни центри се организациона единица на Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа на Град Скопје. Исто така Министерството за труд и социјална политика ги финансира и програмските активности на Дневниот центар за деца на улица кој е менаџиран од страна на Здружението за заштита на правата на детето во Шуто Оризари (Скопје).

Во овие дневни центри дневно ротираат околу 90 деца на улица.

<u>Помош и поддршка на децата жртви на трговија со луѓе</u>

Во февруари 2014 година, со цел заокружување на рамката за ефикасна реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе, изработена е <u>Програмата за помош и поддршка при реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе</u> и направена е ревизија на <u>Програмата за помош и поддршка на деца жртви на трговија со луѓе</u>. Програмите се подготвени од работна група составена од претставници на Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за локална самоуправа, Заводот за социјални дејности, Центрите за социјална работа, Агенцијата за вработување на Република Македонија

и граѓански и меѓународни организации. Логистичката поддршка на оваа активност е овозможена преку Регионалната програма за социјална заштита и превенција на трговијата со луѓе на Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ), со ангажирање на двајца локални експерти.
Целта на овие програми е спроведување на активности кои ќе овозможат подобро физичко и психичко закрепнување, рехабилитација, ресоцијализација и социјална реинтеграција на децата/жртвите на трговија со луѓе.
Програмите овозможуваат пошироко разбирање за употребата на правните инструменти во процесот на реинтеграција, давајќи систематски преглед на законските одредби и други акти што се однесуваат на користење на услуги од страна на жртвите на трговијата, категоризирани како нивно право и што може да се употребат за остварување на правата во областа на: транспорт и безбедно сместување-домување, здравствена заштита, правна помош, социјална и детска заштита, образование и вработување.

Програмите се засновани врз потребите на жртвите и дизајнирани се како референтен материјал за практична примена, наменети за социјалните работници од Центрите за социјална работа и за нивна имплементација, во партнерство со другите релевантни институции и граѓанскиот сектор. Овие програми, претставуваат основа за изготвување на индивидуалниот план за реинтеграција на жртвата, во кој се определуваат целите, мерките и активностите што се преземаат за помош на жртвата и членовите на нејзиното семејство. Носителите на мерките и времето за нивно спроведување во индивидуалниот план за реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе, се изготвува од страна на стручниот тим од Центарот за социјална работа, одговорните лица од Центарот за жртви на трговија со луѓе и од Прифатниот центар за странци.
Програмите се финализирани на три јавни дебати кои се одржаа во Скопје, Пробиштип и Тетово.

Министерот за труд и социјална политика е носител на овие програми, во согласност со Стратегијата и Националниот акциски план за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција 2013-2016 година и истите ќе бидат составен дел од Стандардните оперативни процедури за постапување со жртвите на трговија со луѓе, усвоени од Владата на Република Македонија.
Повеќе информации и документи се достапни на следниот линк: http://www.mtsp.gov.mk/nacionalen-mehanizam-za-upatuvanje-na-zrtvi-na-trgovija-so-lugje.nspx

*Индикатори за идентификација на жртви на трговија со луѓе*

Министерството за труд и социјална политика, во насока на имплементација на Стратегијата и Националниот акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2013-2016 година, изработи индикатори за идентификација на жртвите на трговија со луѓе.
Индикаторите имаат за цел да ја подобрат идентификацијата на жртвите на трговија со луѓе и да се користат како практична алатка на службените лица од институциите и организациите, кои може да бидат во контакт со жртвите или потенцијални жртви на трговија со луѓе. Идентификацијата е сложен и долготраен

процес, во кој јасни се и оперативните индикатори кои ќе овозможат навремена идентификација на жртвите, помош во откривањето на кривичните дела, адекватна и ефикасна кривична постапка, упатување, добивање соодветна помош и поддршка на жртвите и нивно вклучување во програмите за реинтеграција.
Индикаторите за идентификација на жртвите на трговија со луѓе, се поделени во две групи: директни индикатори наменети за идентификација на жртвите и индиректни индикатори за идентификација на потенцијалните жртви. Директните индикатори се делат на општи и специфични индикатори, според видот на трговијата, но истите се разликуваат за возрасни лица и деца жртви на трговија со луѓе.
Преку индикаторите, се собираат информации за процесот на регрутацијата, транспортот, средствата кои се користени за лицето да биде злоупотребувано или експлоатирано, условите за работа, условите за живеење и престој, насилство, зависност, уцена, лична слобода, измама и плаќање (активности, средства и цели).
Во процесот на изработката на овие индикатори, учествуваа лица коишто имаат искуство и работат на откривање и идентификација на жртвите на трговија со луѓе.
Повеќе информации се достапни на http://www.mtsp.gov.mk/nacionalen-mehanizam-za-upatuvanje-na-zrtvi-na-trgovija-so-lugje.nspx

*Анализа за состојбата за идентификација и заштита на децата-жртви на трговија со луѓе*

За утврдување на практичното спроведување и имплементација на националната законска регулатива, од страна на одговорните субјекти на централно и локално ниво, утврдување на недостатоци и давање на заклучоци и препораки за поефикасна идентификација и заштита на жртвите на трговија со деца, Министерството за труд и социјална политика во соработка со Подгрупата за борба против трговијата со деца, изготви Анализа за состојбата со идентификацијата и заштитата на децата-жртви на трговија со луѓе.
Анализата претставува имплементација на Националниот акциски план за борба против трговија со деца 2013-2016 и спроведување на Оперативната програма за 2014 година на Подгрупата за борба против трговијата со деца.
Покрај домашните закони, политики и институционална поставеност и ратификуваните меѓународните договори, фокусот е ставен на Европската конвенција за борба против трговијата со луѓе и Директивата на Европската унија за борба против трговијата со луѓе 36/2011, како и на состојбата во пракса. Воедно, Анализата ги детектира слабостите и проблемите и дава препораки за унапредување и ефикасна идентификација и заштита на децата жртви на трговијата со луѓе.

*Градење на капацитети*

**- Обука за имплементација на програмите за ресоцијализација и реинтеграција**.
Со цел соодветна имплементација на „Програмата за помош и поддршка при реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе“ и „Програмата за помош и поддршка на деца-жртви на трговија со луѓе“, Министерството за труд и социјална политика организираше обуки во 4 општини (Кочани, Пробиштип, Куманово и Дебар), на кои учество земаа вкупно 60 лица - претставници на центрите за социјална работа,

полицијата, здравствените домови, локалната самоуправа и образованието. На обуките се дискутираше за потребните услуги и помош при реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе, нивната достапност и ресурсите со коишто се располага на локално ниво.

- **Обука на наставници**. Со цел јакнење на капацитетите на наставниците во училиштата во превенцијата од социјални ризици и трговија со луѓе, во соработка со Општинскиот центар за социјални услуги од Пробиштип и НВО Отворена Порта, одржана е обука за класните раководители и психолошко-педагошката служба во училиштата. Обуката е реализирана како резултат на спроведената анкета, преку која е согледана актуелноста на темата и неопходноста од утврдување на состојбата во училиштата.

- **Обука на стручни служби од јавните установи за социјална заштита за деца под ризик и за превенција од трговија со луѓе**. Во мај 2015 година Министерството за труд и социјална политика спроведе една дводневна обука за превенција и заштита на децата, наменета за вработените во 4 установи за социјална заштита (ЈУ Детски Дом „11 Октомври" - Скопје, ЈУ Завод за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци „Ранка Милановиќ" - Скопје, ЈУ за згрижување на деца со воспитно-социјални проблеми Скопје „25 Мај" и СОС Детско село). Обуката беше спроведена во соработка со Министерството за внатрешни работи, Заводот за социјални дејности, невладината организација „Отворена Порта" и ГИЗ. Вкупно 14 лица се обучени за индикаторите за идентификација на деца жртви на трговија и истите ќе бидат контакт лица и одговорни во нивните институции за оваа проблематика.

- **Базични и специјализирани обуки за полициски службеници, особено за инспекторите за малолетничка деликвенција за препознавање/идентификација и упатување на потенцијални жртви на трговија со луѓе/деца**. Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Националната комисија за борба против трговија со луѓе, Министерството за внатрешни работи, спроведе три еднодневни обуки за имплементација на индикатори за идентификација на жртви на трговија со луѓе. Обуките се одржани во текот на април 2015 година во Полициската академија – Идризово, со вкупно 75 учесници (полициски службеници и социјални работници).

- **Обука на згрижувачки семејства за директна помош и заштита на деца жртви на трговија со луѓе**. Министерството за труд и социјална политика спроведе и специјализирана обука за згрижувачки семејства, со цел надградба на капацитетите на државата во делот на развивање на алтернативни форми на заштита и овозможување на ресурси за згрижување на деца-жртви на трговија со луѓе по нивното идентификување, доколку не се сместени во Центарот за лица жртви на трговија со луѓе, но и по излегување од овој центар и нивно интегрирање во средината. Обуката се спроведе во соработка со Заводот за социјални дејности, како и здружението „За среќно детство" и поддршка на ГИЗ, при што беа обучени 9 згрижувачи од згрижувачки семејства од Скопје и Велес.

Во текот на 2016 година Министерството за труд и социјална политика во соработка со Мисијата на ОБСЕ, реализираше 2 обуки за 60 стручни лица (социјални работници од Центрите за социјална работа, социјални работници-волонтери од камповите „Винојуг“, „Табановце“, како и од Прифатниот центар за лица баратели на азил), во кои покрај теоретската обука, беше организирана и теренска обука за практична примена на Индикаторите за идентификација на жртви на трговија со луѓе. Стручните работници ги посетија наведените кампови и разговараа со жени-бегалци во насока на профилирање на жртвите на трговија со луѓе помеѓу бегалците. Овие активности се реализираа во текот на мај-септември 2016 год.

На 27 и 28 септември 2016 година во Струга се реализираше и дводневна обука за родовата димензија на трговијата со луѓе, наменета за полициски службеници, социјални работници и здруженија на граѓани, во организација на Здружението на млади правници и канцеларија на УН Жени во РМ.

Дополнително, родовиот концепт на трговијата со луѓе беше опфатен со една едукативна сесија и во обуките организирани од Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција со поддршка на ИОМ, за примена на Стандардните оперативни процедури за постапување со непридружувани деца–странци и ранливи категории лица-странци, како и за Општите индикатори за првична идентификација на претпоставени жртви на трговија со луѓе, во контекст на мешани миграциски движења во Република Македонија, одржани во октомври 2016 година.

Во согласност со Законот за бесплатна правна помош, жртвите на трговија со луѓе имаат право на бесплатна правна заштита. Во декември 2017 година добиена е листа на адвокати од Мисијата на ОБСЕ кои имаат направено обука на адвокати за бесплатна правна помош на жртвите на трговија со луѓе, во соработка со Здружението на млади правници. Истите добија специјализирана обука за застапување на жртви на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација, и тие се користат за застапување на жртвите.

* * *

Во поглед на барањето на Комитетот (ECSR) за целосни информации во однос на механизмите за надзор и санкциите за сексуална експлоатација на децата преку информатичките технологии и прашањето дали е предвиден закон или кодекс на однесување на провајдерите на интернет услуги со цел заштита на децата од ваков вид на злоупотреба[14], информираме дека со член 12 од Законот за заштита на децата „Се забрануваат сите облици на сексуално искористување и сексуална злоупотреба на децата (вознемирување, детска порнографија, детска проституција), насилно подведување, продажба или трговија со децата, психичко или физичко насилство и малтретирање, казнување или друго нечовечко постапување, сите видови на

---

[14] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 16.

експлоатација, комерцијално искористување и злоупотреба на децата со кои се кршат основните човекови слободи и права и правата на детето."

Во Република Македонија не е предвиден закон за поседување на посебен механизам наменет за надзор за сексуална експлоатација на децата преку интернет. Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при Министерството за внатрешни работи (МВР), во рамките на својата надлежност врши активни и проактивни истраги поврзани со пријавени кривични дела или оперативни информации поврзани со злоупотреба на деца преку интернет (чл.193: Прикажување на порнографски материјал на малолетник, Член 193-а: Производство и дистрибуција на детска порнографија, Член 193-б: Намамување на обљуба или друго полово дејствие на малолетник кој не наполнил 14 години).

Исто така Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика во рамките на својата надлежност има пристап и до базата на податоци на ICAC TASK FORCE PROGRAM. ICAC програмата е национална мрежа од 61 координирана работна група која претставува повеќе од 4,500 федерални, државни и локални агенции за спроведување на законот и обвинителства. Овие агенции континуирано се ангажираат во проактивни и реактивни истраги и гонења на лица вклучени во злоупотреба и експлоатација на деца, вклучително и на Интернет.

Во следната табела се статистички податоци за **кривични дела** и **сторители** по горенаведените членови од Кривичен законик на Република Македонија, за период 2014-2017 година:

| **Кривични дела од компјутерски криминал** | **2014** | | **2015** | | **2016** | | **2017** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | к | с | к | с | к | с | к | с | к | с |
| **Прикажување на порнографски материјал на дете - чл.193** | 6 | 8 | 3 | 3 | 8 | 5 | / | / | **17** | **16** |
| **Производство и дистрибуција на детска порнографија – чл.193-а** | 5 | 6 | 7 | 7 | 7 | 5 | 4 | 6 | **23** | **24** |
| **Намамување на обљуба или друго полово дејствие на малолетник кој не наполнил 14 години – чл.193-б** | / | / | / | / | / | / | 2 | 2 | **2** | **2** |
| **Вкупно** | **11** | **14** | **10** | **10** | **15** | **10** | **6** | **8** | **42** | **42** |

* К - Кривични дела
С - Сторители

Во врска со барањето информации на Комитетот околу спроведувањето на националните акциски планови за трговија со деца, како и статистички податоци во однос на идентификација на жртвите и гонење на сторителите[15], информираме дека Министерството за труд и социјална политика посветено работи на спроведување на четвртата Национална стратегија и акциски план за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција за периодот 2017 – 2020 година.

Во овој контекст Министерството за труд и социјална политика во согласност со приоритетните активности предвидени во реформскиот План 3-6-9 на Владата на Република Македонија, формираше мобилни тимови за идентификација на ранливи категории, вклучително и жртви на трговија со луѓе, во соработка со Министерството за внатрешни работи и здруженијата на граѓани во пет градови (Скопје, Битола, Гевгелија, Тетово, Куманово).

Овие тимови имаат за цел подобрување на идентификацијата преку проактивно дејствување во откривањето и спречувањето на трговијата со луѓе. Улогата на овие тимови е работа со ранливи категории на граѓани, вклучително и жртви на трговија со луѓе, идентификација на претпоставената жртва како жртва на трговија со луѓе, првично упатување и утврдување на идентитетот, рана проценка на ризикот, давање информации за можноста за вклучување на жртвата во програма за помош и поддршка и слично. За успешно функционирање на овие тимови спроведени се 3 работилници и изработена е Програма за работа која е донесена од двете надлежни министерства односно МТСП и МВР.

Исто така, во рамки на Хоризонталниот инструмент за соработка помеѓу Советот на Европа и Европската Унија во 2017, чија цел е поддршка на Југоисточна Европа и Турција во усогласувањето со европските стандарди, како и со *acquis* на Европската Унија во рамките на процесот за проширување, започнато е со спроведување на проект за борба против трговија со луѓе заради трудова експлоатација. Проектот е фокусиран на зајакнување на капацитетите пред сѐ на трудовите инспектори, како и на другите инволвирани национални актери во борбата против трговијата со луѓе. Подготвен е Водич за постапување на трудовите инспектори за идентификација на жртви на трговија со луѓе заради трудова експлоатација и спроведена е обука на обучувачи на трудовите инспектори, кои понатаму наученото го пренесоа на своите колеги.

---

[15] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 17.

Статистички податоци за идентификувани жртви на трговија со луѓе:

| | 2014 | | 2015 | | 2016 | | 2017 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | деца | возрасни | деца | возрасни | деца | возрасни | деца | возрасни |
| Домашни | 6 | 1 | 3 | / | 3 | 2 | 2 | / |
| Странски | / | 1 | / | 1 | / | 1 | / | / |
| **Вкупно** | **6** | **2** | **3** | **1** | **3** | **3** | **2** | **/** |
| **Вкупно жртви** | **8** | | **4** | | **6** | | **2** | |

**Извор**: Канцеларија на Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе

## ЧЛЕН 8 – Право на работничките на заштита на мајчинството

**Член 8§1**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на работничките на заштита на мајчинството, страните-договорнички се обврзуваат да им обезбедат на жените работнички, пред и по породувањето, отсуство од работа во вкупно траење од најмалку 14 недели, било како платено отсуство, било со соодветни надоместоци од социјалното осигурување или надоместоци од јавни фондови.

Во извештајниот период направени се измени и дополнувања на Законот за работните односи, објавени во „Службен весник на Република Македонија", бр.72/15, согласно кои работничка за време на бременост, раѓање и родителство има право на платено отсуство од работа во траење од девет месеца непрекинато, а доколку роди повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе) 15 месеци. Со ваквата измена се зголемува отсуството при раѓање на повеќе деца одеднаш, од 12 на 15 месеци.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, („Службен весник на Република Македонија" бр. 129/15) се менува износот на глобите. Имено, согласно член 265, глоба во износ од 3,000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач-правно лице ако на работничка, татко и посвоител на дете со потешки пречки во развојот не им обезбеди право на посебна заштита во согласност со овој закон, каде е вклучено и задолжителното отсуство пред и по породување, односно отсуството за бременост раѓање и родителство. За истиот прекршок, на одговорното лице во правното лице, ќе му се изрече глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, додека пак глоба во износ од 300 до 450 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач-физичко лице.

Во насока на заштитата на мајчинството, согласно членот 36 од Законот за заштита на децата, донесен од Собранието на Република Македонија на 12 февруари 2013 година, се обезбедува право на еднократна парична помош за новороденче, кое се обезбедува на семејството за прво новородено дете. За прво новородено дете се смета дете кое е прво живородено дете по ред на раѓање на мајката. За прво новородено дете ќе се сметаат и децата кога мајката при првото раѓање ќе роди повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе). За прво новородено дете ќе се смета и првото посвоено дете, како и кога ќе се посвојат повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе) при првото посвојување, на возраст на детето (децата) до една година.

Право на користење на еднократна парична помош за новороденче има еден од родителите, државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Република Македонија за дете родено на територијата на Република Македонија.

Висината на еднократната парична помош за новороденче изнесува 4,829 денари (околу 78€), кој износ се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика. Со преодна одредба од Законот (член 239) е утврдено дека во случај кога порастот на трошоците

на живот за претходната година се пониски од последната година на усогласување, или се со негативен предзнак, не се врши усогласување на висината на правата, односно истите ќе се обезбедуваат со последната усогласена година како поповолна за корисникот. Со измените на Законот за заштита на децата усвоени од Собранието на РМ во јануари 2014 година и објавени во „Службен весник на РМ“ бр.12/14, во основните одредби - во делот на правата за заштита на децата, со нов член 39-а е уредено дека во случај кога порастот на трошоците на живот за претходната година се пониски од последната година на усогласување, или се со негативен предзнак, не се врши усогласување на висината на правата, односно истите ќе се обезбедуваат со последната усогласена година како поповолна за корисникот.

Што се однесува до прашањето на Европскиот комитет за социјални права за тоа дали истиот режим во однос на правото на породилно отсуство важи за сите жени кои се вработени во јавниот како и во приватниот сектор[16], информираме дека законското решение кое се однесува на должината на отсуството и на задолжителното отсуство од работа за време на бременост раѓање и родителство, се однесува на сите вработени, без разлика дали работат во приватниот или јавниот сектор.

Во врска со прашањето на Комитетот дали при остварување на правото на надомест на плата на жените на породилно отсуство важи истиот режим и за жените вработени во јавниот сектор[17], информираме дека законодавецот не прави разлика помеѓу жените вработени во јавниот или приватниот сектор, односно сите жени се еднакви во остварувањето на правото на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство. Условите и критериумите за остварување на ова право се исти за секоја жена, односно условите се исти и за жените вработени во јавниот сектор.

Во делот на барањето на Комитетот (ECSR) за појаснување на критериумите за правото на надоместоци за време на бременост, и тоа дали прекините во евиденцијата на вработување се земаат предвид при пресметката на период на квалификација и дали надоместоците кои соодветствуваат на 100% од платата се исплаќаат во текот на целото породилно отсуство (односно до девет месеци или една година) или за поограничен временски период[18], информираме дека Законот за здравственото осигурување ги утврдува следните услови за остварување на правото на надоместок на плата за време на бременост, раѓање и мајчинство:

1. здравственото осигурување да траело најмалку 6 месеци непрекинато пред настапување на случајот;

---

[16] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 18.

[17] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 18.

[18] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 18.

2. придонесот за задолжително здравствено осигурување да е уплатуван редовно или со задоцнување од најмногу 60 дена;

3. оцената за привремена спреченост за работа ја дал избраниот лекар, односно лекарската комисија.

Прекинот на работниот однос за време на користење на правото на надоместок на плата согласно законската регулатива не влијае на понатамошно остварување на правото на надоместок на плата, до завршување на периодот на породилно отсуство. Значи, надоместокот на плата се исплаќа за целиот временски период.

Во однос на прашањето на Комитетот за тоа дали минималната стапка на надоместоци за време на бременост кореспондира со прагот на сиромаштија, дефиниран како 50% од средниот еквивалентен приход, пресметан врз основа на вредноста на прагот на опасност од сиромаштија на Еуростат[19], информираме дека Законот за здравствено осигурување покрај тоа што ги утврдува условите за остварување на правото на надоместок на плата (член 15), основицата за надоместокот на плата (член 16), ја утврдува и висината на надоместокот на плата за време на отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство (член 17):

(1) Висината на надоместокот на плата за време на привремена спреченост за работа ја определува работодавецот, односно Фондот со општ акт, но најмалку во висина од 70% од основицата за надоместокот на плата.

(2) По исклучок од став 1 на овој член висината на надоместокот на плата за време на привремената спреченост за работа предизвикана со повреда на работа, професионална болест, за време на давање крв, ткиво или орган, како и за време на отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство изнесува 100% од основицата на надоместокот на плата утврдена според член 16 на овој закон.

Во следната табела, согласно информациите добиени од Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија, прикажан е преглед на **минималните исплатени месечни износи на надоместоци по основ на породилно боледување**, соодветно по години и тоа:

| **Година** | **Основица по час** | **Износ за исплата** (ден.) |
|---|---|---|
| **2015** | 27.95 | 4,835 |
| **2016** | 30.98 | 5,360 |
| **2017** | 33.84 | 5,854 |

**Извор**: Фонд за здравствено осигурување на РМ

[19] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 18.

Во однос на делот поврзан со индикаторите за сиромаштија, Државниот завод за статистика на Република Македонија, прагот на сиромаштија го утврдува (дефинира) како 60% од медијалниот еквивалентен приход. Последните објавени податоци базирани на Анкетата за приходи и услови за живеење (SILC), се однесуваат на 2016 година.

За да одговориме на конкретното барање на Европскиот комитет за социјални права, во следната табела ги прикажуваме релевантните податоци објавени од страна на Државниот завод за статистика, како и наша пресметка за износот на средства (приход) кој одговара на 50% (и дополнително, на 40%) од медијалниот еквивалентен приход за самечко домаќинство:

| | Праг на сиромаштија за самечко домаќинство - Годишен еквивалентен приход **60%** од медиј. екв. приход * | Праг на сиромаштија за самечко домаќинство **- Месечен** еквивалентен приход **60%** од медиј. екв. приход ** | самечко домаќинство **50%** од медијален еквив. приход ** | самечко домаќинство **40%** од медијален еквив. приход ** |
|---|---|---|---|---|
| **2014** | 71,925 ден. | 5,994 ден. | **4,995 ден.** | 3,996 ден. |
| **2015** | 78,362 ден. | 6,530 ден. | **5,442 ден.** | 4,353 ден. |
| **2016** | 82,560 ден. | 6,880 ден. | **5,733 ден.** | 4,587 ден. |

*** Извор**: Државен завод за статистика, Анкета за приходи и услови за живеење (SILC)
****** МТСП - сопствени пресметки врз основа на податоците од ДЗС

**Член 8§2**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на работничките на заштита на мајчинството, страните-договорнички се обврзуваат да сметаат дека е незаконски кога работодавецот ќе даде известување за отпуштање од работа на жена за време на периодот откако таа го известила својот работодавец дека е бремена до крајот на нејзиното породилно отсуство или пак ако и даде известување за отпуштање со отказен рок кој истекува за време на породилното отсуство.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 129/15 се менува износот на глобите, при што согласно член 265, глоба во износ од 3,000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач-правно лице ако го откаже договорот за вработување спротивно на членот 101 од овој закон. Членот 101 од Законот за работни односи се однесува на „забрана на отказ поради бременост, раѓање и родителство". За истиот прекршок, на одговорното лице во правното лице, ќе му се изрече глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, додека пак глоба во износ од 300 до 450 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач-физичко лице.

Што се однесува до барањето на Комитетот за било какви релевантни примери од судска пракса, под кои услови вработената може да биде отпуштена од работа во текот на бременоста или породилното отсуство заради сериозно прекршување на договорните обврски[20], информираме дека во однос на судската пракса Министерството за труд и социјална политика има сознание за еден случај во 2016 година во кој Основниот суд - Скопје 2, на 3 март, донел пресуда со која утврдил дискриминација и нееднаков третман по основа на личен статус, семејна и брачна состојба, односно бременост со прекинување на работниот однос. Информациите се од Македонското здружение на млади правници (МЗМП) кои известија дека „Во конкретниот случај на тужителката, откако останала бремена, тужениот не ѝ го продолжил договорот за работа на определено време и донел решение за престанок на работниот однос. Судот утврдил дека тужениот имал однесување кај кое постои намера да се дискриминира тужителката поради бременоста".

Според судот, доколку тужителката не била бремена, работодавецот, како и претходно, ќе склучел со неа анекс-договор за вработување и таа сè уште ќе била во работен однос. Судот определил надомест на нематеријална штета. Од Здружението на млади правници велат дека ваквата одлука на Судот е од особено значење бидејќи првпат во Македонија е утврдена дискриминација по основа на бременост. Оттаму велат дека во последната година биле пријавени поголем број случаи на бремени жени на кои, откако го известиле работодавецот за својата состојба, не им бил продолжен договорот склучен на определено работно време.

[20] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 19.

Во поглед на барањето на Комитетот за тоа дали истиот режим се применува и за жените вработени во јавниот сектор во однос на забраната за отпуштање од работа[21], информираме дека истиот режим се применува за жените вработени и во јавниот и во приватниот сектор.

Што се однесува до барањето на Комитетот за детални информации во врска со применливите одредби кои се однесуваат на процедурите кои и се достапни на вработената за да оспори отпуштање од работа во текот на бременост или породилно отсуство и на кој начин таквите одредби се толкуваат во домашната судска пракса[22], информираме дека според Законот за работни односи, во однос на процедурите кои и се достапни на работничката за време на бременост или за време на породилно отсуство, не се разликуваат од процедурите кои му се достапни на секој работник кој смета дека договорот за вработување му е откажан незаконски.
Согласно член 101 став 4, забраната за отказ не се однесува на откажување на договорот за вработување поради потешки прекршувања на договорните обврски, односно поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски за кои се дава отказ без отказен рок, согласно закон и колективен договор.

Така, во случај на откажувањето на договорот за вработување без отказен рок, за време на бременост или за време на отсуство за бременост раѓање и родителство, Законот за работните односи во членот 91 предвидува можност за вложување на приговор од страна на работникот до органот на управување или работодавачот.
Приговорот се поднесува во рок од осум дена од денот на добивање на одлуката за откажување на договорот за вработување без отказен рок. Одлуката по приговорот се донесува во рок од осум дена од денот на поднесувањето на приговорот. Кога не е донесена одлука по приговорот и кога работникот не е задоволен со одлуката донесена по приговорот, има право да поведе спор пред надлежниот суд во рок од 15 дена. По барање на работникот синдикатот може да го застапува работникот во постапката по приговор.

Понатаму, согласно член 102 од Законот, ако судот донесе одлука со која е утврдено дека на работникот незаконски му престанал работниот однос, работникот има право да се врати на работа по правосилноста на одлуката, ако тоа го бара. Покрај враќањето на работа, работодавачот е должен на работникот да му ја исплати бруто платата која би ја земал кога би бил на работа, согласно со закон, колективен договор и договорот за вработување, намалена за износот на приходот кој работникот го остварил врз основа на работа, по престанокот на работниот однос. На овој начин, надоместокот е ограничен со висината на бруто-платата на работничката.
Работникот кој го оспорува отказот може да бара судот, привремено, до завршувањето на спорот, да нареди негово враќање на работа.

---

21 Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 19.

22 Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 19.

Ако судот со одлука утврди дека на работникот незаконски му престанал работниот однос, а за работникот не е прифатливо да остане во работен однос, судот на барање на работникот ќе го определи денот на престанокот на работниот однос и ќе му досуди надомест на штета.
За надомест на нематеријална штета, работничката исто така може да заведе спор пред надлежен суд. Овој режим се применува и кај вработените во јавниот и вработените во приватниот сектор.

Во извештајниот период до Инспекторатот за труд се доставени две барања од работодавачи за согласност за отказ на договорот за вработување на бремена жена. Во двата случаи инспекторатот нема дадено согласност, поради што и не се откажени договорите за вработување на работничките.

Во однос на поставените прашања на Комитетот во врска со *Член 8, став 2 – Незаконско отпуштање за време на породилно отсуство,* во делот *Надоместување во случај на незаконско отпуштање од работа,* како што се: Дали законот предвидува враќање на незаконско отпуштање од работа на работничките во текот на бременост или породилно отсуство? Дали истиот предвидува соодветен надоместок за таквите вработени, особено кога нивното повторно вработување не може да се реализира? Дали има ограничување на износот што може да се додели како надоместок на штета на вработената и доколку е така дали ова ограничување ги опфаќа и материјалната и нематеријалната оштета или жртвата исто така може да бара неограничена нематеријална оштета преку други правни можности (на пимер Законот за анти-дискриминација)? Дали двата типа на надоместок на штета се доделуваат од истите судови? Колку време во просек им е потребно на судовите да доделат надоместок на штета? Дали истиот принцип се применува за жените вработени во јавниот сектор?, **информираме дека бараните информации во врска со овој дел веќе ги доставивме во рамки на Анексот кон четвртиот Извештај за имплементација на Ревидираната Европска Социјална Повелба, доставен во јануари 2017 година, тие беа евалуаирани од страна на Комитетот, по што од страна на Европскиот комитет за социјални права веќе имаме добиено и позитивна оценка, т.е. наод и заклучок дека ситуацијата во нашата земја е во согласност со Член 8 / став 2 од Повелбата.**

**Член 8§3**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на работничките на заштита на мајчинството, страните-договорнички се обврзуваат да им обезбедат на мајките кои ги дојат своите новороденчиња доволни паузи наменети за таа цел.

Измените во однос на легислативата во рамките на референтниот период, се однесуваат на Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, објавен во „Службен весник на Република Македонија” бр. 129/15 со кој се менува износот на глобите. Имено, согласно член 265, глоба во износ од 3,000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач-правно лице ако на работничка не и обезбеди право на пауза за доење. За истиот прекршок, на одговорното лице во правното лице, ќе му се изрече глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, додека пак глоба во износ од 300 до 450 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач-физичко лице.

Во врска со барањето информации на Комитетот (ECSR) за тоа дали паузите за доење се дадени покрај редовните дневни паузи за одмор и каква е ситуацијата во однос на вработените со скратено (part-time) работно време, и дали правото за плаќање на паузите за доење се применува се додека детето не наполнило најмалку девет месеци[23], информираме дека платената пауза за доење на работничката и следува и покрај редовната дневна пауза за одмор. Плаќањето на истата е до наполнување на една година возраст на детето.

Согласно Членот 171 (Право на мајката доилка) од Законот за работни односи: „Работничката која го дои детето и по изминувањето на отсуството поради раѓање и родителство, ќе започне да работи со полно работно време, има право на платена пауза во текот на работното време, во траење од еден ипол час дневно, во кое време се засметува и дневната пауза. Тоа право го има работничката до наполнета една година возраст на детето.“

Во извештајниот период Државниот инспекторат за труд нема добиено претставки од работнички, кои се однесуваат на необезбедување на ова право.

---

[23] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 21.

**Член 8§4**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на работничките на заштита на мајчинството, страните-договорнички се обврзуваат да го регулираат вработувањето на ноќни работни места на жени во текот на бременоста, жени кои неодамна се породиле и жени кои ги дојат своите новороденчиња.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 129/15), се менува износот на глобите, при што согласно член 265, глоба во износ од 3,000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач-правно лице ако на работничка, татко и посвоител на дете со потешки пречки во развојот не им обезбеди право на посебна заштита во согласност со овој закон, каде е вклучена и забраната за ноќна работа во текот на бременоста и една година по пораѓањето. За истиот прекршок, на одговорното лице во правното лице, ќе му се изрече глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, додека пак глоба во износ од 300 до 450 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач-физичко лице.

Во врска со барањето на Комитетот за појаснување на тоа дали работничките се трансферираат на дневна работа и кои правила се применуваат ако таквото трансферирање не е можно да се реализира[24], информираме дека согласно член 3 од Правилникот за минимални барања за безбедност и здравје при работа на бремени работнички, работнички кои неодамна се породиле или дојат, за сите активности кои можат да вклучат специфичен ризик поврзан со изложеност на бремените работнички, работничките кои неодамна се породиле или дојат, работодавачот треба да:

- изврши проценка на ризиците за безбедноста и здравјето на бремената работничка во однос на негативното влијание врз здравјето на физичките, хемиските и биолошки штетни фактори и опасности на работно место што се поврзани со појава на болест и/или повреда на работа и нивните можни штетни влијанија врз бременоста и доењето на работничките, при што посебно ќе се земат во предвид опременоста и распоредот на работното место, природата и времетраењето на изложеноста на физичките, хемиските и биолошките фактори, видот, опсегот и начинот на користење на работните средства, постапките и организацијата на работа, нивото на стручна подготовка и обука;
- посебно треба да се процени влијанието на ноќната и прекувремената работа врз здравјето на бремената жена и плодот т.е. здравјето на детето во текот на доењето;
- да ги утврди превентивните и корективни мерки што треба да се преземат; и
- да ги информира работничките и нивните претставници за резултатите од извршената проценка на ризикот и за превентивните мерки и тоа пред распоредување, како и при секоја суштинска промена на работните услови.

[24] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 22.

Согласно член 4 од Правилникот за минимални барања за безбедност и здравје при работа на бремени работнички, работнички кои неодамна се породиле или дојат, доколку при проценката на ризикот на работното место се утврди постоење на ризик за здравјето на бремената работничка, бременоста или здравјето на нејзиното доенче што не може да се елиминира на друг начин, работодавачот ќе изврши промена на условите за работа или работното време.
Доколку промената на условите за работа или работното време е технички и/или објективно неизводлива, работодавачот работничката ќе ја распореди на друго соодветно работно место каде не постојат ризици за нејзиното здравје, плодот и доенчето.
Доколку распоредувањето на друго работно место е технички и/или објективно неизводливо, работодавачот ќе ја изземе работничката од нормалниот тек на работа за целиот период кој е потребен за заштита на нејзиното здравје и безбедност на работа, како и заштита на бременоста и здравјето на доенчето.

**Член 8§5**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на работничките на заштита на мајчинството, страните-договорнички се обврзуваат да забранат секое вработување на жени во текот на бременоста, жени кои неодамна се породиле и жени кои ги дојат своите новороденчиња на подземни работи во рудници, и на сите работни места што се несоодветни заради тоа што се опасни, штетни по здравјето или особено тешки, и да преземат соодветни мерки за заштита на правата од работен однос на овие жени.

Во однос на законски измени во текот на референтниот период, известуваме за Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 129/2015, со кој се менува износот на глобите, така што согласно член 265, глоба во износ од 3,000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач-правно лице ако на работничка, татко и посвоител на дете со потешки пречки во развојот не им обезбеди право на посебна заштита во согласност со овој закон, каде е вклучена и забраната за вршење на работи, ако тие со зголемена опасност влијаат на нејзиното здравје или здравјето на детето. За истиот прекршок, на одговорното лице во правното лице, ќе му се изрече глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, додека пак глоба во износ од 300 до 450 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач-физичко лице.

Што се однесува до барањето на Европскиот комитет за социјални права (ECSR) за појаснување на тоа дали забраните за изведување на било каква работа што би ги изложила на зголемена опасност по нивното здравје и здравјето на нивното дете се однесуваат само бремените жени или и на жени кои неодамна се породиле и жени кои дојат, и да се потврди дали истите одредби се применуваат и во приватниот и во јавниот сектор[25], информираме дека листата на штетни фактори и работни услови наведени во споменатиот **Правилник за заштита на бремени работнички и жени кои неодамна се породиле или дојат** се однесува и на бремените работнички и на работничките кои неодамна се породиле или дојат и истите одредби се применуваат на вработените и во приватниот и во јавниот сектор.

Во врска со барањето на Комитетот да се потврди дека нема кратење на плата поради промените на работните услови или префрлувањето во друго работно место и дека во случај на ослободување од работа поради бременост и породилно отсуство, жената на која се однесува ова има право на платено отсуство[26], информираме дека иако во легислативата не е експлицитно наведено дека при преместување на друго, безбедно работно место или во друго работно време, во случај на утврден ризик по здравјето на бремената работничка, работничката која неодамна се породила или дои ѝ следува истата плата, истото се подразбира и се спроведува, имајќи предвид дека ризиците за здравјето на работничката и детето потекнуваат од работното место, односно од страна на работодавачот.

[25] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 23.

[26] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 23.

Во однос на барањето на Комитетот да се потврди дека жените кои поради промената на работните услови биле префрлени на друго работно место го задржуваат правото да се вратат на својата претходна работа на крајот на нивниот заштитен период[27], информираме дека по престанување на ризиците поради кои работничката била преместена или по наполнување на една година возраст на детето, работничката се враќа на работното место и притоа, согласно член 164 став (2) од Законот за работните односи, на работничката која има дете од една до три години возраст може да и се наложи да врши прекувремена работа или работа ноќе, само по нејзина претходна писмена согласност.

Што се однесува до прашањето на Комитетот дали истиот режим се применува за жени кои се вработени во приватниот како и јавниот сектор[28], одговараме потврдно дека истиот режим се применува на вработените и во приватниот и во јавниот сектор.

[27] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 23.

[28] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 23.

**ЧЛЕН 16 - Право на семејството на социјална, правна и економска заштита**

**Член 16**
Со цел создавање на неопходни услови за целосен развој на семејството, како основна клетка на општеството, страните-договорнички се обврзуваат да ја унапредуваат економската, правната и социјалната заштита на семејниот живот, преку социјални и семејни додатоци, фискални олеснувања, поттикнување на изградбата на станови соодветни на потребите на семејствата, помош на млади семејства и други соодветни мерки.

**Социјална заштита на семејството**

*Домување за семејства*
Во врска со конкретното барање на информации од страна на Европскиот комитет за социјални права (ECSR) за правната заштита на лицата на кои им се заканува незаконско иселување, а во која мора да бидат вклучени: обврската да се консултираат засегнатите страни за да се најдат алтернативни решенија за иселувањето; обврската да се обезбеди навремено известување пред иселување; пристап до правни лекови; пристап до правна помош; и надоместок во случај на незаконско иселување, а со цел пристап до соодветно домување за семејствата[29], информираме за следново:

Со **Законот за домување** („Службен весник на Република Македонија“ број 99/2009, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16), се уредуваат видовите на објекти во домувањето, управувањето со станбените згради, односите меѓу сопствениците на посебните делови и трети лица, заедницата на сопствениците, евиденцијата на становите, закупничките односи во домувањето, начинот на управување и одржување на објектите, правата и обврските на Републиката, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во домувањето, инспекцискиот и управниот надзор и други прашања од областа на домувањето.

Што се однесува конкретно до домувањето на лицата во социјален ризик, нивните права, обврски, заштитата и сл., тие прашања Законот воглавно ги регулира во рамки на Глава VI - Закупнички односи (Дел 8: Непрофитно домување, член 91 до член 95), како и во Глава VIII - Субвенционирање на закупнини (член 98, член 98-а).

Најпрвин, во **членот 91** (ставови 1, 2, 3, 4 и 5) од Законот за домување, меѓу другото се утврдени категории на лица кои имаат право на непрофитно домување, според кои: „*Првенствено право за доделување на непрофитен стан под закуп имаат лица во социјален ризик кои во подрачјето на единиците на локалната самоуправа се процентуално најзастапени, како што се семејства со ниски приходи, млади лица кои посебно се истакнуваат во одделни области, млади брачни парови, самохрани родители, пензионери над 60 години возраст кои немаат стан во сопственост и други категории на лица во социјален ризик*“.

---
[29] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 24.

Понатаму во членот 93 се наведени карактеристиките на договорот за закуп за непрофитно домување, додека во **членот 94 (ставови 1, 2, 3 и 4)** се наведени условите под кои не може да се раскине договор за закуп со непрофитна закупнина, според кои:

„ (1) Закуподавачот на стан <u>не може да го раскине договорот</u> за закуп со непрофитна закупнина на закупецот кој престанал да ја плаќа закупнината и другите нужни трошоци на кои е обврзан според договорот, ако се исполнат следниве услови:

1) ако на закупецот или на некои од другите корисници на домувањето наведени во договорот за закуп му се случат вонредни околности на чие настанување не може и не можел да влијае;
2) повел постапка за остварување на право на субвенционирана закупнина во рок од 30 дена од денот на престанувањето на вонредните околности или постапка за остварување на право за постојана парична помош пред надлежните органи и
3) во истиот рок од точката 2 на овој став го известил закуподавачот.

(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на труд и социјална политика, на закупецот од ставот (1) на овој член кој нема право на субвенционирана закупнина или кој и покрај субвенцијата поради вонредните околности не можел да ја плати закупнината и другите нужни трошоци на кои е обврзан според договорот, може да му одобри вонредна помош при користење на станот.

(3) Во случај на постоење на околности што укажуваат на долготрајна неможност за плаќање на закупнината и другите нужни трошоци на кои закупецот е обврзан според договорот, органот на државната управа надлежен за работите од станбено-комуналната област ќе му понуди на закупецот друг вид соодветно сместување со непрофитна закупнина, доволно за задоволување на условите за минимално домување или пак во станбена зграда наменета за времено решавање на станбените потреби на лица во социјален ризик. Ако закупецот не одговори во рок од 30 дена од денот на приемот на писмената понуда, ќе се смета како лице кое користи стан без договор за закуп.

(4) Ако се утврди дека закупецот на непрофитен стан или неговиот брачен другар или лицето кое живее со закупецот во вонбрачна заедница, поседува сопствен стан подобен за минимално домување во местото на живеење или се стекне со таков во време на траење на закупот, закуподавачот може да го раскине договорот за закуп во секое време без отказен рок.“

Во **членот 98** (Глава VIII - Субвенционирање на закупнини) од Законот за домување, се уредува правото на субвенционирање на закупнина на закупец на пепрофитен стан, висината на субвенцијата, начинот и периодот на остварување на правото на субвенционирање и жалбени постапки. Во рамките на овој член е утврдено:

„(1) Право на субвенционирање на закупнина има закупец на непрофитен стан или единица за престој наменета за привремено решавање на станбените потреби на лица во социјален ризик, според прописите за социјална заштита.

(2) При утврдување на висината на субвенцијата на закупнината се зема предвид вкупниот приход на закупецот и корисниците на станот наведени во договорот за закуп, површината на станот определена во договорот за закуп, вкупниот број на корисници на станот, трошоците за редовно одржување на зградата.

(3) За основаноста на барањето за субвенционирање на закупнината и за висината на субвенцијата, одлучуваат со решение центрите за социјална работа.
(4) Против решението од ставот (3) на овој член закупецот има право на жалба до органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот и социјалната политика, во рок од 15 дена од приемот на одлуката.
(5) Правото на субвенционирање на закупнината може да се оствари за период од една година. Во случај на закупецот да му се зголеми висината на закупнината во текот на годината поради постапното зголемување на непрофитната закупнина или се промени бројот на лицата наведени во договорот за закуп, закупецот може да поднесе барање за нова пресметка на субвенцијата.
(6) Закуподавачот на станот ја намалува закупнината на закупецот во висина на одобрената субвенција. Висината на одобрената субвенција на закуподавачот му ја надоместува органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот и социјалната политика, согласно со годишна програма што ја донесува Владата на Република Македонија. Средствата за субвенционирана закупнина се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.
(7) По истекот на периодот за кој на закупецот му била одобрена субвенционирана закупнина може повторно да побара истата да му биде одобрена, доколку не се измениле околностите врз основа на кои субвенционираната закупнина му била одобрена.
(8) Начинот на остварување на правото на субвенционирање на закупнината и методологијата за пресметка на висината на субвенцијата, како и определување на вонредните околности за престанок на плаќање на закупнината и другите нужни трошоци, ги пропишува Владата на Република Македонија на предлог на министерот надлежен за работите на труд и социјалната политика.“

Законот за домување е достапен на следниот линк:
http://www.mtc.gov.mk/media/files/PTV_Zakon_za_domuvanje_38_21032012.pdf

* * *

Во однос на барањето на Комитетот (ECSR) за обезбедување на информации за резултатите од преземените мерки за социјално домување на семејства со ниски приходи[30], информираме дека имплементацијата на Програмата за изградба и одржување на станови сопственост на Република Македонија, согласно рамковниот договор за заем склучен меѓу Банката за развој при Советот на Европа и Република Македонија, е во надлежност на Министерството за транспорт и врски и на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката, и истата се одвива согласно планираната динамика.

Изградените станбени единици се распределуваат согласно утврдени правила, т.е. Одлука за критериуми за распределба на социјални станови како и условите за нивно користење.

[30] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 24.

Корисници на социјални станови под закуп можат да бидат различни категории на граѓани кои се станбено необезбедени, меѓу кои:

- деца без родители или родителска грижа, т.е. лица над 18 години, кои до својата осумнаесетта година биле згрижени во институции и други облици за згрижување за деца без родители
- корисници на социјална или постојана парична помош
- лица погодени од елементарни-природни непогоди
- инвалидни лица и лица на кои им е потребна помош и грижа од друго лице и семејства со инвалидизирани лица
- лица припадници на Ромската заедница социјално загрозени (согласно „Стратегијата за ромите на Република Македонија")
- самохрани родители со малолетни деца и
- слепи лица корисници на социјална или постојана парична помош.

**Проектот** Ф/П 1674(2009) з**а изградба на станови за лица со социјален ризик и други ранливи групи** е делумно финансиран од Банката за развој при Советот на Европа и со него е предвидена е изградба на 32 објекти со вкупно 1,750 станови наменети за лица во социјален ризик и други ранливи групи. Големината на становите е од 35 до 45 $м^2$. Вкупната вредност за реализација на Проектот изнесува 50,700,000 евра, од кои 50% се средства од Буџетот на Република Македонија, со вклучена вредност на градежното земјиште.

Согласно информациите од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката, до сега се изградени се 16 објекти со 731 станбени единици, кои се распределени и вселени. Два објекти се во градба, а се планира и отпочнување на градба и на останатите објекти.

Покрај тоа, Законот за социјалната заштита, предвидува **право на парична помош (паричен надоместок) за социјално домување**, кое се обезбедува за социјално загрозени лица - станбено необезбедени и тоа за:

- корисници на постојана парична помош; и
- лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст.

Начинот на остварување на правото на парична помош за социјално домување за лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст се уредува со правилник („Службен весник на РМ" бр.54/10). Согласно овој акт, социјалното домување се остварува на начин што ќе овозможи:

- закупнина на индивидуален станбен објект или негов дел;
- санација, адаптација и реконструкција на сопствен недвижен имот;
- надомест на трошоци за сместување во студентски дом.

За остварување на правото на парична помош за социјално домување, потребно е лицето претходно да остварило право на сместување во установа за

социјална заштита или згрижувачко семејство, да се наоѓа во положба на социјална загрозеност и да е станбено необезбедено.

Центарот за социјална работа, со решението со кое одлучува за право на парична помош за социјално домување за закупнина на индивидуален станбен објект или негов дел, ја определува висината на надоместокот за социјално домување во зависност од просечната висина на закупнината на територијата од неговата месна надлежност и договорот за закуп во следниве износи кои се усогласени со порастот на трошоците на живот за претходната година и тоа:

- за самец - до 4,156 денари за месечна закупнина;
- за семејство од два до четири члена - до 6,234 денари за месечна закупнина; и
- за семејство од пет и повеќе члена - до 8,312 денари за месечна закупнина.

Центарот за социјална работа, во решението ги вклучува и комуналните трошоци (електрична енергија, греење, вода и ѓубретарина) и тоа во висина усогласени со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика и тоа за:

- самец - до 1,558 денари;
- семејство од два до четири члена - до 2,078 денари; и
- семејство од пет и повеќе члена - до 2,597 денари.

Социјално домување по години (корисници на правото на парична помош за социјално домување):

| 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година |
|---|---|---|---|---|
| 22 лица | 33 лица | 31 лице | 34 лица | 20 лица |

Во врска со барањето на Комитетот за преземените мерки за подобрување на ситуацијата со домувањето на ромските семејства[31], информираме дека Министерството за транспорт и врски во насока на подобрување на состојбата со домувањето на ромските семејства, во период од 2014-2017 во рамки на потпрограмата за поддршка на имплементацијата на Стратегијата за Ромите, реализира проекти од комуналната инфраструктура како капитални дотации до Единиците на локална самоуправа за населби населени претежно со граѓани припадници од ромската заедница. Со вкупно 14.6 милиони МКД, Владата интервенира од Буџетот на Република Македонија за 2014 година.
Реконструирани се 17 станбени единици оштетени во пожарот во Топанско поле, општина Бутел.

Во 2015 година реализирани се средства во износ од 9,972,409 МКД за изградба на објекти од комунална инфраструктура во 8 општини во РМ, за реконструкција на

[31] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 25.

улици, асфалтирање и изградба на канализација во населби населени претежно со граѓани припадници на ромската заедница.

Во 2016 година реализирани се средства во износ од 6,198,022 МКД за изградба на објекти од комунална инфраструктура во 7 општини во РМ, за реконструкција на улици и асфалтирање во населби населени претежно со граѓани-Роми.

Во 2017 година распределени се средства во износ од 8,000,000 МКД за изградба на објекти од комунална инфраструктура во 3 општини во РМ, за населби населени претежно со граѓани припадници на ромската заедница. Реализацијата на проектите е во тек.

Согласно Годишната програма на Владата на РМ за изградба, продажба и одржување на станбен простор во сопственост на РМ, се спроведува проектот за домување за социјално ранливи групи/изградба на социјални станови, кој е во вкупна вредност од 50,700,000€, од кои со 50% од вредноста за негово финансирање учествува со заем Банката за развој при Советот на Европа (ЦЕБ), а со 50% од вредноста за реализација на овој проект учествува Република Македонија. Во рамките на проектот планирано е да се изградат 32 објекти со 1,750 станови во 26 града во Република Македонија.

До крајот на 2017 година изградени се вкупно 16 станбени згради со 731 социјален стан. Во 2017 година во градба се две станбени згради во градовите: Гостивар со 70 социјални станови и Струмица со 41 социјални станови.

На објавени огласи за распределба на овие социјални станови изградени по проектот, до крај на 2017 година распределени се вкупно 669 социјални станови, од кои **за Роми распределени се 118 социјални станови** кои се користат под закуп од сите категории на социјално ранливи групи за кои аплицирале на огласите, а се утврдени со Одлуката за распределба на социјалните станови, донесена од Владата на Република Македонија.

Во врска со барањето на Комитетот за информации околу функционирањето на советувалиштата за брак и семејство[32], информираме дека во текот на 2014 година отворени се советувалишта за брак и семејство во сите 30 Центри за социјална работа како организациони единици на центарот, кои даваат поддршка за надминување на проблемите во семејството, намалување на конфликтите и подобрување на семејните односи и родителските функции. Овие советувалишта функционираат како редовна активност на центрите за социјална работа преку спроведувањето на советодавната и стручна поддршка на корисниците.

Во рамките на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на град Скопје функционира интегрирано советувалиште за психо-социјална поддршка и третман, кое на месечно ниво го посетуваат околу 70 корисници.

---

[32] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 25.

**Правна заштита на семејството**

*Семејно насилство врз жените*

Во однос на инкриминирањето на семејното насилство, известуваме дека Кривичниот законик на РМ содржи општа дефиниција на поимот семејно насилство.

Имено, согласно Член 122 точка 21: „Под семејно насилство се подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи."

Потоа, дејствието на извршување на семејно насилство е содржано во следните кривични дела: член 123: Убиство, член 125: Убиство на миг, член 130: Телесна повреда, член 131: Тешка телесна повреда, член 139: Присилба, член 140: Против правно лишување од слобода, член 144: Загрозување на сигурноста и член 191: Посредување во вршење на проституција.

На 22 декември Собранието на Република Македонија го усвои Законот за Ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство од 2011 година (т.н. **Истанбулска конвенција**), објавен во „Службен весник на РМ" бр.198/2017 (од 29.12.2017 година). Министерството за труд и социјална политика формираше и работна група за изработка на Акциски план за имплементација на оваа Конвенција.

Во однос на барањето на Комитетот да се наведе дали брачните партнери се еднакви во смисла на член 16 од Повелбата[33], информираме дека согласно член 6 од Законот за семејството бракот е со закон уредена заедница на живот на маж и жена во која се остваруваат интересите на брачните другари семејството и општеството. Односите меѓу брачните другари се засноваат врз слободна одлука на мажот и жената да склучат брак, врз нивната рамноправност, меѓусебно почитување и заемно помагање.

Во врска со барањето на Комитетот за потврда на сфаќањето дека услугите за посредување во решавањето на семејните конфликти се бесплатни[34], информираме дека Законот за семејството определува дека работите сврзани со посебната заштита и помош на семејството, работите сврзани со посвојувањето, старателството, утврдени во овој закон, ги врши Центарот за социјална работа.

Во Република Македонија има 30 центри за социјална работа кои преку советодавна, стручна тимска работа посредуваат во решавањето на семејните

[33] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 26.

[34] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 26.

конфликти, уредување на односите на родителите и децата, вршењето на родителското право, доверувањето на дете кај еден од родителите во постапка за развод на брачната заедница и уредување на личните односи на детето со родителот со кого тоа не живее заедно. На овој начин услугите се достапни до сите граѓани и истите се бесплатни. Во оваа насока, Законот за семејството утврдува дека родителското право родителите го вршат заеднички и спогодбено. Во случај на нивно несогласување посредува и одлучува центарот за социјална работа.

Со цел подобрување на социјалните услуги кон граѓаните согласно нивните потреби, Министерството за труд и социјална политика е насочено кон развивање на процесот на плурализација и децентрализација во извршувањето на социјалните услуги, преку вклучување на други субјекти од локално ниво и граѓански организации. На ваков начин ќе се овозможи и посредувањето во решавањето на семејните конфликти да не биде централизирано, туку ќе се овозможи плурализам во давањето на услугите и во оваа област и поголема достапност на граѓаните до истите.

**Економска заштита на семејството**

Економската заштита на материјално необезбедените семејства и социјално исклучените лица се обезбедува преку системот на социјалната заштита.

Во референтниот период нема промена на условите и критериумите за пристап до правата на парична помош, утврдени со Законот за социјалната заштита. Министерството за труд и социјална политика е во процес на сеопфатна реформа на системите за социјална и детска заштита. Цел на реформата е редизајнирање на видовите и адекватноста на паричните давања за социјална заштита, како помош и поддршка на најранливите категории за справување со сиромаштијата, подобрување на ефективноста и ефикасноста на паричните давања и социјалните услуги што се испорачуваат до крајните корисници.

Спроведената анализа на системот на социјална заштита покажа дека сегашниот дизајн на социјалните трансфери е доста нерамномерен и неадекватен и како таков, придонесува кон продлабочување на нееднаквоста во општеството. Во однос на услугите од социјална заштита, утврдено е дека тие не ги следат индивидуалните потреби на крајните корисници, при што истите треба да се обезбедат во заедницата, преку натамошно спроведување на процесот на деинституционализација, децентрализација и плурализација.

Реформата на системот за социјална заштита се планира да се реализира во 2019 година со донесување на нов Закон за социјалната заштита, а таа ќе опфаќа и промена и надградба на постоечкото софтверско решение за администрирање на паричните права и зајакнување на капацитетите на стручните лица во системот на социјалната заштита.

Во насока на подобрување на финансиската поддршка на семејството, во извештајниот период Законот за заштита на децата беше предмет на повеќе измени и дополнувања.

**Во 2014 година (јануари) е донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата** („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/14). Измените и дополнувањата на овој закон се во насока на подобрување на финансиската состојба на самохраните родители корисници на право на посебен додаток за дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот. Износот на висината на правото на посебен додаток за корисниците самохрани родители кои имаат дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот се зголемува за 50% и во Законот е изразен во номинален износ од 6,303 денари, а се утврдува и кој е самохран родител на дете за кое се остварува право на посебен додаток во зголемен износ, со примена од 1 јануари 2014 година. Износите се усогласуваат со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

**Во 2015 година (јануари) Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата,** објавен во „Службен весник на РМ“ бр.10/15 – со кој се овозможува остварување на право на посебен додаток и за децата со Даунов синдром и подобрување на финансиската состојба на материјално необезбедени родители корисници на социјална парична помош и постојана парична помош кои имаат дете со специфични потреби, кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот, со зголемување на износот на посебниот додаток за 25% (со примена од 1 јуни 2015 година).
Измените имаат влијание врз подобрувањето на стандардот на материјално необезбедени лица (корисници на социјална парична помош и постојана парична помош) кои имаат дете со пречки во развојот и користат право на посебен додаток, и со правото на посебен додаток се опфатени сите деца со Даунов синдром.

**Закон за дополнување на Законот за заштита на децата, усвоен во ноември 2017 година** („Службен весник на РМ“ бр.163/17), **со примена од 1 јануари 2018 година.** Направени се интервенции, кои произлегоа од искуствата во примената во пракса, како и по барање на родители, како би се направило олеснување на постапката пред центрите за социјална работа, при продолжувањето на правото на посебен додаток за дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот, за кое Наод, оцена и мислење за потребата од остварување на посебен додаток дава стручен орган за оцена на видот и степенот на попреченоста на лицата во менталниот или телесниот развој, и кое е со траен наод.

Во 2018 година (август) во собраниска постапка е Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата со кој се интервенира во одредбите од Законот кај правото на посебен додаток со овозможување на здравствено осигурување и за деца за кои се користи правото на посебен додаток, а не се здравствено осигурани, и во одредбите на висината на посебниот додаток. Конкретно се предлага се интервенира во членот 35 од Законот со додавање на нов став (4) со кој се предлага зголемување на утврдената висина на посебниот додаток од 4,202 на 5,021 денари, како и зголемување на утврдените износи на посебен

додаток за самохран родител од 6,303 денари на 7,351 денари за дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот, како и за материјално необезбедени родители, кои се корисници на социјална парична помош и постојана парична помош кои имаат дете со специфични потреби од 5,252 денари на 6,276 денари, а во функција на подигнување на заштитата на децата.

Во 2018 година се направи анализа на распределбата на средствата на правата за децата, од страна на работна група и консултанти ангажирани преку Светската банка, како и анализа на надоместоците од заштитата на децата во Република Македонија и споредбена анализа на надоместоците од заштитата на децата со одделни земји од Европската унија. Ова е направено во функција на подготовка на планираната реформата на системот на социјална и детска заштита, како една од стратешките цели на Министерството за труд и социјална политика.

Поддршката на реформата на социјалната заштита е преку соодветно нормирање на правата за заштита на децата во Законот за заштита на децата и тоа на детскиот додаток. Со реформите, кои се планира да се применат од 1 јануари 2019 година, се предлага правото да се користи во зависност од материјалната состојба на домаќинството, како право кое ќе ја следи детската сиромаштија со опфат и на приматели на гарантирана минимална помош, како и со овозможување на остварување на додаток за образование на деца од училишна возраст (во основно и средно училиште), зајакнување на остварување на право на еднократна парична помош, во однос на висината и на бројот на децата на мајката за кои ќе може да се оствари, овозможување на продолжување на остварување на стекнато право на родителски додаток за дете.

За спроведување на Законот за заштита на децата во делот на правата за заштита на децата се донесе следната подзаконска регулатива:

- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за поблиските услови, критериуми и начинот на остварување на правата за заштита на децата („Службен весник на РМ“, бр.51/14);
- Правилник за дополнување на Правилникот за поблиските услови, критериуми и начинот за остварување на правата за заштита на децата („Службен весник на РМ“, бр.43/15);
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на обрасците на барањата и потребната документација за остварување на правата за заштита на децата („Службен весник на РМ“, бр.51/14);
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на обрасците на барањата и потребната документација за остварување на правата за заштита на децата („Службен весник на РМ“, бр.43/15);
- Правилник за поблиските услови, критериумите и начинот на остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на деца во јавните установи за деца („Службен весник на РМ“, бр.19/14);

- Правилник за изменување и дополнување на правилникот за поблиските услови, критериумите и начинот на остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на деца во јавните установи за деца („Службен весник на РМ“, бр.48/18).

| **Додатоци за деца** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 * |
| **Корисници на права** | | | | |
| **Додаток за деца** | | | | |
| Број на деца | 17,602 | 14,762 | 12,955 | 11,006 |
| Број на семејства | 8,531 | 7,397 | 6,293 | 5,205 |
| **Корисници на посебен додаток** | | | | |
| Број на деца | 7,165 | 7,104 | 7,346 | 7,292 |
| Број на семејства | 6,904 | 6,917 | 7,166 | 7,129 |
| **Еднократна парична помош за новороденче** | 8,773 | 8,472 | 8,058 | 7,375 |
| **Расходи (во илјади денари)** | | | | |
| Додаток за деца | 133,985 | 119,479 | 103,931 | 87,813 |
| Посебен додаток | 378,565 | 382,882 | 396,346 | 388.391 |
| Еднократна парична помош за новороденче | 44,174 | 42,413 | 40,393 | 38,505 |

*податоци од ДЗС (Државен завод за статистика) и од МТСП (*)

Во поглед на барањето информации на Комитетот да се наведе месечниот еквивалентен приход или слични показатели како што се националното ниво на егзистенција, просечниот приход или националниот праг на сиромаштија итн.[35], информираме дека со членот 29 од Законот за заштита на децата е утврдено дека право на детски додаток има дете во семејство чии приходи по сите основи по член на семејство изнесуваат до 2,490 денари, а за дете на самохран родител изнесуваат до 4,980 денари. Износите се усогласуваат со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика во јануари за тековната година.

Усогласените износи за остварување на правото на детски додаток по сите основи по член на семејство за 2018 година изнесуваат 2,587 денари, а за самохран родител до 5,174 денари.

Во врска со достапните податоци за прагот на сиромаштија, медијалниот еквивалентен приход и сл., информации се наведени во одговорите во овој Извештај - во рамки на Членот 8§1

[35] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 27.

Во текот на 2018 година се подготвуваа реформа на системот на заштита на децата со примена од 01.01.2019 година, преку соодветно нормирање на правата за заштита на децата во Законот за заштита на децата и тоа на: детскиот додаток, додаток за образование, посебниот додаток, еднократна парична помош за новороденче, родителски додаток за дете, партиципација.

Со планираните реформи, правото на детски додаток ќе се исплатува во зависност од материјалната состојба, како право кое ќе ја следи детската сиромаштија - материјалната необезбеденост на детето со опфат и на приматели на гарантиран минимален приход.

Во поглед на прашањето на Комитетот за преземените мерки за да се осигури економска заштита на ранливите семејства како што се ромските семејства[36], информираме дека во однос на активностите за подобрување на социјалната вклученост на Ромите и понатаму континуирано се имплементираат низа активности во сите области, во согласност со Стратегијата за Ромите 2014-2020.

Министерството за труд и социјална политика во соработка со Ромскиот едукативен фонд (РЕФ) веќе единаесет години по ред во 19 градинки/општини го имплементира проектот „Инклузија на деца Роми во Јавните општински установи - детски градинки". Во текот на последната учебна година од вкупниот број 34,521 на запишани деца во сите детски градинки во Република Македонија 718 или 2.07% деца се Роми. Надвор од проектот (родители кои сами го покриваат престојот на децата во градинка) на ниво на Република Македонија, запишани се вкупно 204 деца. Со проектот се реализирани активности за родителите од ромските заедници кои позитивно влијаат на зголемување на свеста и подобрување на информираноста за важноста од образование кај децата од најмала возраст. Одржани се работилници и средби за раниот детски развој, важноста од претшколското образование и важноста на пристапот и вклученоста на родителите во првите години од животот на детето.

Освен обврските кои ги превзема Министерството за труд и социјална политика административно и финансиски, исто така градинката и општината поддржуваат престој за одреден (помал) број на деца Роми во градинките, за што потпишуваат договор со Министерството за труд и социјална политика. Исто така општините обезбедуваат превоз за децата Роми од/до градинката. На тој начин Владата на Република Македонија и Локалната самоуправа ја покажуваат својата волја за придонес кон развојот на ромската заедница во Македонија.

Од 2007 година, функционираат 12 Ромски информативни центри (РИЦ) во 12 општини, со ангажман на 16 лица кои што работат во РИЦи (Шуто Оризари, Топаанско Поле, Тетово, Гостивар, Битола, Прилеп, Штип, Кочани, Делчево, Виница, Берово и Куманово). Овие центри претставуваат линк помеѓу ромската заедница и локалните институции

Ромските информативни центри работат на терен, во поинтензивна комуникација со граѓаните, во рамки на законските регулативи, работните обврски и програмата на РИЦи, за навремено информирање, советување упатување и давање логистичка поддршка на граѓаните во насока на остварување на нивните права и обврски (од

[36] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 27.

областите на социјалната заштита, вработување, здравство, домување и образование, вадење на лични документи и др.), навремено без особени проблеми и последици. Во зависност од потребите, РИЦ-овите обезбедуваат услуги во вид на застапување на одредени проблеми за лицата во институциите.

Во текот на 2018 година вкупно од страна на РИЦ-овите дадени се вкупно 3,271 услуги/поддршка од различен вид (од областа на социјалната заштита 1,512 услуги, здравствената заштита 277 услуги, од областа на образованието 242, вработување 450, лична документација 277, домување 362, антидискриминација 7 и услуги по други прашања 144).

Од 2011 година, континуирано се спроведува акција/активности во насока за решавање на проблемот на лицата без документи за лична идентификација и неевидентирани во матичните книги. Во текот на акцијата, пронајдени се околу 700 лица за кои паралелно се вршени проверки во базата за матичен број како и во матичните книги на родените.

Во текот на ноември 2017 година со поддршка на ОБСЕ, започнат е процес за подготовка на дата-база за лицата неевидентирани во матична книга на родени и децата на улица.

Во текот на јануари–мај 2018 година, од страна на УВМКР и МТСП, подготвен е и објавен јавен оглас за пријавување на лица неевидентирани во матична книга на родени, за сите лица од Република Македонија.

Подготвени се упатства за постапување со лица неевидентирани во матична книга на родени наменети за невладините организации, Центрите за социјална работа и матичарите, во насока за олеснување на работата и информирање на сите вклучени страни по однос на постапувањето поврзано со објавениот повик.

За поголема информираност околу решавање на овој проблем одржана е обука за матичарите од подрачните единици. Со поддршка на ОБСЕ на јавен настан презентирани се наодите од Анализата по однос на законските иницијативи за решавање на овој проблем.

До Управата за водење на матичните книги се доставени барања за доставување на податоци за статусот на предметите за кои што е направено ДНК анализа (вкупно 130 предмети во период од 2012 година).

Од почетокот на 2017 година, активно се превземаат мерки за времено згрижување на затекнатите лица на локацијата „под Кале“ во Скопје, во соработка со Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на град Скопје и ромски невладини организации. Дислоцирани се 112 лица и сместени се во институции кои се во надлежност на Министерството за труд и социјална политика. За социјална инклузија на овие лица ангажирани се ромски организации кои 12 часа дневно во две смени работаат со нив, подготвуваат индивидуални социјални планови за нивна интеграција на пазарот на труд, социјалната заштита, здравството, обезбедување на документи за лична идентификација и вклучување на децата во образовниот систем. Оваа активност претставува можност за интегрирање на овие лица кои се наоѓаат во длабока сиромаштија. Процесот овозможува подигнување на свеста на лицата кои што се времено згрижени за образование, вработување, здравство, домување и вадење на лична документација.

Министерството за труд и социјална политика од месец април 2018 година, започна со имплементација на нов проект за Социјално мапирање, финансиран од Европската Комисија, со кој ќе се мапираат ромските населби и се очекува да се добијат квалитативни и квантитативни податоци на Ромите во делот на образованието, вработувањето, домувањето, здравството, социјалната инклузија, поседување на лична документација и други важни податоци за ромските семејства. Активноста ќе се спроведува во 3 фази и ќе бидат опфатени следниве 14 општини: Шуто Оризари, Прилеп, Куманово, Битола, Тетово, Гостивар, Штип, Кочани, Кичево, Виница, Дебар, Велес, Кавадарци, Делчево или Струмица.

Од февруари 2018 година, започна спроведувањето на РОМАКТЕД програмата во Македонија, финансирана од Советот на Европа и Европската Комисија. Проектот е планиран да се спроведува во период од 3 години, во 12 општини кои се вклучени во програмата. Вклучувањето на Единиците на локалната самоуправа претставува клучен елемент во имплементацијата на Националните Акциони Планови од Стратегијата за Роми на локално ниво. Подготовка на заеднички локални планови, јакнење на капацитетите на претставниците на Советите на општините, поддршка на локалниот развој, ќе придонесат за дополнителен инпут на постојните политики и практики за поефективно и поинклузивно функционирање. Како заедничка програма на Советот на Европа и Европската Комисија, РОМАКТЕД ќе промовира добро владеење и јакнење на Ромите на локално ниво, со што индиректно ќе влијае на подобрување на состојбата на ромските заедници на локално ниво.

Програмата за условен паричен надоместок за средно образование (УПН) се имплементира од учебната 2010/2011 година и е наменета за деца корисници на Социјална парична помош кои редовно одат во средно училиште. За да се квалификуваат за исплата треба да имаат присуство од најмалку 85% од реализираните часови во тромесечието. Надоместокот се исплаќа 4 пати годишно по завршување на секое тромесечие. Износот е 12,000 МКД годишно, односно по 3,000МКД по завршување на секое тромесечие.
Во учебната 2014/2015 година вкупен број на корисници на УПН се 5,561 од кои 394 се Роми; во учебната 2015/2016 вкупен број на корисници на УПН се 4,958 од кои 311 Роми; во 2016/2017 вкупен број на корисници е 4,223 од кои 238 Роми и во учебната 2017/2018 година вкупен број на корисници на условен паричен надоместок се 3,598 од кои 236 Роми.

Во однос на барањето на Комитетот да се наведе дали лицата без државјанство и бегалците се третираат еднакво во однос на семејните бенефиции[37], информираме дека во член 23 од Законот за заштита на децата се вели "Странски државјанин кој има живеалиште на територијата на Република Македонија може да оствари детски додаток за дете согласно со овој закон и меѓународните договори ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија."
Со реформите кои се подготвуваат во делот на детската заштита ќе се земат во предвид и лицата со статус на признаен бегалец и лица под супсидијарна заштита.

[37] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 27.

**ЧЛЕН 17 - Право на децата и младинците на социјална, правна и економска заштита**

**Член 17§1**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на децата и младинците да растат во средина која го поттикнува целосниот развој на нивната личност и нивните физички и ментални способности, страните-договорнички се обврзуваат, директно или во соработка со јавните или приватните организации, да преземат соодветни и неопходни мерки кои имаат за цел:

а) да осигурат дека децата и младинците, имајќи ги предвид правата и обврските на нивните родители, ја добиваат грижата, помошта, образованието и обуката која им е потребна, особено преку воспоставување и одржување на институции и служби кои се доволни и соодветни за оваа цел;

б) да ги заштитат децата и младинците од запоставување, насилство или експлоатација;

в) да обезбедат заштита и специјална помош од државата за деца и младинци кои се времено или трајно лишени од семејна поддршка.

Во извештајниот период Законот за заштита на децата беше предмет на повеќе измени и дополнувања.

**На 28 февруари 2014 год. Собранието на Република Македонија го усвои Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата** објавен на 5.03.2014 г. во „Службен весник на Република Македонија" бр.44/14. Измените и дополнувањата на Законот за заштита на децата се во насока на подигнување на квалитетот на кандидатите за директори, како и воедначено утврдување на статусот на вработените во јавните установи за деца, во согласност со Законот за вработени во јавниот сектор и Законот за административни службеници.

**Во септември истата година, се усвои Законот за дополнување на Законот за заштита на децата,** објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.144/14, со кој се уредува вршењето на дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст за време на државни празници и други празници утврдени со закон и во неработни денови, во случај на вонредни состојби (природни непогоди, епидемии и друго), како и во случај на прекин на работата и неможност за континуирано извршување на дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст заради штрајк во јавните установи за деца.

**Во август 2015 година Собранието на Република Македонија го усвои Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата** („Службен весник на РМ" бр.150/15), со кој се изврши усогласување со Законот за прекршоците. Со донесувањето на новиот Закон за прекршоците се воведоа новини кои беа неопходни заради успешно, ефикасно и ефективно спроведување на прекршочната постапка, било пред прекршочните органи или пред судовите, како и олеснување и поедноставување на истата. Со цел креирање на еден системски пристап кон оваа област од Законот за прекршоците произлезе обврска за органите на државната

управа и другите организации и институции за усогласување на материјалните закони со Законот за прекршоците. Наведените причини ја наметнаа потребата и од донесување на овој закон.

**На 2.11.2015 год. се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата** (објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.192/15). Основната цел поради која се донесе овој закон е да се подобри транспарентноста при полагање на стручниот испит за лиценцирање на стручни лица во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и на директори на установи за деца и воедно да се заострат казнените мерки во однос на постапката при спроведување на испитот, како за кандидатите, така и за овластените претставници кои учествуваат во спроведување на испитот. Донесување на овие измени на Законот за заштита на децата придонесуваат да се подобри квалитетот на базите на испитни прашања, како и да се подобри транспарентноста при полагање на испитот, а воедно и да се заострат казнените мерки во однос на постапката при спроведување на испитот, како за кандидатите така и за овластените претставници кои учествуваат во спроведувањето на испитот.

**Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата**, донесен на 9 февруари 2016 година и објавен во „Службен весник на РМ" бр.27/16, со кој се врши усогласување со Законот за општа управна постапка. Со донесувањето на новиот Закон за општата управна постапка се воведоа новини во насока на успешно, ефикасно и ефективно спроведување на управната постапка. Со цел креирање на еден системски пристап кон оваа област од Законот за општата управна постапка произлезе обврска за органите на државната управа и другите организации и институции за усогласување на материјалните закони со овој закон.

**Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата** („Службен весник на РМ" бр.21/2018), со кој на децата од предучилишна возраст од страна на физички лица да може да се врши и во домот на родителите на детето, во домот на физичкото лице или во друг се врши промена во условите кои се однесуваат на избор/именување на директор на јавна установа за деца (детска градинка, центар за ран детски развој, детско одморалиште), во насока на дополнување на барањата за сертификати за познавање на англиски јазик и бришење на условот за положен психолошки тест. Со Законот се интервенира и во одредби кои се однесуваат на физичките лица кои вршат згрижување на деца од предучилишна возраст, преку олеснување на постапката за добивање решение за вршење на работи од дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст од страна на физичките лица. Со законските измени, исто така дадена е и можноста физичките лица да ја вршат дејноста и во друг соодветен простор. Имено дадена е можноста згрижувањето и воспитанието соодветен станбен/деловен простор кој ги исполнува условите утврдени со закон. Се разбира, секое физичко лице кое самостојно врши одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност, задолжително треба да поседува важечка лиценца за негувател и решение за вршење одредени работи од дејноста.

Согласно измените на Законот за заштита на децата, во изминатиот период се донесоа и соодветни подзаконски акти, и тоа:

- Правилник за поблиските услови, критериумите и начинот на остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на деца во јавните установи за деца („Службен весник на Република Македонија" бр. 19/2014);
- Правилник за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца („Службен весник на РМ" бр.28/2014);
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца („Службен весник на РМ", бр.40/2014; бр.136/2014, бр.71/2015; бр. 170/2016);
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој („Службен весник на РМ", бр.127/2014);
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој („Службен весник на РМ", бр.146/2015);
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој („Службен весник на РМ" бр.159/2016);
- Правилник за формата и содржината на барањето за донесување на решение од министерот за труд и социјална политика („Службен весник на РМ", бр.48/2015);
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на Централниот регистар на установите за деца, регистарот на јавните установи за деца основани од општината и општината во Градот Скопје, регистарот на Агенции за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст и регистарот на физички лица кои самостојно вршат одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност („Службен весник на РМ", бр.158/2016);
- Правилник за поблиските услови, критериумите и начинот на остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на деца во јавните установи за деца („Службен весник на РМ", бр.19/2014);
- Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за поблиските услови, критериумите и начинот на остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на деца во јавните установи за деца („Службен весник на РМ", бр. 48/2018);
- Правилник за начинот на спроведување на годишното интервју и оценувањето како и формата и содржината на извештајот за годишното интервју и на образецот за оценување на давателите на јавни услуги во јавните установи за деца („Службен весник на РМ" бр.168/2016);

- Програма за рано учење и развој („Службен весник на РМ“ бр. 46/2014);
- Програма за едукација на децата од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на деца, со процесот на одгледување и консумирање на здрава храна („Службен весник на РМ“ бр. 98/2014);
- Програма за рано учење и развој за деца со пречки во развојот („Службен весник на РМ“ бр. 82/2015);
- Упатство за планирање на активности од програмата за рано учење и развој за стекнување на здрави животни навики и безбедно однесување кај децата од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на деца – пропишано на 5.06.2015 година;
- Упатство за реализација на програмата за рано учење и развој и достигнување на стандардите за рано учење и развој преку вклучување на традиционални игри во установите

Проект „Воведување на почит кон различностите и мултикултурализмот во раниот детски развој во Македонија“

Во Република Македонија како мултиетничка држава, континуирано се развива почит кон различностите (во однос на етничка, културна, религиозна припадност, по однос на пол и можности) и мултикултурализам кај малите деца (0-6 години) и интегрирање на овие аспекти во националниот систем за ран детски развој.
Во таа насока Министерството за труд и социјална политика, во соработка со УНИЦЕФ и поддршка на Британската амбасада, реализира Проект за „Воведување на почит кон различностите и мултикултурализмот во раниот детски развој во Македонија“. Во рамките на овој проект, меѓу другото, подготвени и издадени се прирачник, материјали и сликовници за воспитниот кадар во градинките и центрите за ран детски развој, за почит кон различностите и мултикултурализмот и истите се достапни на македонски, албански и турски јазик.

Проект за користење бесплатна услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток

Услугите во рамки на овој проект можат да ги користат деца од семејства корисници на социјална парична помош, постојана парична помош, деца корисници на посебен додаток, детски додаток и деца без родители и родителска грижа - редовни ученици во петто, шесто, седмо и осмо одделение. Услугата ја користат 2,000 деца во текот на летниот распуст и 1,000 деца - во текот на зимскиот распуст.
Услугата за бесплатен одмор и рекреација за деца опфаќа 6 полни пансиони (ноќевање со три оброка дневно) и едукативни и забавни активности. Децата корисници на посебен додаток (деца со посебни потреби) имаат право на придружник за време на одморот и рекреација. Преку овој проект, покрај овозможувањето на одмор и рекреација на деца со посебни потреби и деца од семејства во социјален ризик, се влијае и врз унапредување на психомоторниот

развој на децата и способност за договарање, почитување на разликите и соработка во групи, способност за прифаќање на себеси и другите и ориентација во просторот.

Со проектот кој се имплементира од 2012 година, до сега опфатени се вкупно 13,161 деца.

<u>Зголемување на фондот за набавка на логички игри и сложувалки во јавните установи за деца-детски градинки</u>

Во досегашниот период, преку овие активности набавени се 583 комплети логички игри, со кои се опремени 583 групи во јавни општински детски градинки.

<u>Активности за зголемување на опфатот на деца и капацитетите во Република Македонија за воспитување и згрижување на деца од претшколска возраст</u>

Министерството за труд и социјална политика во изминатиот повеќегодишен период особено внимание посветува на зголемувањето на капацитетите за згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и тоа преку изградба на нови објекти наменети за јавни општински установи - детски градинки (ЈОУДГ), изградба на објекти во состав на јавните општински установи детски градинки или адаптација на просторот за отворање на групи во други просторни услови, односно градинки во рурални средини.

**Постигнати резултати:**

**2014 година**

<u>Јавни општински установи детски градинки (ЈОУДГ):</u>

- Општина Дојран, населено место (н.м.) Нов Дојран, ЈОУДГ „Кокиче“
- Општина Василево, с. Василево, ЈОУДГ „Прва радост“

<u>Објекти:</u>

- Општина Гевгелија, с. Богородица, во состав на ЈОУДГ „Детска радост“
- Општина Прилеп, с. Кривогаштани, во состав на ЈОУДГ „Наша Иднина“, Прилеп
- Општина Ѓорче Петров-Скопје, во состав на ЈОУДГ „Росица“
- Општина Кисела Вода, н.м. Црниче „Перуника“, во состав на ЈОУДГ „Весели цветови“, Скопје
- Општина Виница, с. Исти Бања, во состав на ЈОУДГ „Гоце Делчев“, Виница

<u>Група во други просторни услови:</u>

- Општина Битола, с. Долно Оризари, во состав на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“, Битола
- Општина Дебар, с. Могорче, во состав на ЈОУДГ „Брешиа“, Дебар

**2015 година**

<u>Јавни општински установи детски градинки (ЈОУДГ):</u>

- Општина Липково, с. Оризаре, ЈОУДГ „Резја“
- Општина Карбинци, с. Таринци, ЈОУДГ „Кокичиња“
- Општина Сарај, н. Сарај, ЈОУДГ „"Филизи“"

Објекти:

- Општина Кисела Вода-Скопје, н.м. Припор, во состав на ЈОУДГ „8 Март“, К.Вода
- Општина Чешиново-Облешево, во состав на ЈОУДГ „Ѕвездички“, с. Облешево
- Општина Кавадарци, с. Ваташа, во состав на ЈОУДГ „Рада Поцева“, Кавадарци
- Општина Босилово, с. Моноспитово, во состав на ЈОУДГ „Прва Радост“, Василево
- Општина Гостивар, во состав на ЈОУДГ „Детска радост“

Група во други просторни услови:

- Општина Охрид, населба Радојца Новичиќ, во состав на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“

**2016 година**

Јавни општински установи детски градинки (ЈОУДГ):

- Општина Јегуновце, с. Јегуновце, ЈОУДГ „Јаболчиња“
- Општина Петровец, Петровец, ЈОУДГ „Авионче“

Објекти:

- Општина Кочани, с. Оризари, во состав на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“, Кочани
- Општина Илинден, н.м. Марино, промена на просторни услови на објект во состав на ЈОУДГ „Гоце Делчев“
- Општина Кисела Вода, н.м Пинтија, во состав на ЈОУДГ „Весели цветови“
- Општина Бутел, н. Радишани, промена на просторни услови на објект „Ташко Караџа“, во состав на ЈОУДГ „11 Октомври“ - Бутел
- Општина Ѓорче Петров - Скопје, населба Дексион, во состав на ЈОУДГ „Росица“
- Општина Прилеп, објект на Работнички универзитет во состав на ЈОУДГ „Наша иднина“ - Прилеп
- Општина Аеродром – Скопје „Лавче“, во состав на ЈДГ „Буба Мара“, Аеродром

Група во други просторни услови:

- Општина Охрид, с. Пештани, во состав на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“, Охрид
- Општина Зелениково, во с. Зелениково, во состав на ЈОУДГ „8 Март“, Кисела Вода - Скопје
- Општина Прилеп, во с. Беровци, во состав на ЈОУДГ „Наша иднина“ - Прилеп
- Општина Прилеп, во с. Канатларци, во состав на ЈОУДГ „Наша иднина“ - Прилеп
- Општина Прилеп, во с. Големо Коњари, во состав на ЈОУДГ „Наша иднина“ – Прилеп

**2017 година**

Објекти:

- Општина Аеродром - Скопје, промена на просторни услови на објект „Чекорче“, во состав на ЈДГ„Срничка“, Аеродром - Скопје
- Општина Ѓорче Петров, промена на просторни услови на објект „Детелинка“, во состав на ЈОУДГ „Росица“ - Ѓорче Петров-Скопје
- Општина Валандово, објект во с. Удово, во состав на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово
- Општина Делчево, промена на просторни услови на објект на ул. Светозар Марковиќ бр.12, во состав на ЈОУДГ „Весели цветови“ Делчево
- Општина Карпош - Скопје, објект „Бумбарче“ во н. Козле, во состав на ЈОУДГ „Пролет“, Карпош

**II. Центри за ран  детски развој во состав на ЈОУДГ/Јавен центар за ран детски развој:**

**2014 година**

- Општина Аеродром, с. Долно Лисиче „Слонче“, во состав на ЈОУДГ „Буба Мара“, Аеродром - Скопје
- Општина Пробиштип, с. Ратавица „Јаготка“, во состав на ЈОУДГ "Гоце Делчев“, Пробиштип

**2015 година**

- Општина Тетово - 3 центри за ран детски развој, во состав на ЈОУДГ „Младост“, Тетово  во:
    - с. Фалише
    - с. Голема Речица
    - с. Селце
- Општина Гостивар - 2 центри за ран детски развој, во состав на ЈОУДГ „Детска радост““, Гостивар во:
    - Циглана
    - Дебреш
- Општина Штип - 2 центри за ран детски развој во:
    - состав на ЈОУДГ „Астибо“, Штип, и во
    - состав на ЈОУДГ „Вера Циривири Трена“, Штип
- Општина Радовиш - 3 центри за ран детски развој во состав на ЈОУДГ „Ацо Караманов”, Радовиш во:
    - н.м Шеин Маале,
    - с. Јаргулица  и
    - с. Подареш
- Општина Конче, како Јавен центар за ран детски развој.
- Општина Жупа, како Јавен центар за ран детски развој
- Општина Могила, како Јавен центар за ран детски развој
- Општина Долнени, во состав на ЈОУДГ „Наша Иднина", Прилеп

**2016 година**

- Општина Куманово - „Бамби“, во состав на ЈОУДГ „Ангел Шајче“, о. Куманово
- Општина Куманово, - „Сонце“, во состав на ЈОУДГ „Ангел Шајче“, о. Куманово
- Општина Битола - 5 Центри за ран детски развој, од кои 3 во состав на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ кои се наоѓаат во с. Горно Оризари, с. Карамани и с. Логоварди и 2 во состав на ЈОУДГ „Мајски Цвет“ кои се наоѓаат во просториите на ОУ „Ѓорѓи Сугарев“" и УЗ „Таки Даскало“
- Општина Кривогаштани, н.м Обршани, како Јавен центар за ран детски развој
- Општина Тетово - 3 центри за ран детски развој, во состав на ЈОУДГ „Младост“ - Тетово, кои се наоѓаат во с. Фалиште, н.м Поток и н.м Теќе.
- Општина Прилеп  „Тризла“ во состав на ЈОУДГ „Наша иднина“, о. Прилеп
- Општина Радовиш „Вредни Пчелички“, во состав на ЈОУДГ „Ацо Караманов“, с. Злеово, о. Радовиш

**III. Приватна установа за деца - Центар за ран детски развој:**

**2014 година**
- Општина Карпош-Скопје, нас. Тафталиџе, „М-Едукативен центар“, Скопје

**2015 година**
- Општина Чаир-Скопје „Сумнал“, Скопје
- Општина Куманово „Балтазар“
- Општина Куманово „Призма“
- Оптштина Битола „Бонбончиња“
- Општина Центар - Скопје, „Мис попинс“

**2016 година**
- Општина Битола, „Волшебно Сонце“

**IV. Приватни установи за деца - детски градинки:**

**2014 година:**
- „Снежана-Бланшнеж“, Скопје
- „Гулдесте“, Гостивар
- „Црвенкапа“, Скопје
- „Детско царство“, Скопје
- „Спирит“, Скопје
- „Интернационална детска академија“, Скопје
- „Бушава Азбука“, Скопје
- „Абецедар“, Охрид
- „Мали генијалци“, Битола

**2015 година:**
- „Твити“- Битола
- „Реа“, Тетово
- „Стар“, Гостивар
- „Интернешенал Кидс Академи“, Скопје
- „ТиА“, Тетово

**2016 година:**
- „Лилипут Дворче“, Скопје
- „Британска Детска Академија“, Скопје

**2017 година**
- „Литл ми прискул интернешнал“, Скопје
- „Светот на колорес“, Скопје
- „КУЛ КИДС ГРАДИНКА", Скопје

**V. Детска градинка - организирана како организациона единица во состав на приватно училиште:**
- „Нова“, Скопје
- „Вилсон Киндергарден“, Општина Брвеница

- „QSI“ Предучилишна, Скопје
- „Гонца“, Скопје

**VI. Детска градинка - организирана како организациона единица во состав на правни лица за потребите на нивните вработени:**

- „Окитекс Бамбини“, Скопје
- „Мини фини буџетчиња“, Скопје

Како резултат на овие активности, бројот на објекти за згрижување и воспитание на деца заклучно со 2017 година изнесува 309, и тој е зголемен за 80 објекти во однос на 2014 година (кога се располагаше со 229 објекти), т.е. бројот на објекти за згрижување и воспитание на деца за периодот од последните 4 години е зголемен за околу 35%, со што се дава можност за зголемен опфат на деца од предучилишна возраст со згрижување и воспитание.
Според податоците за 2017 година, опфатот на деца во детските градинки/центри за ран детски развој изнесува 33,826 деца на возраст од 0 до 6 години (или 29% од вкупниот број на деца на оваа возраст во Република Македонија – 116,379), додека опфатот на деца од 3 до 6 годишна возраст во сите установи за деца изнесува 25,146 деца, (70 302) што преставува 35% опфат на деца на таа возраст (3-6) во државата.

*     *     *

<u>**Заштита на правата на децата од злоупотреба и занемарување**</u>

<u>*Деца на улица*</u>

Заради зајакнување на родителската одговорност во однос на децата на улица, во 2014 година направени се измени на **Законот за семејство** со кои се утврди дека наведувањето на детето на питачење или користење на детето за питачење ќе се смета за злоупотреба и грубо занемарување на вршењето на родителските должности и се прецизира постапувањето на Центарот за социјална работа. Злоупотребата и грубото занемарување на вршењето на родителските должности пак е основ за одземање на родителското право на родителите.

Центрите за социјална работа во рамките на своите надлежности и компетенции ја третираат проблематиката на деца на улица и нивните родители, реализирајќи при тоа теренска, стручна, советодавна интердисциплинарна тимска работа, обезбедувајќи право на социјална заштита, вршат сместување на децата во згрижувачко семејство или во установа од социјална заштита и обезбедуваат други права и услуги во согласност со законот.

По однос на прашањето за мапирање на териториите каде што има идентификувано деца на улица, Министерството за труд и социјална политика во соработка со граѓански организации, а по пат на јавен конкурс, во 2017 и 2018 година

имплементира проекти за социјална заштита на деца во насока на зајакната теренска работа за детектирање и работа со децата на самото место, како и зголемување на тимовите во воспоставените Дневни центри за деца на улица.

Согласно Законот за социјалана заштита, Дневните центри за деца на улица, обезбедуваат воспитно едукативни услуги, советувалишна работа со децата и членовите на нивните семејства, културно-забавни и рекреативни услуги и др.

Дневниот центар за деца на улица е место каде што децата поминуваат еден дел од денот, каде што се чувствуваат сигурни и згрижени. Со помош на стручните лица од дневниот центар тие добиваат можност за задоволување на нивните потреби, во зависност од индивидуалните карактеристики на секој поединец.

Основна улога на дневниот центар за деца на улица преку реализација на соодветни програмски активности, е отстранување на децата од улица и нивна инклузија односно вклучување во општеството преку усвојување на различни социјални вештини, како и работа со нивните родители и другите членови од семејството заради подигање на родителските вештини и свесноста од негативно влијание на улицата врз здравјето и животот на децата.

На територијата на Град Скопје, Министерството за труд и социјална политика има отворено 2 дневни центри за деца на улица и тоа: Кисела Вода и Гази Баба. Овие дневни центри се организациона единица на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град-Скопје. Исто така Министерството за труд и социјална политика ги финансира и програмските активности на Дневниот центар за деца на улица кој е менаџиран од страна на Здружението за заштита на правата на детето во Шуто Оризари - Скопје.

Во овие дневни центри дневно ротираат околу 90 деца на улица.

Со Законот за малолетничка правда донесен во 2009 година, се воспостави систем на правда за децата заснован на меѓународните стандарди. Подоцна, овој закон е заменет со **Законот за правда за децата** донесен во 2013 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.148/2013), и со него се изврши понатамошно унапредување на правата на детето.

Законот за правда за децата се заснова на одредбите на Конвенцијата за правата на детето. Одредбите од овој Закон се во насока на остварување на приоритетен интерес и заштита на децата од криминал, насилство и од кој било облик на загрозување на нивните слободи и права и нивниот правилен развој, заштита на децата сторители на дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци, нивна социјализација, воспитување и превоспитување, помош и грижа за децата и заштита во постапка пред суд и други органи на нивните слободи и права загарантирани со Уставот, со Конвенцијата за правата на детето и со други ратификувани меѓународни договори за положбата на децата.

Со Законот се уредуваат начелата како: правото на детето на заштита од дискриминација, тортура и судење во разумен рок, применување на лишување на дете од слобода само како последно средство во постапката и само под услови и во

траење определени со овој закон, право да биде информирано за текот на постапувањето и правото на поплака и претставка за заштита на правата пред Народниот правобранител и други органи и институции кои имаат надлежност да се грижат за правата на детето, постапување со деца во ризик, ресторативна правда, медијација и мерки на одвраќање и систем на превенција на детско престапништво.

Согласно Законот, на дете од 14 до 16 годишна возраст за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело можат да му се изречат само воспитни мерки: укор или упатување во центар за деца, засилен надзор од страна на родителите, односно старателите, засилен надзор од згрижувачко семејство или од страна на центарот и заводски мерки - упатување во воспитна установа или во воспитно-поправен дом.

На дете од 16 до 18 годишна возраст за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело можат да му се изречат воспитни мерки, а по исклучок може да му се изрече казна или алтернативна мерка.

Од условите определени со овој закон, на детето над 16 годишна возраст можат да му се изречат следниве казни: затвор за деца, парична казна, забрана на управување со моторно возило од определен вид или категорија и протерување на странец од земјата. Може да се казни дете кривично одговорно над 16 годишна возраст, само ако поради тешките последици од стореното дело и високиот степен на кривичната одговорност не би било оправдано да се изрече воспитна мерка.

Затвор за деца може да се изрече само како главна казна. Затвор за деца може да се изрече на дете кривично одговорно над 16 годишна возраст кое сторило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело, за кое е утврдена казна затвор од пет години или потешка казна, ако делото е сторено под особено отежнувачки околности и при висок степен на кривична одговорност на сторителот и притоа не би било оправдано да се изрече воспитна мерка. Затворот за деца не може да биде пократок од една ниту подолг од десет години, а се изрекува на полни години или на половина година.

На кривично одговорно дете над 16 годишна возраст, за стореното дејствие што со закон е предвидено како кривично дело можат да му се изречат следниве алтернативни мерки: условна осуда со заштитен надзор, условно прекинување на водење на постапка спрема детето и општокорисна работа.

Веќе 6-та година функционираат **индикатори** врз основа на кои се следи примената на Законот за правда за децата. Овие индикатори не само што покажуваат како се остваруваат правата на децата во системот на малолетничка правда, туку и овозможуваат креирање на политики и практики за нивно натамошно унапредување. Така согласно Годишниот извештај за работа во 2014 година на Државниот совет за превенција на детско престапништво, се констатира дека институциите во системот на правда за децата во најголем број случаи се применуваат мерки/санкции кои не вклучуваат лишување од слобода, што кореспондира со Законот за правда за децата.

Имено, во 2014 година, судовите изрекле:
- спрема 53% од децата - Засилен надзор од страна на родители/старатели и засилен надзор од страна на центарот за социјална работа. Засилен надзор од страна на згрижувачко семејство не е изречена за ниту едно дете;
- спрема 15% од децата - Дисциплинска мерка Укор;
- спрема 4% од децата - Заводска мерка;
- спрема едно дете - Упатување во Центар за млади и
- спрема две деца - казна затвор.

Во 2015 година податоците се слични. Судовите изрекле:
- спрема 63% од децата - Засилен надзор од страна на родители/старатели и засилен надзор од страна на центарот за социјална работа;
- засилен надзор од страна на згрижувачко семејство не е изречена за ниту едно дете;
- спрема 17% од децата - Дисциплинска мерка Укор;
- спрема 3% од децата - Заводска мерка;
- спрема две деца - Упатување во Центар за деца;
- спрема шест деца - казна затвор и
- спрема шест деца е определена мерка притвор, што претставува трикратно намалување на оваа мерка, споредбено со 2014 година;

Државниот совет констатира дека во 2016 година:
- нема отстапување од претходната година и во однос на изречена дисциплинска мерка - Укор спрема 18% од децата;
- упатување во Центар за деца не е изречена за ниту едно дете, за разлика од претходната година кога беше применета за две деца;
- нема отстапување во однос на бројот на изречени санкции - Засилен надзор од страна на родители/старатели и засилен надзор од страна на центарот за социјална работа, односно овие санкции се изречени спрема 60% од децата;
- засилен надзор од страна на згрижувачко семејство како и претходните години, не е изречен;
- спрема 2.5% од децата е применета Заводска мерка;
- за разлика од претходната година, се забележува зголемување на примена на санкцијата казна затвор од 6 на 10 деца;

Во врска со барањето на Европскиот комитет за социјални права (ECSR) да се наведат прецизни одредби и судска пракса кои експлицитно ги забрануваат сите форми на физичко казнување на децата (вклучувајќи ги и најблагите форми) во домот и во установите[38], информираме дека заштитата на децата од секаков вид на насилство е предвидена и во **Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство**.

Согласно член 3 од овој закон, под семејно насилство се подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на

[38] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 30.

несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.

Во согласност со одредбите од овој Закон:

- сторител на семејно насилство е секое лице кое врши дејствие на насилство од член 3 од овој закон;
- жртва на семејно насилство е секое лице кое на територија на Република Македонија трпи насилство од член 3 од овој закон;
- блиски лични односи, се лични односи меѓу лица кои се или биле во партнерски односи;
- дете е секое лице на возраст до 18 години;
- телесно/физичко насилство, е секое дејствие на примена на физичка сила или дејствие со кое се нарушува здравјето на жртвата;

Понатаму, со член 12 од **Законот за заштита на децата** „се забрануваат сите облици на сексуално искористување и сексуална злоупотреба на децата (вознемирување, детска порнографија, детска проституција), насилно подведување, продажба или трговија со децата, психичко или физичко насилство и малтретирање, казнување или друго нечовечко постапување, сите видови на експлоатација, комерцијално искористување и злоупотреба на децата со кои се кршат основните човекови слободи и права и правата на детето."

Секој граѓанин е должен да пријави пред надлежен орган каква било форма на дискриминација, злоупотреба, малтретирање и искористување на дете и тоа веднаш по стекнувањето на сознание за настанот.

Со Член 228 од **Законот за заштита на децата** се предвидени глоби и тоа „Глоба во износ од 1,000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на установа за деца, на детска градинка/центар за ран детски развој, организациона единица основана од страна и во состав на правни лица, високообразовна установа и на приватно училиште и на агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст возраст, ако:

- организира политичко или верско организирање и дејствување и во установата за деца, односно кај агенцијата се врши злоупотреба на децата од истите причини, како и се врши психичко или физичко малтретирање, казнување или друго нечовечко постапување или злоупотреба на децата "

Во врска со прашањето на Комитетот (ECSR) за тоа дали слабите финансиски услови или материјалните околности се единствените причини за сместувањето на детето надвор од семејството[39], информираме дека во Законот за семејство, член 90 се наведени случаите во кои може да се поведе постапка за одземање на родителското право поради злоупотреба и занемарување на дете. Во законот не е предвидено детето да биде одземено од родителите само поради лошата

[39] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 30.

материјална состојба на семејството, доколку се утврди дека родителите имаат капацитет да обезбедат грижа за детето. Центарот за социјална работа во вакви случаи има законска можност материјално да го помогне семејството доколку утврди дека истото се наоѓа во положба од социјален ризик.

Во однос на конкретното прашање на Европскиот комитет за социјални права во врска со максималната должина на притворот и затворската казна за децата, како и прашањето дали младите престапници се сместуваат одвоено од полнолетните лица[40], известуваме дека согласно член 118 од **Законот за правда за децата** („Службен весник на РМ", бр.148/2013) **притворот** се одредува со Решение на судијата за деца и може да трае најдолго 30 дена. Мерка притвор судијата за деца може да определи против детето само по предлог на јавниот обвинител, а по претходно прибавено мислење од центарот. На детето може да му се определи мерка притвор при постоење на основите предвидени во Законот за кривичната постапка. Притворот може да се изрече само како крајна мерка ако не се исполнети условите за примена на другите мерки за обезбедување на присуство на детето предвидени во Законот за кривичната постапка.

По образложен предлог на судијата за деца, а по претходно прибавено мислење од јавниот обвинител и од центарот, советот за деца на основниот суд може од оправдани причини да го продолжи притворот за уште 60 дена. Ако притворот е одреден само поради утврдување на идентитетот на детето судијата за деца, односно советот за деца, е должен да донесе решение за неговото укинување веднаш кога ќе се утврди идентитетот. Судијата за деца е должен веднаш по одредувањето на притворот за тоа да ги извести родителите/от, односно старателите/от на детето, неговиот бранител и центарот. Рокот за жалба е три дена од доставувањето на решението за притвор. По жалбата на решението на судијата за деца во рок од три дена од нејзиното доставување одлучува кривичниот совет за деца на основниот суд, а по жалбата на решението на советот за деца на основниот суд, советот за деца на апелациониот суд.

Во притворот детето се сместува одвоено од полнолетните лица. (Член 120).
Во текот на траењето на притворот на детето му се гарантира и обезбедува правото на контакт со семејството најмалку еднаш неделно, правото на приватно и доверливо контактирање по потреба, правото на медицинска помош и заштита и правото на следење на информации преку средствата за јавно информирање.

Согласно Член 51 од Законот за правда за децата, затвор за деца може да се изрече само како главна казна. Затвор за деца може да се изрече на дете кривично одговорно над 16 годишна возраст кое сторило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор од пет години или потешка казна, ако делото е сторено под особено отежнувачки околности и при висок степен на кривична одговорност на сторителот и притоа не би било оправдано да се изрече

[40] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 31.

воспитна мерка. Затворот за деца не може да биде пократок од една ниту подолг од десет години, а се изрекува на полни години или на половина година.

Во однос на барањето на Комитетот на информации за мерките кои се преземаат за да се обезбеди помош на малолетниците без придружба или на малолетниците кои незаконски престојуваат во државата[41], информираме дека во 2015 година Владата на Република Македонија ги усвои Стандардните оперативни процедури (СОП) за постапување со непридружувани деца-странци кои се наменети за надлежни органи и организациони единици во рамките на Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, граѓански и меѓународни организации.

Стандардните оперативни процедури (СОП) се потпираат врз точно дефинирани надлежни институции, граѓански и меѓународни организации, точно дефинирани одговорни лица и поединечни контакти во владини/државни институции, граѓански и меѓународни организации. Истите редовно (еднаш годишно) се набљудуваат и ажурираат од страна на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција при Владата на РМ.

Стандардните оперативни процедури се однесуваат на меѓуресорски и мултидисциплинарен пристап во постапувањето со НМДС (непридружуван малолетник – дете странец) кој ќе ги обезбеди минимум предвидените стандарди, а истите ќе бидат во склад со најдобрите интереси на детето.

Стандардните оперативни процедури за постапување со непридружувани деца–странци, можат да се преземат на следниот линк:
https://rm.coe.int/CoERMPublicCommonSearchServices/DisplayDCTMContent?documentId=09000016806c0638

За период од 2014 година до јуни 2018 година, вкупно 232 деца без придружба поднеле барање за азил во Република Македонија и биле сместени во рамките на прифатен центар за баратели на азил или друга локација определена од страна на Министерството за труд и социјална политика, соодветна за давање заштита на деца.

Од аспект на мерките на помош во надлежноста на Министерството за труд и социјална политика, на дете без придружба веднаш му се назначува старател по редовната процедура од месно-надлежниот Центар за социјална работа, потоа се прави проценка на потребите и социјална анамнеза, по што се спроведуваат основните мерки како што се: соодветно сместување, здравствена заштита, психосоцијална поддршка, постапката за семејно обединување или пронаоѓање на членови од негово семејство и други. Доколку се работи за малолетно дете без придружба, за кое врз основа на брза проценка и најдобар интерес на детето, се поднесува дополнително и барање за азил, тогаш мерките за помош ќе вклучат и мерки поврзани со интеграција, како што е изучување на македонскиот јазик и запишување во редовна наставна програма.

[41] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 31.

**Член 17§2**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на децата и младинците да растат во средина која го поттикнува целосниот развој на нивната личност и нивните физички и ментални способности, страните-договорнички се обврзуваат, директно или во соработка со јавните или приватните организации, да преземат соодветни и неопходни мерки кои имаат за цел да им обезбедат на децата и младинците бесплатно основно и средно образование и да ги поттикнат редовно да ја посетуваат наставата.

**Образовен систем во Република Македонија**

*Закон за основно образование*

Согласно Законот за основното образование секое дете има право на основно образование. Основното образование е достапно за секое дете за што е спроведен концепт на бесплатно образование преку:

- бесплатни учебници за сите ученици во основното образование, и
- бесплатен превоз за учениците коишто посетуваат училишта кои се оддалечени повеќе од 2.5 километри од нивните домови. Учениците со посебни образовни потреби и лицата за нивна придружба имаат право на бесплатен превоз без оглед на оддалеченоста на нивното место на живеење до основното училиште

Согласно Законот за основното образование, деца со странско државјанство или деца без државјанство, кои престојуваат во Република Македонија имаат право на основно образование под еднакви услови како децата државјани на Република Македонија.
Основното образование се организира и остварува во основно училиште.
Основно образование се организира и остварува и во здравствени установи, социјални установи, казнено - поправни и воспитно- поправни установи, согласно со овој закон.

Министерството за образование и наука во соработка со УНДП и Управата за извршување на санкциите, започна пилот проект, односно циклус на активности, за реализирање на основно образование во КПУ (Казнено-поправна установа) Охрид и ВПУ (Воспитно-поправна установа) Охрид. Со овој пилот проект беа опфатени 24 лица сместени во КПУ и ВПУ Охрид. Во периодот од јули до октомври 2017 година беа прилагодени претходно изготвените програми за јазична и нумеричка писменост (македонски јазик и математика), кои се изработени во рамките на заедничката активност на МОН и УНДП за операционализација на Концепцијата за основно образовани на возрасните.
Во периодот од октомври 2017 година до април 2018 година во рамките на пилот проектот од страна на наставниот кадар на ООУ „Христо Узунов“ - Охрид, се реализираа обуки за македонски јазик и математика во КПУ и ВПУ Охрид. Пред отпочнувањето на наставата за малолетниците претходеше проверка на претходно стекнатото знаење на 24 малолетни лица. Согласно сознанијата се започна со

реализација на часовите, при што согласно информациите, малолетниците ја совладаа предвидената содржина.
По завршување на обуката извршена е проверката на знаењата стекнати за време на наставата, по што беа доделени и потврди/документ согласно кои на малолетниците би им се препознал вложениот труд и стекнатото знаење и би им овозможило по излегувањето од установата проодност во основните училишта.
Во наредниот период би следело продолжување со пилот проектот, односно би се реализирале часови и за другите наставни предмети со цел комплетирање на основното образование.

Инвестирањето во подобрување на квалитетот на образованието во Република Македонија е континуиран процес кој опфаќа не само инфраструктури интервенции туку и интервенции во наставните планови и програми, едукативниот материјал како и инвестирање во човечки капитал, односно обезбедување на континуирана обука и професионално усовршување на наставниот и стручниот кадар.

Наставата во основното образование се изведува на 4 наставни јазици: македонски, албански, турски и српски јазик. За припадниците на етничките заедници кои наставата не ја реализираат на својот мајчин јазик од трето до деветто одделение може да го изберат предметот Јазик и култура на Бошњаци, Власи и Роми. Во учебната 2016/17 број на ученици кои го следеле изборниот предмет Јазик и култура на Бошњаци, Власи и Роми изнесувал 3,217, а во учебната 2017/18 таа бројка е зголемена и изнесува 3,403 ученици

На предлог на Министерството за образование и наука, Владата донесе одлука за воведување на босанскиот јазик во редовна настава во основните училишта од учебната 2018/2019 година.

*Закон за средно образование*

Согласно Законот за средно образование, средното образование е задолжително за секој граѓанин, под еднакви услови утврдени со овој закон. Средното образование во јавните средни училишта е бесплатно, се обезбедува бесплатен превоз, бесплатно сместување во ученички домови и бесплатни учебници. За ученикот кој е со статус на редовен ученик во јавно средно училиште се организира бесплатен превоз до училиштето, ако ученикот не се смести во ученички дом. Ученикот има право на бесплатен превоз ако местото на живеење е оддалечено најмалку 2.5 километри од средното училиште во кое ученикот е запишан и ја посетува наставата и ако избраната струка и профил не е застапена во општината во која ученикот живее.

По исклучок, ако во општината во која живее ученикот при запишувањето во прва година на образование се пополнети сите места во училиштето, односно училиштата во општината, ученикот има право на бесплатен превоз до јавното средно училиште во друга општина во кое е ученикот запишан, ако местото на

живеење е оддалечено најмалку 2.5 километри и ако ученикот ја посетува наставата.
За ученикот кој користи сместување и исхрана во ученички дом не се организира бесплатен превоз до дома за време на викендите, освен за учениците со посебни образовни потреби.

Ученикот со посебни образовни потреби и лицето за негова придружба имаат право на бесплатен превоз без оглед на оддалеченоста на нивното место на живеење до државното средно училиште во кое ученикот е запишан и ја посетува наставата.

Учениците од ромската етничка заедница можат да се запишат во одредено јавно средно училиште ако имаат до 10% помалку поени од бројот на поените предвидени согласно Конкурсот за соодветните наставни планови и програми и ако ги задоволуваат дополнителните критериуми за испит на знаење и вештини во соодветното училиште.

Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Македонија и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), заедно со локалните заедници и граѓанските организации учествуваат во реализацијата на Програмата Општинско–корисна работа. Таа претставува важен дел од Оперативниот план на активни мерки и програми за вработување, со значителен опфат на невработени ангажирани лица и крајни корисници. Програмата Општинско–корисна работа е одличен модел за интегрирање на ранливите категории и тешко-вработливите групи на пазарот на трудот, но и за стекнување на работно искуство на ангажираните лица.

Преку оваа Програма, меѓу другото се обезбедува дополнителна помош на учениците со попреченост во рамките на образованиот процес во основните и средните училишта, преку ангажирање на образовни асистенти и лични асистенти кои им помагаат на учениците со попреченост. Во рамките на оваа Програма ангажирани се 140 образовни асистенти.

Активностите од програмата за обезбедување образовни асистенти и лични асистенти кои ќе им помагаат на учениците со попреченост во основните и средните училишта продолжуваат и оваа учебна година.

Министерството за образование и наука во наредниот период планира целосно екипирање на стручната служба во основното и средното образование.

Во врска со барањето на Европскиот комитет за социјални права (ECSR) да биде информиран за бројот на основни и средни училишта, кои се дел од задолжителното образование и се бесплатни, нивната географска распределеност како и стапките на запишување и испишување на учениците[42], бараните податоци ги доставуваме во табелите подолу:

[42] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 32.

| Табела 1: | Вкупен број на редовни основни училишта и ученици, распределени по општини | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Општина | 2013/2014 | | 2014/2015 | | 2015/2016 | | 2016/2017 | | 2017/2018 | |
| | | Број на редовни основни училишта | Вкупно ученици | Број на редовни основни училишта | Вкупно ученици | Број на редовни основни училишта | Вкупно ученици | Број на редовни основни училишта | Вкупно ученици | Број на редовни основни училишта | Вкупно ученици |
| 1 | АЕРОДРОМ | 8 | 5756 | 8 | 5821 | 8 | 5934 | 8 | 6314 | 8 | 6370 |
| 2 | АРАЧИНОВО | 2 | 2125 | 2 | 2055 | 2 | 2027 | 2 | 2078 | 2 | 2060 |
| 3 | БЕРОВО | 2 | 1037 | 2 | 983 | 2 | 956 | 2 | 908 | 2 | 878 |
| 4 | БИТОЛА | 12 | 7506 | 12 | 7524 | 12 | 7546 | 12 | 7777 | 12 | 7717 |
| 5 | БОГДАНЦИ | 2 | 628 | 2 | 626 | 2 | 594 | 2 | 608 | 2 | 570 |
| 6 | БОГОВИЊЕ | 6 | 2969 | 6 | 2917 | 6 | 2825 | 6 | 2815 | 6 | 2749 |
| 7 | БОСИЛОВО | 3 | 1134 | 3 | 1084 | 3 | 999 | 3 | 1057 | 3 | 1029 |
| 8 | БРВЕНИЦА | 3 | 1597 | 3 | 1587 | 3 | 1533 | 3 | 1539 | 3 | 1502 |
| 9 | БУТЕЛ | 7 | 4888 | 7 | 4819 | 7 | 4817 | 7 | 4975 | 7 | 5017 |
| 10 | ВАЛАНДОВО | 2 | 1007 | 2 | 1014 | 2 | 969 | 2 | 1015 | 2 | 988 |
| 11 | ВАСИЛЕВО | 2 | 1133 | 2 | 1050 | 2 | 1016 | 2 | 1085 | 2 | 1079 |
| 12 | ВЕВЧАНИ | 1 | 235 | 1 | 241 | 1 | 242 | 1 | 244 | 1 | 239 |
| 13 | ВЕЛЕС | 7 | 4562 | 7 | 4532 | 7 | 4511 | 7 | 4577 | 7 | 4568 |
| 14 | ВИНИЦА | 4 | 1465 | 4 | 1420 | 4 | 1420 | 4 | 1413 | 4 | 1384 |
| 15 | ВРАПЧИШТЕ | 4 | 2680 | 4 | 2667 | 4 | 2587 | 4 | 2587 | 4 | 2555 |
| 16 | ГРАДСКО | 1 | 315 | 1 | 304 | 1 | 314 | 1 | 335 | 1 | 333 |
| 17 | ГАЗИ БАБА | 11 | 7134 | 11 | 7047 | 11 | 6886 | 11 | 6974 | 11 | 6927 |
| 18 | ГЕВГЕЛИЈА | 4 | 1828 | 4 | 1813 | 4 | 1818 | 4 | 1919 | 4 | 1899 |
| 19 | ГОСТИВАР | 10 | 6737 | 10 | 6553 | 10 | 6519 | 10 | 6622 | 10 | 6557 |
| 20 | ДЕЛЧЕВО | 2 | 1282 | 2 | 1269 | 2 | 1211 | 2 | 1208 | 2 | 1186 |
| 21 | ДЕМИР КАПИЈА | 1 | 332 | 1 | 319 | 1 | 323 | 1 | 329 | 1 | 324 |
| 22 | ДОЈРАН | 1 | 265 | 1 | 252 | 1 | 240 | 1 | 253 | 1 | 259 |
| 23 | ДОЛНЕНИ | 7 | 1798 | 7 | 1794 | 7 | 1757 | 7 | 1814 | 7 | 1829 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 24 | ДРУГОВО | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 25 | ДЕБАР | 3 | 2171 | 3 | 2081 | 3 | 2053 | 3 | 2082 | 3 | 2098 |
| 26 | ДЕМИР ХИСАР | 3 | 555 | 3 | 549 | 3 | 546 | 3 | 551 | 3 | 555 |
| 27 | ДЕБАРЦА | 1 | 258 | 1 | 245 | 1 | 235 | 1 | 234 | 1 | 228 |
| 28 | ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | 6 | 3369 | 6 | 3326 | 6 | 3322 | 6 | 3415 | 6 | 3479 |
| 29 | ЖЕЛИНО | 5 | 3090 | 5 | 3025 | 5 | 2955 | 6 | 2888 | 6 | 2832 |
| 30 | ЗАЈАС | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 31 | ЗЕЛЕНИКОВО | 1 | 341 | 1 | 340 | 1 | 349 | 1 | 326 | 1 | 318 |
| 32 | ЗРНОВЦИ | 1 | 213 | 1 | 200 | 1 | 187 | 1 | 167 | 1 | 165 |
| 33 | ИЛИНДЕН | 3 | 1777 | 3 | 1763 | 3 | 1723 | 3 | 1775 | 3 | 1712 |
| 34 | ЈЕГУНОВЦЕ | 3 | 959 | 3 | 957 | 3 | 939 | 3 | 981 | 3 | 962 |
| 35 | КРИВА ПАЛАНКА | 2 | 1649 | 2 | 1579 | 2 | 1553 | 2 | 1613 | 2 | 1586 |
| 36 | КАВАДАРЦИ | 6 | 3423 | 6 | 3385 | 6 | 3309 | 6 | 3342 | 6 | 3286 |
| 37 | КАРПОШ | 10 | 5771 | 10 | 5667 | 10 | 5646 | 10 | 5789 | 10 | 5762 |
| 38 | КИЧЕВО | 9 | 3924 | 9 | 3768 | 9 | 3678 | 9 | 3721 | 9 | 3711 |
| 39 | КОНЧЕ | 1 | 315 | 1 | 289 | 1 | 271 | 1 | 294 | 1 | 282 |
| 40 | КОЧАНИ | 5 | 3077 | 5 | 3019 | 5 | 2939 | 5 | 2902 | 5 | 2793 |
| 41 | КРИВОГАШТАНИ | 2 | 573 | 2 | 563 | 2 | 567 | 2 | 561 | 2 | 538 |
| 42 | КРУШЕВО | 2 | 771 | 2 | 764 | 2 | 766 | 2 | 786 | 2 | 741 |
| 43 | КУМАНОВО | 16 | 11202 | 16 | 10957 | 16 | 10725 | 16 | 10586 | 16 | 10477 |
| 44 | КАРБИНЦИ | 1 | 463 | 1 | 420 | 1 | 422 | 1 | 414 | 1 | 406 |
| 45 | КИСЕЛА ВОДА | 8 | 5067 | 8 | 5070 | 8 | 4999 | 8 | 5267 | 8 | 5279 |
| 46 | КРАТОВО | 1 | 651 | 1 | 618 | 1 | 587 | 1 | 580 | 1 | 562 |
| 47 | ЛИПКОВО | 6 | 3539 | 6 | 3329 | 6 | 3118 | 6 | 3037 | 6 | 2928 |
| 48 | ЛОЗОВО | 1 | 184 | 1 | 184 | 1 | 181 | 1 | 198 | 1 | 190 |
| 49 | МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА | 1 | 628 | 1 | 597 | 1 | 554 | 1 | 594 | 1 | 547 |
| 50 | МАВРОВО И РОСТУША | 4 | 608 | 4 | 619 | 4 | 604 | 4 | 612 | 4 | 602 |
| 51 | МАКЕДОНСКИ БРОД | 1 | 469 | 1 | 474 | 1 | 479 | 1 | 501 | 1 | 511 |
| 52 | МОГИЛА | 3 | 538 | 3 | 540 | 3 | 547 | 3 | 569 | 3 | 575 |
| 53 | НЕГОТИНО | 2 | 1805 | 2 | 1771 | 2 | 1761 | 2 | 1776 | 2 | 1753 |
| 54 | НОВАЦИ | 1 | 230 | 1 | 237 | 1 | 244 | 1 | 269 | 1 | 270 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 55 | НОВО СЕЛО | 2 | 662 | 2 | 656 | 2 | 613 | 2 | 570 | 2 | 539 |
| 56 | ОСЛОМЕЈ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 57 | ОХРИД | 8 | 4793 | 8 | 4817 | 8 | 4748 | 8 | 4867 | 8 | 4716 |
| 58 | ПЕХЧЕВО | 1 | 382 | 1 | 384 | 1 | 352 | 1 | 334 | 1 | 337 |
| 59 | ПЛАСНИЦА | 2 | 571 | 2 | 569 | 2 | 589 | 2 | 589 | 2 | 589 |
| 60 | ПРИЛЕП | 10 | 6734 | 10 | 6668 | 10 | 6658 | 10 | 6838 | 10 | 6761 |
| 61 | ПРОБИШТИП | 2 | 1122 | 2 | 1111 | 2 | 1098 | 2 | 1150 | 2 | 1135 |
| 62 | ПЕТРОВЕЦ | 2 | 1031 | 2 | 1011 | 2 | 1000 | 2 | 1019 | 2 | 1029 |
| 63 | РАДОВИШ | 5 | 2550 | 5 | 2455 | 5 | 2346 | 5 | 2525 | 5 | 2483 |
| 64 | РЕСЕН | 5 | 1099 | 5 | 1050 | 5 | 1007 | 5 | 1072 | 5 | 1079 |
| 65 | РОСОМАН | 1 | 404 | 1 | 405 | 1 | 408 | 1 | 400 | 1 | 404 |
| 66 | РАНКОВЦЕ | 1 | 326 | 1 | 299 | 1 | 302 | 1 | 314 | 1 | 308 |
| 67 | САРАЈ | 7 | 5249 | 7 | 5236 | 7 | 5177 | 8 | 5257 | 8 | 5248 |
| 68 | СВЕТИ НИКОЛЕ | 3 | 1434 | 3 | 1405 | 3 | 1385 | 3 | 1389 | 3 | 1340 |
| 69 | СОПИШТЕ | 1 | 515 | 1 | 511 | 1 | 498 | 1 | 533 | 1 | 533 |
| 70 | СТАРО НАГОРИЧАНЕ | 3 | 345 | 3 | 333 | 3 | 312 | 3 | 304 | 3 | 287 |
| 71 | СТРУГА | 11 | 5781 | 11 | 5803 | 11 | 5644 | 11 | 5638 | 11 | 5510 |
| 72 | СТРУМИЦА | 9 | 5401 | 9 | 5166 | 9 | 4975 | 9 | 5139 | 9 | 5040 |
| 73 | СТУДЕНИЧАНИ | 3 | 3110 | 3 | 3134 | 3 | 3152 | 3 | 3279 | 3 | 3361 |
| 74 | ТЕАРЦЕ | 5 | 1670 | 5 | 1620 | 5 | 1575 | 5 | 1606 | 5 | 1639 |
| 75 | ТЕТОВО | 12 | 9915 | 12 | 9789 | 12 | 9822 | 12 | 10031 | 12 | 10112 |
| 76 | ЦЕНТАР | 7 | 4240 | 7 | 4243 | 7 | 4298 | 7 | 4486 | 7 | 4475 |
| 77 | ЦЕНТАР ЖУПА | 2 | 593 | 2 | 579 | 2 | 579 | 2 | 584 | 2 | 546 |
| 78 | ЧАИР | 9 | 7510 | 9 | 7517 | 9 | 7454 | 9 | 7735 | 9 | 7930 |
| 79 | ЧАШКА | 3 | 1001 | 3 | 984 | 3 | 1038 | 3 | 1061 | 3 | 1067 |
| 80 | ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО | 2 | 493 | 2 | 472 | 2 | 442 | 2 | 419 | 2 | 404 |
| 81 | ЧУЧЕР САНДЕВО | 3 | 683 | 3 | 688 | 3 | 691 | 3 | 698 | 3 | 708 |
| 82 | ШУТО ОРИЗАРИ | 2 | 4179 | 2 | 4072 | 2 | 3954 | 2 | 4019 | 2 | 4002 |
| 83 | ШТИП | 5 | 4132 | 5 | 4027 | 5 | 3955 | 5 | 4125 | 5 | 4090 |

**Извор:** Министерство за образование и наука на Република Македонија

| Табела 2: Вкупен број на редовни основни училишта и ученици, распределени по региони | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **8 - Региони** | **2013/2014** | | **2014/2015** | | **2015/2016** | | **2016/2017** | | **2017/2018** | |
| | Број на редовни основни училишта | Вкупно ученици | Број на редовни основни училишта | Вкупно ученици | Број на редовни основни училишта | Вкупно ученици | Број на редовни основни училишта | Вкупно ученици | Број на редовни основни училишта | Вкупно ученици |
| **Скопски регион** | 90 | 62745 | 90 | 62320 | 90 | 61927 | 91 | 63939 | 91 | 64210 |
| **Вардарски регион** | 25 | 13460 | 25 | 13289 | 25 | 13230 | 25 | 13407 | 25 | 13265 |
| **Источен регион** | 26 | 14294 | 26 | 13902 | 26 | 13536 | 26 | 13634 | 26 | 13325 |
| **Југозападен регион** | 38 | 18795 | 38 | 18577 | 38 | 18247 | 38 | 18460 | 38 | 18148 |
| **Југоисточен регион** | 31 | 14923 | 31 | 14405 | 31 | 13841 | 31 | 14465 | 31 | 14168 |
| **Пелагониски регион** | 45 | 19804 | 45 | 19689 | 45 | 19638 | 45 | 20237 | 45 | 20065 |
| **Полошки регион** | 52 | 30225 | 52 | 29732 | 52 | 29359 | 53 | 29681 | 53 | 29510 |
| **Североисточен регион** | 29 | 17712 | 29 | 17115 | 29 | 16597 | 29 | 16434 | 29 | 16148 |
| **Вкупно** | **336** | **191958** | **336** | **189029** | **336** | **186375** | **338** | **190257** | **338** | **188839** |

**Извор:** Министерство за образование и наука на Република Македонија

| Табела 3: | Вкупен број на ученици кои во текот на учебните години се отпишале од редовните основни училишта | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Учебна година | Отпишани =д+ѓ | Ученици кои заминале | | | | | |
| | | Заминале во друго ОУ во иста општина (а) | Заминале во друго ОУ во РМ (б) | Други држави (в) | Непознато (г) | Вкупно (д=в+г) | Ученици кои го прекинале школувањето (ѓ) |
| **2013/2014** | 1413 | 709 | 283 | 670 | 145 | 815 | 598 |
| **2014/2015** | 1850 | 611 | 334 | 1146 | 243 | 1389 | 461 |
| **2015/2016** | 1547 | 619 | 359 | 910 | 83 | 993 | 554 |
| **2016/2017** | 1453 | 757 | 391 | 1027 | 114 | 1141 | 312 |

**Извор:** Државен завод за статистика на Република Македонија

| Табела 1: | Вкупен број на редовни средни училишта и ученици, распределени по општини | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2013/2014 | | 2014/2015 | | 2015/2016 | | 2016/2017 | | 2017/2018 | |
| **Реден број** | **Општина/Град Скопје** | Број на редовни средни училишта | Вкупно ученици | Број на редовни средни училишта | Вкупно ученици | Број на редовни средни училишта | Вкупно ученици | Број на редовни средни училишта | Вкупно ученици | Број на редовни средни училишта | Вкупно ученици |
| 1 | БЕРОВО | 1 | 533 | 1 | 495 | 1 | 486 | 1 | 463 | 1 | 421 |
| 2 | БИТОЛА | 7 | 4301 | 7 | 4145 | 7 | 4085 | 7 | 3661 | 7 | 3657 |
| 3 | БОГДАНЦИ | 1 | 329 | 1 | 303 | 1 | 316 | 1 | 266 | 1 | 251 |
| 4 | ВАЛАНДОВО | 1 | 346 | 1 | 298 | 1 | 261 | 1 | 237 | 1 | 221 |
| 5 | ВЕЛЕС | 4 | 2650 | 4 | 2574 | 4 | 2548 | 4 | 2222 | 4 | 2175 |
| 6 | ВИНИЦА | 1 | 655 | 1 | 597 | 1 | 550 | 1 | 550 | 1 | 520 |
| 7 | ВРАПЧИШТЕ | 1 | 273 | 1 | 249 | 1 | 263 | 1 | 238 | 1 | 217 |
| 8 | ГЕВГЕЛИЈА | 1 | 977 | 1 | 900 | 1 | 888 | 1 | 756 | 1 | 711 |
| 9 | ГОСТИВАР | 3 | 4177 | 4 | 4016 | 4 | 3605 | 4 | 3238 | 4 | 3095 |
| 10 | ДЕБАР | 1 | 730 | 1 | 669 | 1 | 671 | 1 | 611 | 1 | 593 |
| 11 | ДЕЛЧЕВО | 1 | 491 | 1 | 445 | 1 | 432 | 1 | 383 | 1 | 368 |
| 12 | ДЕМИР ХИСАР | 1 | 227 | 1 | 206 | 1 | 179 | 1 | 156 | 1 | 135 |
| 13 | ДОЛНЕНИ | - | - | - | - | 1 | 390 | 1 | 342 | 1 | 330 |
| 14 | ИЛИНДЕН | 1 | 64 | 1 | 131 | 1 | 190 | 1 | 258 | 1 | 259 |
| 15 | КАВАДАРЦИ | 3 | 1773 | 3 | 1678 | 3 | 1583 | 3 | 1401 | 3 | 1326 |
| 16 | КИЧЕВО | 2 | 2598 | 2 | 2391 | 2 | 1840 | 2 | 1608 | 2 | 1530 |
| 17 | КОЧАНИ | 2 | 1647 | 2 | 1577 | 2 | 1543 | 2 | 1478 | 2 | 1420 |
| 18 | КРАТОВО | 1 | 269 | 1 | 272 | 1 | 265 | 1 | 258 | 1 | 229 |
| 19 | КРИВА ПАЛАНКА | 1 | 788 | 1 | 726 | 1 | 699 | 1 | 627 | 1 | 600 |
| 20 | КРУШЕВО | 1 | 286 | 1 | 239 | 1 | 222 | 1 | 183 | 1 | 160 |
| 21 | КУМАНОВО | 5 | 6233 | 5 | 5891 | 5 | 5735 | 5 | 5522 | 5 | 5213 |
| 22 | ЛИПКОВО | 1 | 518 | 1 | 513 | 1 | 510 | 1 | 493 | 1 | 476 |
| 23 | МАВРОВО И РОСТУША | 1 | 141 | 1 | 130 | 1 | 136 | 1 | 136 | 1 | 127 |
| 24 | МАКЕДОНСКИ БРОД | 1 | 266 | 1 | 237 | 1 | 208 | 1 | 175 | 1 | 151 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 25 | МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА | 1 | 214 | 1 | 204 | 1 | 177 | 1 | 177 | 1 | 166 |
| 26 | НЕГОТИНО | 1 | 754 | 1 | 742 | 1 | 693 | 1 | 631 | 1 | 627 |
| 27 | ОХРИД | 3 | 2489 | 4 | 2326 | 4 | 2254 | 4 | 1964 | 4 | 1960 |
| 28 | ПРИЛЕП | 5 | 3759 | 5 | 3553 | 5 | 3477 | 5 | 3180 | 5 | 3199 |
| 29 | ПРОБИШТИП | 1 | 432 | 1 | 412 | 1 | 380 | 1 | 339 | 1 | 313 |
| 30 | РАДОВИШ | 1 | 859 | 1 | 794 | 1 | 746 | 1 | 635 | 1 | 576 |
| 31 | РЕСЕН | 1 | 450 | 1 | 428 | 1 | 401 | 1 | 341 | 1 | 304 |
| 32 | СВЕТИ НИКОЛЕ | 1 | 591 | 1 | 563 | 1 | 528 | 1 | 474 | 1 | 480 |
| 33 | ГРАД СКОПЈЕ | 27 | 26538 | 27 | 26015 | 27 | 25457 | 30 | 24314 | 30 | 24022 |
| 34 | СТРУГА | 2 | 2728 | 2 | 2520 | 2 | 2358 | 2 | 2185 | 2 | 2087 |
| 35 | СТРУМИЦА | 3 | 3762 | 3 | 3674 | 3 | 3543 | 3 | 2997 | 3 | 2936 |
| 36 | ТЕТОВО | 6 | 9272 | 6 | 8832 | 7 | 8149 | 7 | 7582 | 7 | 7180 |
| 37 | ЦЕНТАР ЖУПА | 1 | 141 | 1 | 135 | 1 | 119 | 1 | 94 | 1 | 94 |
| 38 | ШТИП | 6 | 2777 | 6 | 2791 | 6 | 2707 | 6 | 2529 | 6 | 2408 |

**Извор:** Министерство за образование и наука на Република Македонија

| Табела 2: | Вкупен број на редовни средни училишта и ученици, распределени по региони | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 - Региони | 2013/2014 | | 2014/2015 | | 2015/2016 | | 2016/2017 | | 2017/2018 | |
| | Број на редовни средни училишта | Вкупно ученици | Број на редовни средни училишта | Вкупно ученици | Број на редовни средни училишта | Вкупно ученици | Број на редовни средни училишта | Вкупно ученици | Број на редовни средни училишта | Вкупно ученици |
| **Скопски регион** | 28 | 26602 | 28 | 26146 | 28 | 25647 | 31 | 24572 | 31 | 24281 |
| **Вардарски регион** | 9 | 5768 | 9 | 5557 | 9 | 5352 | 9 | 4728 | 9 | 4608 |
| **Источен регион** | 13 | 6749 | 13 | 6521 | 13 | 6275 | 13 | 5919 | 13 | 5616 |
| **Југозападен регион** | 10 | 8952 | 11 | 8278 | 11 | 7450 | 11 | 6637 | 11 | 6415 |
| **Југоисточен регион** | 7 | 6273 | 7 | 5969 | 7 | 5754 | 7 | 4891 | 7 | 4695 |
| **Пелагониски регион** | 15 | 9023 | 15 | 8571 | 16 | 8754 | 16 | 7863 | 16 | 7785 |
| **Полошки регион** | 11 | 13863 | 12 | 13227 | 13 | 12153 | 13 | 11194 | 13 | 10619 |
| **Североисточен регион** | 8 | 7808 | 8 | 7402 | 8 | 7209 | 8 | 6900 | 8 | 6518 |
| **Вкупно** | **101** | **85038** | **103** | **81671** | **105** | **78594** | **108** | **72704** | **108** | **70537** |

**Извор:** Министерство за образование и наука на Република Македонија

| Табела 3: Вкупен број на ученици кои во текот на учебните години се отпишале од редовните средни училишта | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Учебна година** | **Ученици кои се отпишале (1)+(6)** | **Ученици кои заминале** | | | | | **Ученици кои го прекинале школувањето** | | | | |
| | | вкупно (1) = (2)+(3)+ (4)+(5) | од тоа заминале во: | | | | вкупно (6) =(7)+(8)+ (9)+(10)+ (11) | го прекинале школувањето: | | | |
| | | | друго училиште во истото место на живеење (2) | друго училиште во Република Македонија (3) | други држави (4) | непознато (5) | | во I година (7) | во II година (8) | во III година (9) | во IV година (10) | непознато (11) |
| **2013/2014** | 1 715 | 1 107 | 585 | 191 | 102 | 229 | 608 | 314 | 124 | 105 | 65 | - |
| **2014/2015** | 1 627 | 1 060 | 578 | 210 | 135 | 137 | 567 | 264 | 136 | 116 | 51 | - |
| **2015/2016** | 1 328 | 1 063 | 583 | 168 | 137 | 175 | 265 | 97 | 75 | 64 | 25 | 4 |
| **2016/2017** | 1 642 | 1 101 | 520 | 217 | 245 | 119 | 541 | 197 | 143 | 130 | 71 | - |

**Извор:** Државен завод за статистика на Република Македонија

Во врска со прашањето на Комитетот за просечниот број на корисници на паричниот надоместок за ученици во средно образование[43], информираме дека условениот паричен надоместок е наменет за ученици коишто редовно посетуваат настава во средно образование и се од социјално загрозени домаќинства, т.е. домаќинства кои се корисници на социјална парична помош.

Условениот паричен надоместок е програма која ја спроведува Владата на Република Македонија преку Министерството за труд и социјална политика, центрите за социјална работа, Министерството за образование и наука, средните училишта и Министерство за финансии и е наменета за ученици кои се на средношколска возраст и кои се членови на домаќинства корисници на социјална парична помош (СПП) и претставува дополнителна парична помош за редовно посетување на средно училиште.

Бројот на запишани ученици 2016/2017 година е 21,577 ученици. Бројот на ученици кои во таа учебна година биле корисници на УПН е 4,582 (21.2%).

Во врска со прашањето на Комитетот за тоа дали децата со странско државјанство или децата без државјанство кои престојуваат во територијата на Република Македонија, имаат право на образование[44], информираме дека согласно Законот за основното образование секое дете има право на основно образование. Основното образование е достапно за секое дете за што е спроведен концепт на бесплатно образование преку:

- бесплатни учебници за сите ученици во основното образование, и
- бесплатен превоз за учениците коишто посетуваат училишта кои се оддалечени повеќе од 2.5 километри од нивните домови. Учениците со посебни образовни потреби и лицата за нивна придружба имаат право на бесплатен превоз без оглед на оддалеченоста на нивното место на живеење до основното училиште.

Согласно Законот за основното образование, деца со странско државјанство или деца без државјанство, кои престојуваат во Република Македонија имаат право на основно образование под еднакви услови како децата државјани на Република Македонија.

[43] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 32.

[44] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 32.

Во врска со барањето на Комитетот за доставување на детални информации за преземените мерки за вклучување на децата Роми во редовното задолжително образование[45], ги доставуваме следните информации:

Преземени мерки во предучилишното воспитание и образование

Во однос на активностите за подобрување на социјалната вклученост на Ромите и понатаму континуирано се имплементирани низа активности во сите области во согласност со Стратегијата за Ромите 2014-2020.

Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Ромскиот едукативен фонд (РЕФ), веќе единаесет години по ред го имплементира проектот „Инклузија на деца Роми во Јавните општински установи - детски градинки“, во 19 градинки/општини. Во текот на последната учебна година од вкупниот број 34,521 на запишани деца во сите детски градинки во Република Македонија 718 или 2.07% деца се Роми. Надвор од проектот (родители кои сами, со сопствени средства, го покриваат престојот на децата во градинка на ниво на Република Македонија), запишани се вкупно 204 деца).

Со проектот се реализирани активности за родителите од ромските заедници кои позитивно влијаат на зголемување на свеста и подобрување на информираноста за важноста од образование кај децата од најмала возраст. Одржани се работилници и средби за раниот детски развој, важноста од претшколското образование и важноста на пристапот и вклученоста на родителите во првите години од животот на детето.

Освен обврските кои ги превзема Министерството за труд и социјална политика административно и финансиски, исто така градинката и општината поддржуваат престој за одреден (помал) број на деца Роми во градинките, за што потпишуваат договор со Министерството за труд и социјална политика. Исто така општините обезбедуваат превоз за децата Роми од/до градинката. На тој начин Владата на Република Македонија и Локалната самоуправа ја демонстрираат својата волја за придонес кон развојот на ромската заедница во Македонија.

Преземени мерки во основното образование

Во Република Македонија ромската заедница своето образование на сите нивоа го остварува непречено, под еднакви услови како сите останати заедници.

Согласно Концепцијата за деветгодишно основно образование, ромската заедница изучувањето на мајчиниот јазик го остварува преку изборниот предметот „Јазик и култура на Ромите“ од трето до деветто одделение. Припадниците на ромската заедница во основното образование имаат право на изборна настава на својот мајчин јазик утврден со закон, но има и ученици Роми кои наставата ја следат на албански наставен јазик.

Согласно податоците од Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците во Република Македонија, бројот на вклучени деца од Ромска припадност во основното образование има позитивен прогресивен раст, не само во однос на уписот во основно образование туку и во однос на бројот ученици кои успешно го завршуваат образованието. Во учебната

[45] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 33.

2016/17 година во основното образование - од прво до деветто одделение, наставата ја посетувале 9,362 ученици (од кои 4,559 ученички). Во учебната 2017/2018 година, бројката е зголемена и изнесува 9,679 ученици (од кои 4,668 ученички).

Министерството за образование и наука преку позитивни мерки ги поддржува учениците Роми и ги имплементира активностите планирани во Стратегијата и националниот Акциски план за Роми со:

1. Обезбедување на дополнителна туторска настава за ученици Роми кои покажуваат послаби образовани резултати по одредени предмети во основното образование. Во периодот на имплементација (2016 и 2017 година) на оваа мерка се вклучени во туторска настава над 2,500 ученици Роми и одржани се над 150 средби со родители, наменети за подигање на свеста на родителите Роми за важноста на основното образование.
2. Министерството за образование и наука, како поддршка на основното образование на Ромите за учебната 2018/19 ангажира 20 локални образовани медијатори во училиштата. Со оваа мерка се обезбедува зголемување на опфатот на деца-Роми во основното образование, намалување на бројот на ученици кои го напуштаат образованието, намалување на бројот на ученици Роми кои се запишани во училиштата за деца со посебни потреби, зајакнување на врските на ромската заедница и родителите со училиштето, борба против социјалното исклучување (десегрегација и дискриминација), почитување на разликите и промовирање на интеркултурното образование.
3. Детектирање на децата од улица и нивна зголемена вклученост во воспитно-образовниот систем. Преку проектот на Фондацијата Песталоци, а со директна поддршка од Министерството за образование и наука, се спроведуваат активности и програми за враќање на децата од улица и децата во поодмината возраст кои не се вклучени во образованиот систем.

<u>Преземени мерки во средното образование</u>

Министерството за образование и наука, како дополнителна поддршка на средното образование на Ромите, нивно успешно завршување, како и продолжување со високото образование, континуирано доделува стипендии за средношколци и студенти Роми. Во табелата 1 и 2 се прикажани податоци за број на доделени стипендии по години за средношколци и студенти Роми:

1. Податоци за доделени стипендии на средношколци Роми

| Година | Број на доделени стипендии | Број на стипендисти кои успешно ја завршиле годината | Среден просек | Број на ангажирани ментори |
|---|---|---|---|---|
| **2009/10** | 444 | 437 (98,4%) | / | 161 |
| **2010/11** | 611 | 598 (97,8%) | 3,56 | 160 |
| **2011/12** | 591 | 586 (99,15) | 3,68 | 132 |
| **2012/13** | 593 | 591 (99,66%) | 3,72 | 106 |
| **2013/14** | 623 | 610 (97,91%) | 3,65 | 102 |
| **2014/15** | 603 | 590 (97.84%) | 3,63 | 94 |
| **2015/16** | 582 | 579 (99.48%) | 3,74 | 112 |
| **2016/17** | 582 | 573 (98.45%) | 3.88 | 91 |
| **2017/18** | 736 | се обработуваат податоците за оваа учебна година | се обработуваат податоците за оваа учебна година | 116 |
| **Вкупно** | **5365** | **4564** | **3,69** | **1074** |

**Извор:** Министерство за образование и наука на Република Македонија

2. Податоци за доделени стипендии на студенти Роми

| Академска година | Вкупен број на доделени стипендии |
|---|---|
| **2015/16** | 31 |
| **2016/17** | 72 |
| **2017/18** | 90 |
| **Вкупно** | **193** |

**Извор:** Министерство за образование и наука на Република Македонија

**ЧЛЕН 19 – Право на работниците мигранти и на нивните семејства на заштита и помош**

**Член 19§1**
Со цел да се обезбеди ефикасно остварување на правото на работниците мигранти и на нивните семејства на заштита и помош на територијата на секоја друга страна–договорничка, страните-договорнички се обврзуваат да одржуваат или да осигураат дека постојат соодветни бесплатни служби за помош на тие работници особено за прибавување на точни информации и да ги преземаат сите потребни чекори, колку што тоа го дозволуваат националните закони и други прописи, против секоја лажна пропаганда во врска со емиграцијата и имиграцијата.

Во однос на барањето на Европскиот комитет за социјални права за информации во врска со резултатите од Националната стратегија за еднаквост и недискриминација врз основа на етничка припадност, пол, возраст и физички и ментален инвалидитет за период 2012-2015 година[46], информираме дека во текот на 2016 година направена е евалуација на оваа Стратегија и врз основа на добиените резултати донесена е нова Стратегија за еднаквост и недискриминација 2017-2020. За разлика од претходната, оваа нова Стратегија ги зема во предвид сите основи на дискриминација, согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација (членот 3) и концепциски се однесува на дискриминација во сите области, групирани во: работа и работни односи, образование, наука,спорт и култура, социјална сигурност (заштита, пензиско и инвалидско осигурување и здравство), правосудство и управа и пристап до добра и услуги и е во согласност со препораките што Македонија ги доби од меѓународните механизми за човекови права на Обединетите нации. Во изработката на Стратегијата придонес дадоа претставници на државните институции, граѓанските организации и меѓународните организации.

Согласно Стратегијата за еднаквост и недискриминација 2016-2020 и согласно извештаите на Европската комисија во насока на унапредување на законодавството за поефикасна превенција и заштита од дискриминација, Министерството за труд и социјална политика во 2016 година пристапи кон измена на Законот за спречување и заштита од дискриминација. Новиот текст на Законот е изготвен низ широк транспарентен и консултативен процес со повеќе засегнати страни и усогласен со меѓународните стандарди.

Цел на овој закон е обезбедување на принципот на еднаквост и спречување и заштита од дискриминација во остварување на човековите права и слободи. Со овој закон се уредуваат превенцијата и забраната од дискриминација, облиците и видовите на дискриминација, постапките за заштита од дискриминација како и составот и работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.
Со Новиот текст на Законот се очекува да се обезбеди поефикасна заштита од дискриминација при имплементацијата на законот. Во новиот текст на законот се прошируваат основите за дискриминација, се менува и подобро се дефинира поимникот и дефиницијата за дискриминација, се професионализира Комисијата

[46] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 34.

за заштита од дискриминација и се менува називот и надлежноста на комисијата во Комисија за спречување и заштита од дискриминација, која освен на заштита, ќе треба да работи и на превенцијата. Се доуредуваат надлежностите на Комисијата, начинот на избор и условите за избор на членови. Се воведува одредба за користење на нови докази во судските постапки и action popularis. Исто така се предвидува и ослободување од судски трошоци во судските постапки.  Законот е во собраниска процедура и се очекува истиот да обезбеди поефикасна заштита од дискриминација и реагирање на дискриминаторските инциденти по било која основа.

Во текот на 2016 година Министерството за труд и социјална политика/Секторот за еднакви можности, во соработка со Мисијата на ОБСЕ реализираше 2 обуки за 60 стручни лица: социјални работници од Центрите за социјална работа, социјални работници - волонтери од камповите „Винојуг“ и „Табановце“, како и од Прифатниот центар за лица баратели на азил. Во рамки на овие обуки, покрај теоретската обука, беше организирана и теренска обука за практична примена на Индикаторите за идентификација на жртви на трговија со луѓе, односно стручните работници ги посетија наведените кампови и разговараа со жени-бегалци, во насока на профилирање на жртвите на трговија со луѓе помеѓу бегалците. Исто така во обуките организирани од Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегалната миграција, со поддршка на IOM (Меѓународната организација за миграции) и Министерството за труд и социјална политика, се одржаа едукативни сесии за примена на СОП (Стандардни оперативни процедури) за идентификација на непридружувани деца–странци и ранливи категории на лица - странци, како и за Општите индикатори за првична идентификација на претпоставени жртви на трговија со луѓе, во контекст на мешани миграциски движења. На овие обуки учество земаа претставници на полицијата, граничната полиција, како и на здруженија на граѓани даватели на помош и поддршка во камповите.

Мобилните тимови кои се формирани во Куманово и Гевгелија според Програмата за работа во текот на теренската работа, имаат обврска да се фокусираат на идентификација на жртви на трговија со луѓе, имајќи ја во предвид родовата еднаквост и еднаквиот пристап, без оглед дали се работи за деца, жени или мажи, помеѓу ранливи категории како што се: жртви на родово базирано насилство, со акцент на жртви на сексуално насилство, жртви на семејно насилство, жртви на трговија со луѓе меѓу мигрантите и бегалците и други ранливи категории.

Во врска со барањето на Комитетот на обновени информации за законските права на барателите на азил и бегалците како и програмите кои ги вклучуваат овие групи на луѓе со цел подобрување на нивната интеграција, овозможување на информации и борба против лажната пропаганда поврзана со миграцијата[47], информираме дека во април 2018 година, Собранието на Република Македонија го усвои новиот Закон за меѓународна и привремена заштита. Со тој закон на

[47] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 35.

барателите на азил во Република Македонија им се обезбедуваат загарантирани законски права и тоа:

- престој;
- идентификациона исправа;
- слобода на движење;
- бесплатна правна помош;
- соодветно сместување и згрижување во Прифатен центар или друго место за сместување определено од Министерството за труд и социјална политика, доколку искаже потреба за истото;
- семејно единство;
- основни здравствени услуги согласно со прописите за здравственото осигурување;
- право на социјална заштита согласно со прописите за социјалната заштита;
- право на образование согласно со прописите за основно и средно образование;
- работа само во рамките на Прифатниот центар или друго место за сместување определено од Министерството за труд и социјална политика и право на слободен пристап на пазарот на труд за барател на право на азил, за чие барањето за признавање на право на азил не е донесена одлука од страна на Секторот за азил, во период не подолг од девет месеци по поднесувањето на барањето;
- пристап до достапни програми за рана интеграција; и
- контакти со Високиот комесаријат за бегалци, како и невладини хуманитарни организации заради давање на правна помош во постапката за признавање на право на азил.

За лицата признаени бегалци и лица под супсидијарна заштита, законските права гарантираат пристап до образование, вработување, здравствено осигурување, сместување и социјална заштита, слично како и за граѓаните на Република Македонија.

Имплементацијата на Стратегија за интеграција на бегалци и странци за период 2008-2015 година има остварено значителни резултати во доменот на остварување на основните права во националниот систем на заштита на бегалци. Но повеќе за развојниот аспект и мерките за подобрување на одржливоста на процесот на интеграција, како и мерките за подигање на јавната свест за темите врзани за азил, е предвидено со новата Стратегија за интеграција на бегалци и странци за период 2018-2028 година која се уште не е усвоена.

Дополнително, на годишно ниво Министерството за труд и социјална политика носи Програма за интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Македонија, со која програма врши олеснување на процесот на интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Македонија.

Министерството за труд и социјална политика исто така презеде инцијатива за согледување на сите аспекти поврзани со прифат на ранливите лица бегалци и

мигранти, во насока на подобрување на целиот систем за одговор на хуманитарни потреби во слични ситуации.

Како што беше известено и во претходниот извештај, во насока на обезбедување на бесплатни услуги и информации на работниците – мигранти, во почетокот на 2008 година, во рамките на Агенцијата за вработување и нејзините подрачни служби беа отворени 4 Миграциони сервисни центри, а кои што продолжуваат да функционираат и до денес.
Улогата и функционирањето на Центрите за миграциски услуги, бројот на овие центри, како и бројот на лица што ги користат нивните услуги остануваат исти како и во претходниот извештај.

Во врска со прашањето на Комитетот дали ваквите бесплатни услуги и информации на Центрите за миграциски услуги им се достапни на странските мигранти и на мигрантите кои се враќаат[48], информираме дека сите услуги кои ги нуди/обезбедува Агенцијата за вработување на Република Македонија преку Центрите за миграциски услуги: информации за условите за работа во други држави, можностите и начин за вработување, надлежни институции за регулирање на престој, за вработување итн., се достапни како за државјани на РМ, така и за странски мигранти и мигранти кои се враќаат.

Во однос на барањето на Европскиот комитет за социјални права за обновени информации за преземените активности на Народниот правобранител (Омбудсманот) во врска со дискриминацијата и лажната пропаганда поврзана со емиграцијата и имиграцијата[49], информираме дека Народниот правобранител како Национална институција за човекови права, во рамки на својот мандат и надлежности континуирано го следи степенот на почитување и остварување на правата на мигрантите и бегалците во Македонија и презема бројни активности за промоција и заштита на нивните права.

Народниот правобранител, како Национален превентивен механизам, исто така, посвети особено внимание и на превенцијата од тортура и друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување спрема мигрантите и бегалците во местата на лишување од слобода и задржување, односно сместување, спроведувајќи над 70 превентивни посети во периодот од 2014-2017 година.

Комплексноста на материјата која што се однесува на меѓународната миграција, а особено актуелната бегалска криза, влијаеше врз дополнително зајакнување на соработката меѓу омбудсман институциите на регионално и континентално ниво, изразена преку одржување на заеднички средби на кои беа усвоени и декларации што имаат за цел координирање на активностите во борбата против дискриминацијата и растечката ксенофобија против мигрантите и бегалците, како и афирмирање на обврските за заштита на човековите слободи и права на оваа ранлива категорија на луѓе.

---

48 Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 35.

49 Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 36.

Дел од преземените активности, фактографски претставени по години за референтниот период (2014 – 2017) опфаќат:

**<u>за 2014 година</u>**

- Извршени се 4 посети на полициски станици за гранична контрола и граничен надзор, како и 2 посети на Прифатниот центар за странци во Гази Баба, за што соодветно се изготвени посебни извештаи од страна на тимот на Националниот превентивен механизам (НПМ), со конкретни препораки до надлежните власти. Информациите за констатираните состојби се содржани во Годишниот извештај на Народниот правобранител - како Национален превентивен механизам (НП-НПМ) за 2014 година, кој што беше јавно презентиран и е достапен на web-страната на Народниот правобранител;
- Во однос на дискриминацијата по етничка основа, беа поднесени поголем број на претставки од граѓани припадници на ромската и на албанската заедница кои беа враќани од граничните премини. Постапувајќи по овие предмети, а во функција на доследна примена на прописите, Народниот правобранител до Министерството за внатрешни работи и до Владата на Република Македонија достави Посебна информација во која посочи на задолжителноста од примена на домашните и меѓународните стандарди во однос на гарантирањето на правото на слободно движење и забраната од каква било дискриминација по кој било основ, со заложба за надградба на легислативата која ќе оневозможи арбитрарно донесување на одлуки со усна забрана за патување, а ќе се обезбеди поголема правна сигурност на граѓаните во заштита на нивните права.

**<u>за 2015 година</u>**

- Извршени се повеќе посети во местата на задржување, односно сместување и прифаќање на мигрантите/бегалците (Прифатните транзитни центри за мигранти (ПТЦ) „Винојуг“ и „Табановце“, Прифатниот центар за баратели на азил, Прифатниот центар за странци), при што дел од посетите беа реализирани во придружба на странски омбудсман институции и меѓународни организации;
- Поради лошиот третман во Прифатниот центар за странци во Гази Баба – Скопје, огромниот прилив на бегалци и негативните искуства од копнените рути (железнички несреќи, недостаток на санитарни услови, итн.), Народниот правобранител заедно со повеќе домашни и меѓународни организации за човекови права, побараа измени на Законот за азил и привремена заштита во Македонија;
- Одржана е прес-конференција на која се изнесени согледувањата за констатираните негативни состојби во Прифатниот центар за странци – Гази Баба, за што соодветно е доставена Информација и до Министерот за внатрешни работи;
- Изготвен е Посебен извештај за состојбата на бегалците/мигрантите во Република Македонија, доставен до Владата на РМ, надлежните министерства, органи и меѓународните организации;
- Упатена препорака до Владата на Република Македонија и до транспортното претпријатие – Македонски железници, со која се побара намалување на

цената на билетите што им се наплаќаат на мигрантите/бегалците. Ова следеше по утврдување на фактот дека нема категоризација на цената на билетите за железнички транспорт и дека цената што ја плаќаат мигрантите/бегалците е повисока од онаа што ја плаќаат македонските граѓани, со што неоправдано и дискриминаторски беа ставени во нееднаква положба;
- Упатена јавна осуда за дискриминаторската одлука да се врши селекција на бегалците/мигрантите според национална основа и на депортацијата на таканаречените економски мигранти (оние што не доаѓаат од териториите на Сирија, Ирак или Авганистан) на територијата на Република Грција, без можност да започнат постапка за признавање на правото на азил или привремен престој.

**<u>за 2016 година</u>**

- Склучен Меморандум за соработка со Канцеларијата на високиот комесаријат за бегалци на ОН (УНХЦР) и практична имплементација на проектот „Подобрување на системот на правна заштита во врска со азил";
- Континуиран и засилен мониторинг на степенот на остварување на правата и третманот на мигрантите/бегалците и барателите на азил, преку извршени над 35 посети од страна на Народниот правобранител - Национален превентивен механизам (НП-НПМ) на местата каде што се врши привремено прифаќање и задржување на мигрантите/бегалците и барателите на азил;
- Изготвени 10 Посебни извештаи со конкретни препораки, доставени до Владата на Република Македонија, надлежните министерства и органи;
- Направено испитување и изготвена информација за психичката состојба на мигрантите/бегалците сместени во Привремените транзитни центри, во соработка со претставници на Здружението на психијатри и Комората на психолози;
- Изготвена Иницијатива со конкретен Предлог-закон за измени на Законот за азил и привремена заштита, заедно со повеќе невладини организации;
- Организирани се две меѓународни конференции, од кои едната за пристапот до постапката за азил и формалното/неформалното враќање на мигрантите и бегалците, а другата за степенот на остварување на правата на децата бегалци;
- Изготвени информативни брошури за правата на бегалците и барателите на азил;
- Како резултат на се повеќе растечката ксенофобија и говор на омраза, беа изготвени информативни флаери наменети за домицилното население, со цел сензибилизирање на истото и запознавање со ситуацијата во којашто се наоѓаат мигрантите/бегалците како особено ранлива категорија на луѓе;
- Поставени банери на сите места каде што се врши прифаќање, сместување и задржување на мигранти/бегалци и баратели на азил, со информации за мандатот и надлежностите на Народниот правобранител - Национален превентивен механизам (НП-НПМ);
- Отворени повеќе индивидуални случаи за повреда на правата на мигрантите/бегалците сместени во Прифатните транзитни центри и Прифатниот центар за странци;

- Зајакната соработка со домашните невладини и меѓународни организации преку склучување на меморандум за соработка и вклучување на нивни претставници во посетите на НПМ;
- Пуштени повеќе соопштенија до медиумите заради информирање на јавноста за состојбата и степенот на (не)почитување на правата на мигрантите/бегалците и барателите на азил.

**за 2017 година**

- Извршени вкупно 30 посети од НП-НПМ на местата каде што се врши привремено прифаќање и задржување на мигрантите/бегалците и барателите на азил, од кои еден дел се реализирани во придружба на претставници од странски омбудсман институции и меѓународни организации;
- Посетени се пограничните села Лојане и Ваксинце, како и Полициската станица за граничен надзор „Сопот“, за што соодветно се изготвени извештаи со информации за констатираните состојби;
- Одржан брифинг за новинари заради известување на јавноста за затекнатите состојби во Прифатниот центар за Гази Баба, а особено за обидот да се прикрие задржувањето на повеќе странски државјани надвор од законски предвидените процедури, со цел превенирање на исто или слично незаконито постапување.
- Извршени посети и остварени контакти со лицата затекнати на територијата на Република Македонија од периодот на Косовската мигрантска криза 1998/1999 година, кои долги години наназад се соочуваат со проблеми во стекнување на правото на азил и привремена заштита и остварувањата на правата од областа на образованието, здравствената заштита, социјалната заштита и домувањето.
- Во текот на мај 2017 година, беше организирана работилница на тема „Состојбите со бегалците затекнати во РМ од периодот на Косовската криза“, а во ноември Регионална конференција на тема: „Интеграција на косовските бегалци - трајни решенија и доброволно враќање“. Притоа, беа презентирани заедничките заклучоци кои произлегоа како резултат од работата на сите учесници, а беа предложени и можни решенија за надминување и решавање на дел од проблемите со кои се соочуваат бегалците од Косово. За состојбата на косовските бегалци, Народниот правобранител одржа и прес-конференција, на која укажа надлежните органи да преземат дејства за конечно и трајно решавање на статусот на овие лица, а особено побара да се води сметка за остварување на правата на децата;
- Заедно со невладината организација „Легис“ беше направена теренско и правно истражување за пристапот до права и заштита на лица препознаени како бегалци или мигранти, со фокус на ранливи категории како жени и деца, а со цел да се утврдат системските и правни недостатоци. Резултат на ваквата соработка е и изработката на Документ за јавна политика презентиран во јавноста во ноември 2017 година.

Покрај овие активности, Народниот правобранител и претставници од институцијата, во текот на периодот 2014-2017 год. учествуваа на бројни настани, средби и конференции со претставници на државни, меѓународни и невладини

организации кои имаа за цел адресирање на проблемите со коишто се соочуваат мигрантите и бегалците и изнаоѓање на решенија за нивно надминување.

Јавната осуда на Народниот правобранител за дискриминаторската одлука да се врши селекција на бегалците/мигрантите според национална основа при нивното пропуштање на територијата на Република Македонија кон крајот на 2015 година беше проследена и со Декларација на Асоцијацијата на Омбудсмани на Медитеранот, во којашто покрај другото, се истакнува поддршката кон Народниот правобранител во неговите активности за промоција и заштита на правата на мигрантите и бегалците.

Заради координирање на активностите и подобро справување со мигрантската/бегалската криза, во текот на референтниот период беа организирани и повеќе меѓународни настани на коишто присуствуваше Народниот правобранител, а кои придонесоа за интензивирање на соработката на омбудсман-институциите од Западниот Балкан. Дел од овие настани се конференцијата во Тирана – Р. Албанија, Конференција во Белград – Р. Србија, на којашто е донесена Декларација за заштита и промоција на правата на бегалците и мигрантите, како и конференцијата во Солун –Р. Грција, на којашто беше усвоен Акцискиот план за делување на земјите од регионот.

Народниот правобранител како Национална институција за човекови права и во текот на актуелниот период продолжува со заложбите за промоција и заштита на правата на мигрантите и бегалците, како и борбата против лажната пропаганда поврзана со емиграцијата и имиграцијата.

* * *

Во поглед на барањето информации на Европскиот комитет за социјални права во врска со институциите одговорни за следење и реакција на дискриминаторски инциденти и за борбата против секоја лажна пропаганда поврзана со миграцијата[50], информираме дека согласно Стратегијата за еднаквост и недискриминација 2016-2020 и согласно извештаите на Европската комисија во насока на унапредување на законодавството за поефикасна превенција и заштита од дискриминација, Министерството за труд и социјална политика во 2016 година пристапи кон измена на Законот за спречување и заштита од дискриминација. Новиот текст на Законот е изготвен низ широк транспарентен и консултативен процес со повеќе засегнати страни и усогласен со меѓународните стандарди. Цел на овој закон е обезбедување на принципот на еднаквост и спречување и заштита од дискриминација во остварување на човековите права и слободи. Со овој закон се уредуваат превенцијата и забраната од дискриминација, облиците и видовите на дискриминација, постапките за заштита од дискриминација како и составот и работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Со новиот текст на Законот е се очекува да се обезбеди поефикасна заштита од дискриминација при имплементацијата на законот. Во новиот текст на законот се прошируваат основите за дискриминација, се менува и подобро се дефинира поимникот и дефиницијата за дискриминација, се професионализира комисијата за

[50] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 36.

заштита од дискриминација и се менува називот и надлежноста на комисијата во комисија за спречување и заштита од дискриминација, која ќе треба да работи и на превенцијата освен на заштита. Се доуредуваат надлежностите на комисијата, начинот на избор и условите за избор на членови. Се воведува одредба за користење на нови докази во судските постапки и action popularis. Исто така се предвидува и ослободување од судски трошоци во судските постапки. Законот е во собраниска процедура и се очекува истиот ќе обезбеди поефикасна заштита од дискриминација и реагирање на дискриминаторските инциденти по било која основа.

*　　*　　*

Во однос на барањето на Европскиот комитет за социјални права за обновени информации за преземените активности на Советот на честа на Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) и на другите тела кои ја следат и воедно се борат против ширењето на лажни, дискриминаторски или расистички публикации[51], информираме за следново:

За спроведување на основните принципи на професионалното новинарство, во Македонија се создадени саморегулаторни тела. Советот на честа на Здружението на новинарите на Македонија се грижи за примената на принципите на кодексот од страна на новинарите, додека Жалбената комисија на Советот за етика во медиумите во Македонија (СЕММ) ја следи примената на професионалните стандарди од страна на медиумите. СЕММ како саморегулаторно тело се формира за да се засили механизмот на саморегулација во медиумите и да се заштитат медиумите од сите форми на притисок. Медиумите се попрофесионални и поодговорни кон јавноста ако постои заедничка заложба на новинарите и сопствениците на медиумите да се применуваат доследно принципите на кодексот.

Советот на честа на ЗНМ работи на принципот на разгледување претставки од страна на оштетените граѓани, но доста случаи разгледувал и на сопствена иницијатива, тогаш кога постоело основано сомневање за прекршување на кодексот. За разлика од саморегулаторното тело на ЗНМ, Жалбената комисија на СЕММ работи исклучиво на жалби од страна на граѓаните.

Советот на честа за 15 години постоење има решено околу сто претставки доставени од граѓаните или иницирани по сопствена иницијатива. Во најголем дел од претставките Советот утврдил прекршување на етичкиот кодекс, додека дваесет проценти од нив ги отфрлил како неосновани или се прогласил за ненадлежен. Бројот на одбиените претставки потврдува дека Советот ги толкува одредбите на кодексот на либерален начин, давајќи предност на принципот на слобода на изразување. Во услови кога саморегулаторното тело на ЗНМ забележало тенденција на тешки прекршувања на кодексот на новинарите во повеќе медиуми, реагирало со генерални соопштенија, без да спомнува имиња на медиуми или новинари. Во тие реакции Советот принципиелно ги осудува овие тешки прекршувања на кодексот и ги повикува новинарите на одговорност. Оваа форма на реагирање Советот на честа ја применува особено по 2010 година, кога со новиот статут е оневозможена да решава претставки за работата на новинарите што не се членови на ЗНМ.

---

[51] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 37.

Анализирајќи ја работата на Советот на честа во овој 15-годишен период, може да се извлече заклучок дека степенот на кршење на професионалните стандарди од медиумите е поврзан со политичките процеси во земјата. Деградацијата на македонското новинарство оди паралелно со појавата на политичката криза во 2008 година и нејзината ескалација по 2012 година. Како што се заострува политичката битка меѓу владејачките партии и опозицијата, медиумите постојано ги напуштаат принципите на професионалното новинарство и стануваат дел во бескомпромисна политичка пресметка за власт. Со тоа највлијателните медиуми целосно се претворат во пропаганда машинерија на власта. Место да служат на јавниот интерес, тие се поклонуваат на политичките и економските интереси на партиите и сопствениците на медиумите.

Во однос на барањето на Комитетот на целосни и тековни информации за мерките кои се преземаат за третирање на нелегалната имиграција, а посебно за трговијата со луѓе[52], информираме дека во текот на 2016 година Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Мисијата на ОБСЕ, реализираше 2 обуки за 60 стручни лица: социјални работници од Центрите за социјална работа, социјални работници волонтери од камповите, т.е. Прифатните транзитни центри за мигранти „Винојуг“ и „Табановце“, како и од Прифатниот центар за лица баратели на азил. Во рамки на овие обуки покрај теоретската обука, беше организирана и теренска обука за практична примена на Индикаторите за идентификација на жртви на трговија со луѓе, односно стручните работници ги посетија наведените кампови и разговараа со жени-бегалци во насока на профилирање на жртвите на трговија со луѓе помеѓу бегалците. Исто така во рамки на обуките организирани од Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција со поддршка на Меѓународната организација за миграција, Министерството за труд и социјална политика одржа едукативни сесии за примена на Стандардни оперативни процедури (СОП) за идентификација на непридружувани деца–странци и ранливи категории на лица-странци, како и за Општите индикатори за првична идентификација на претпоставени жртви на трговија со луѓе, во контекст на мешани миграциски движења. На овие обуки учество земаа претставници на полицијата, граничната полиција, како и на здруженија на граѓани даватели на помош и поддршка во камповите.
Мобилните тимови кои се формирани во Куманово и Гевгелија, според Програмата за работа во текот на теренската работа, имаат обврска да се фокусираат на идентификација на жртви на трговија со луѓе, имајќи ја во предвид родовата еднаквост и еднаквиот пристап, без оглед дали се деца, жени или мажи, помеѓу ранливи категории како што се: жртви на родово базирано насилство, со акцент на жртви на сексуално насилство, жртви на семејно насилство, жртви на трговија со луѓе меѓу мигрантите и бегалците и други ранливи категории.

52 Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 37.

**Член 19§5**
Со цел да се обезбеди ефикасно остварување на правото на работниците мигранти и на нивните семејства на заштита и помош на територијата на секоја друга страна-договорничка, страните-договорнички се обврзуваат да им обезбедат на таквите работници, кои легално престојуваат на нивната територија не полош третман од оној на нивните државјани во однос на даноците, таксите и придонесите кои се плаќаат за вработените лица.

Во Република Македонија, општото даночно право, постапките на утврдување, контрола и наплата на даноците како и правата и обврските на даночните обврзници се уредени во Законот за даночната постапка, додека во посебните даночни закони т.е., Законот за персонален данок на доход, Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, Законот за комунални такси и Законот за административни такси, се уредени сите прашања поврзани со конкретниот данок, односно прашањата во врска со тоа кој претставува обврзник за плаќање на данокот, на која основа и по која стапка се пресметува и плаќа данокот и други прашања поврзани со соодветниот данок.

Во извештајниот период не се направени измени на законската рамка на овие закони во поглед на овој став.

Во однос на конкретното прашање на Европскиот комитет за социјални права околу тоа кои видови придонеси се плаќаат при вработување и дали работниците-мигранти кои легално престојуваат на територијата на Република Македонија добиваат еднаков третман во овој поглед со работниците државјани на Република Македонија[53], информираме дека Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ги пропишува следните придонеси: пензиско и инвалидско осигурување врз основа на тековна исплата; задолжително капитално финансирано пензиско осигурување; стаж на осигурување кој се смета со зголемено траење; здравствено осигурување и осигурување во случај на невработеност.

Во член 7 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, се пропишани обврзниците кои се задолжени да плаќаат придонеси за задолжително пензиско и инвалидско осигурување.

Обврзник за плаќање на придонеси е осигуреникот во чие име и за чија сметка се плаќаат придонесите, а обврзник за пресметка и уплата на придонесите е работодавач, самовработено лице, индивидуален земјоделец, верско службено лице, државна институција, орган или организатор кој има обврска на товар и за сметка на обврзникот за плаќање на придонеси да ги пресмета, задржи и уплати придонесите.

Следствено, стапките по кои се пресметуваат и плаќаат придонесите се следниве: 18% за задолжително пензиско и инвалидско осигурување; 4% стапка на придонес за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа

[53] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 38.

или професионална болест; 7.3% за задолжително здравствено осигурување; 13% за задолжително здравствено осигурување за обврзникот корисник на домашна и/или странска пензија кој придонесот го плаќа на износот на пензијата; 0.5% стапка на дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување и 1.2% за задолжителен придонес за осигурување во случај на невработеност.

Како што беше наведено и во претходниот извештај, информираме дека законите од даночната област односно Законот за даночна постапка, Законот за персонален данок на доход, Законот за комунални такси, Законот за административни такси, вклучувајќи го и Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, не прават дистинкција по однос на правата и обврските кои ги регулираат самите, а важат и подеднакво се применуваат како за работниците државјани на Република Македонија, така и за работниците-мигранти кои легално престојуваат и работат на територијата на Република Македонија.

**Член 19§6**
Со цел да се обезбеди ефикасно остварување на правото на работниците мигранти и на нивните семејства на заштита и помош на територијата на секоја друга страна-договорничка, страните-договорнички се обврзуваат да го олеснат, колку е тоа можно, повторното обединување на семејството на работникот мигрант на кој му е дозволено да престојува на таа територија.

Во насока на усогласување со европското aquis и хармонизација на македонското законодавство во оваа област, информираме дека е донесен **нов Закон за странци** (објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.97/2018 од 28.5.2018 год.) кој ќе започне да се применува по една година. Со денот на започнување на примената на новиот закон ќе престане да важи досегашниот Закон за странците кој беше донесен во 2006 година. Законот ги уредува условите за влез, напуштање и престој на странците во Република Македонија, како и нивните права и должности, вклучувајќи го и прашањето за повторното обединување на семејството на работникот мигрант кој легално престојува на територијата на РМ.

Одговорите на прашањата на Комитетот поврзани со повторното обединување на семејството на работникот мигрант кој легално престојува на територија на РМ  се дадени согласно постоечката законска регулатива во Република Македонија, односно согласно Законот за странци (од 2006 година) кој го регулира оваа прашање.

Во врска со прашањето на Комитетот околу тоа дали на барателите работници-мигранти или нивните семејства им се наметнуваат критериуми за изучување на јазикот со цел да се реализира правото на семејно обединување[54], информираме дека за покренување постапката за семејно обединување, Законот за меѓународна и привремена заштита не предвидува условување со изучување на јазикот, но во понатамошна постапка зависно од фазата и основата за регулирање на престојот, на пример за добивање на македонско државјанство, можно е барање за познавање на македонскиот јазик.

Што се однесува до прашањето на Комитетот дали во Република Македонија се применува барањето за висината на средствата, и доколку се применува, кои се критериумите и како истиот се пресметува[55], информираме дека согласно постоечката законска регулатива во Република Македонија односно согласно Законот за странци кој го регулира прашањето на семејното обединување во член 71, Дозвола за привремен престој врз основа на семејно обединување односно право на семејно обединување е дозволено: „на странец кој во Република Македонија има дозвола за постојан престој или дозвола за привремен престој издадена заради работа или на странец кој е по потекло од Република Македонија и која е издадена за период од една година, под услови и во согласност со овој закон, му се признава право на семејно обединување со члeновите на неговото потесно семејство кои се странци".

---

54 Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 39.

55 Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 39.

Членовите на потесното семејство на странецот на кои им е издадена дозвола за привремен престој во Република Македонија имаат право на образование, професионално усовршување, вработување и самостојно вработување, под условите утврдени со закон. Барање за издавање на дозвола за привремен престој на членовите на неговото потесно семејство може да поднесе и странецот кој има дозвола за престој во Република Македонија, кој барањето може да го поднесе до Министерството за внатрешни работи.

Со барањето странецот е должен да достави докази за:

- својот законски престој во Република Македонија;
- семејните врски;
- стабилни и редовни извори кои се доволни за негово издржување и за издржување на членовите на неговото потесното семејство кои имаат намера да престојуваат во Република Македонија;
- обезбедено сместување за членовите на потесното семејство;
- лично здравствено осигурување, како и здравствено осигурување за членовите на потесното семејство; и
- заверени копии од нивните патни исправи.

Во однос на барањето на обновени информации од страна на Комитетот околу тоа дали членовите на семејството на работникот-мигрант имаат независно право да престојуваат на територијата на државата каде што престојуваат односно дали ќе им биде издадена дозвола за престој независно од покровителот[56], информираме дека со член 75 од Законот за странци е регулирано прашањето на времетраење на престојот на членовите на потесното семејство на странец:

„На членовите на потесното семејство на странецот кој има дозвола за привремен престој во Република Македонија им се издава дозвола за привремен престој за период до една година, со можност истата да се продолжува за ист временски период како и дозволата за привремен престој на странецот.

На членовите на потесното семејство на странецот кој има дозвола за постојан престој им се издава дозвола за привремен престој за период до една година со можност, под услови утврдени со овој закон, истата да се продолжува до стекнување на услови за постојан престој.

Дозволата, покрај причините утврдени во членот 57 став 2 на овој закон, нема да се продолжи и ако се утврди дека:

- странецот и членовите на неговото потесно семејство не живеат во вистинска брачна или семејна заедница и
- постојат основи за сомневање дека бракот со странецот кој има дозвола за престој во Република Македонија, односно посвојувањето или старателството над малолетните деца е склучено по договор.

Министерството за внатрешни работи може да ја продолжува дозволата за привремен престој на лицата и во случај кога странецот починал или брачната заедница престанала, а која во Република Македонија траела најмалку три години, како и во случај кога тоа го наметнуваат особено тешки околности.“

[56] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 40.

**Член 19§8**
Со цел да се обезбеди ефикасно остварување на правото на работниците мигранти и на нивните семејства на заштита и помош на територијата на секоја друга страна-договорничка, страните-договорнички се обврзуваат да осигураат дека работниците кои легално престојуваат на нивната територија дека не може да бидат протерани, освен доколку ја загрозат националната безбедност или ако го повредат јавниот ред или моралот.

Во насока на усогласување на националното законодавство со европското aquis во оваа област, информираме дека е донесен **нов Закон за странци** („Службен весник на Република Македонија", бр. 97/2018) кој ќе започне да се применува по една година. Со денот на започнување на примената на новиот закон ќе престане да важи досегашниот Закон за странците кој беше донесен во 2006 година. Законот ги уредува условите за влез, напуштање и престој на странците во Република Македонија, како и нивните права и должности, вклучувајќи го и прашањето за протерување на работникот мигрант кој легално престојува на територијата на РМ.

Одговорите на прашањата на Комитетот поврзани со протерувањето на работникот мигрант кој легално престојува на територија на РМ се дадени согласно постоечката законска регулатива во Република Македонија, односно согласно Законот за странци кој го регулира оваа прашање.

Во врска со прашањето на Комитетот околу тоа дали при депортирање на странец од територијата на Република Македонија се земаат во предвид сите аспекти на однесувањето на лице кое не е жител, како и околностите и времетраењето на неговото/нејзиното престојување на територијата на државата при утврдување дали мигрантот треба да биде истеран, дали истерувањето е автоматска последица на затворска казна која е подолга од една година и врз основа на кои критериуми се утврдува дека странецот претставува закана за јавниот ред[57], информираме за следново:

Како што е и претходно наведено во Извештајот, член 101 од Законот за странци, го регулира делот на протерување и тоа:

„Причини за протерување

*Член 101*

Странецот може да биде протеран од Република Македонија, ако:

- со правосилна пресуда е осуден на казна затвор во траење од најмалку една година;
- претставува сериозна опасност за јавниот ред, националната безбедност или меѓународните односи на Република Македонија;
- постојат сериозни причини да се смета дека сторил тешки кривични дела, а особено кривични дела поврзани со производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори или постојат цврсти

[57] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 41.

докази за неговата намера да изврши такви кривични дела на територијата на Република Македонија;
- тоа го бараат причините на заштита на јавното здравје;
- незаконито престојува во Република Македонија; или
- изврши повеќепати повторени или потешки повреди на одредбите од овој закон.

Одредбата од ставот 1 алинеја 4 на овој член нема да се применува ако болеста на странецот што претставува опасност за јавното здравје се појавила по истекот на три месеца од денот кога странецот влегол во Република Македонија.

При одлучување за протерување на странецот од Република Македонија се земаат предвид должината на престојот на странецот во Република Македонија, неговите лични, економски и други врски со Република Македонија и последиците што ќе произлезат од изречената мерка за него или за член на неговото потесно семејство кој законски престојува во Република Македонија.

Одредбите од ставовите 1, 2 и 3 на овој член не се применуваат на странец кој бара заштита од Република Македонија согласно со Законот за азил и привремена заштита."

Понатаму, Законот утврдува:

„Надлежност за донесување на решение

*Член 103*

Министерството за внатрешни работи донесува решение за протерување на странецот од Република Македонија во рок од 30 дена.

Со решението од ставот 1 на овој член се определува и рокот во кој странецот е должен да ја напушти територијата на Република Македонија, како и времето за кое му е забрането повторно влегување во Република Македонија, што не може да биде пократко од шест месеца ниту подолго од пет години.

При определување на рокот во кој странецот е должен да ја напушти територијата на Република Македонија се зема предвид времето кое е потребно странецот да ги обезбеди потребните документи или финансиските средства за напуштање на Република Македонија.

Во случај кога странецот се протерува од причини на национална безбедност, надлежниот орган не е должен да ги образложи причините од кои се раководел при донесувањето на таквото решение.

Со решението од ставот 1 на овој член странецот се известува дека ако доброволно не ја напушти територијата на Република Македонија во определениот рок, присилно ќе се отстрани од Република Македонија.

Против решението од ставот 1 на овој член, странецот има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен."

Во однос на барањето на Комитетот (ECSR) за детални информации околу жалбените постапки, доколку ги има, преку гои работниците-мигарнти и нивните семејства можат да ги обжалат одлуките да се поништат нивните дозволи и/или истите да бидат истерани[58] известуваме за следново:

Како што беше наведено и погоре во текстот:

„Против решението од ставот 1 на овој член, странецот има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Жалбата на решението на странецот кој незаконито престојувал во Република Македонија, кој престојувал во Република Македонија до три месеца или врз основа на дозвола за привремен престој помалку од две години, не го одлага извршувањето.

Одредбата од ставот 7 на овој член не се однесува на странец кој има деца кои законски престојуваат на територијата на Република Македонија и кои живеат во заедничко семејно домаќинство со странецот.

Решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ќе се донесе во рок од 15 дена од денот на поднесување на жалбата.

Против решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен може да се поведе управен спор пред надлежен суд, согласно со Законот за управните спорови.

Протерувањето, рокот во кој странецот е должен да ја напушти територијата на Република Македонија, како и времето за кое на странецот му е забрането повторно влегување во Република Македонија се запишуваат во патната исправа на странецот.“

---

[58] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 41.

**ЧЛЕН 27 – Право на работниците со семејни обврски на еднакви можности и еднаков третман**

| **Член 27§3** |
| --- |
| Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на еднакви можности и третман за мажите и жените работници кои имаат семејни обврски и помеѓу таквите работници и другите работници, страните-договорнички се обврзуваат да осигурат дека семејните обврски како такви не претставуваат оправдана причина за престанок на работниот однос. |

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 129/15 се менува износот на глобите и за непочитување на членот 25 од Законот за работните односи, според кој работодавачот при склучувањето на договорот за вработување не смее да бара податоци за семејниот, односно брачниот статус и планирање на семејството, односно доставување на други исправи и докази кои не се во непосредна врска со работниот однос. Ваквата забрана вклучува и забрана за барање на тест за бременост или потврда за таков тест при склучување на договор за вработување со работничка, без оглед на работното место за кое се заснова работниот однос.

Така, согласно член 265, глоба во износ од 3,000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач-правно лице ако при склучување на договор за вработување постапи спротивно на член 25. За истиот прекршок, на одговорното лице во правното лице, ќе му се изрече глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, додека пак глоба во износ од 300 до 450 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на работодавач-физичко лице.

Глобите за непочитување на членот 101, се споменати во одговорот на ставот 8§2 на овој Извештај.

Во врска со прашањето на Комитетот за тоа дали законските прописи се во согласност со наведените стандарди во однос на надоместокот за парична и непарична оштета и дали постои највисок износ за надоместокот кој се доделува во случаи на незаконски прекинувања на вработувањето поради семејни обврски[59], информираме дека во постојната законска регулатива не е предвиден поинаков третман помеѓу лицата на коишто незаконски им престанал работниот однос, вклучувајќи го и основот поради семејни обврски и оттаму не е предвиден поинаков износ на надоместокот за ваквите случаи.

[59] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XX-4 (2015), Република Македонија, членови 7, 8, 16, 17, 19 и 27 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2016), стр. 42.